Иван АНАСТАСОВСКИ Лазар НАНЕВ
Гордана ЛАЖЕТИЌ
Ана ФРИЦХАНД Фатиме ФЕТАИ

# СПОРТ, ИДЕНТИТЕТ И ГЛОБАЛИЗАЦИЈА

(Теорија & Емпирија)

2022

**Издавач:**

Геостратешки Институт ГЛОБАЛ, Скопје

**Уредник и техничка изработка на публикацијата:**

Проф. д-р Иван АНАСТАСОВСКИ

**Лектор:**

Слаѓана АНГЕЛОВА

**Автори:**

Иван АНАСТАСОВСКИ, Лазар НАНЕВ, Гордана ЛАЖЕТИЌ, Ана ФРИЦХАНД, Фатиме ФЕТАИ

**Рецензенти:**

Проф. д-р Никола ТУПАНЧЕСКИ, Министер за правда
*Редовен професор на Правен факултет Јустинијан Први, Скопје, Универзитет Св. Кирил и Методиј*

Проф. д-р Ленче АЛЕКСОВСКА ВЕЛИЧКОВСКА, Декан
*Редовен професор на Факултет за физичко образование, спорт и здравје, Универзитет Св. Кирил и Методиј, Скопје*

**Печати:**

Печатница ЕВРОПА 92, Кочани

**Тираж:**

200 примероци

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје
796:316.47
796:304-027.511
796(497.7)

СПОРТ, идентитет и глобализација : (теорија & емпирија) / Иван Анастасовски, Лазар Нанев, Гордана Лажетиќ, Ана Фрицханд, Фатиме Фетаи.
- Скопје : Геостратешки институт Глобал, 2022. - 186 стр. : табели ; 25 см
Фусноти кон текстот. - Библиографија: стр. 179-186
ISBN 978-608-65474-5-5
1. Анастасовски, Иван [автор] 2. Нанев, Лазар [автор] 3. Лажетиќ, Гордана [автор] 4. Фрицханд, Ана [автор] 5. Фетаи, Фатиме [автор]
а) Спорт -- Идентитет б) Спорт -- Глобализација в) Спорт -- Македонија
COBISS.MK-ID 58281733

# Спорт, Идентитет и Глобализација

**С О Д Р Ж И Н А**

Главна Тема 1.

**ТЕОРИСКА ПОЗАДИНА НА ПОИМИТЕ (Теорија) 15**

**1. ПОИМ ЗА СПОРТОТ 15**
**2. ПОИМ ЗА НАЦИЈА – НАЦИОНАЛНА ДРЖАВА 20**
**3. ПОИМ ЗА ИДЕНТИТЕТ 26**
**4. ПОИМ ЗА НАЦИОНАЛЕН ИДЕНТИТЕТ 31**
**5. ПОИМ ЗА СПОРТСКИ ИДЕНТИТЕТ 34**

**А. Зошто е важно да се испита спортскиот идентитет по кариерата? 35**
**Б. Што можам да направам за да ги зголемам позитивните ефекти од промената? Идентитет при напуштање на спортот? 36**

**6. ГЛОБАЛИЗАЦИЈА И СПОРТ 42**

6.1. ПРЕДНОСТИ И НЕДОСТАОЦИ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА 46
6.2. ПРОЦЕС НА ГЛОКАЛИЗАЦИЈА 55
6.3. ТЕКОТ НА СОЛИДАРНИТЕ ПЛАЌАЊА 57

Главна Тема 2

**ОПШТЕСТВЕНИТЕ ЦЕЛИ И ПРИОРИТЕТИ ЗА РАЗВОЈ НА СПОРТОТ 63**

**1.ИНТЕРВЕНЦИЈА ВО ЛЕГИСЛАТИВИТЕ КОИ ЈА ДОПИРААТ ДЕЈНОСТА СПОРТ 65**
**2.ПОТТИКНУВАЊЕ И ПОДДРШКА НА**

**ПРОГРАМИТЕ НА НАЦИОНАЛНИТЕ СПОРТСКИ ФЕДЕРАЦИИ И СПОРТСКИ КЛУБОВИ** **67**
**3. УНАПРЕДУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИОТ И УНИВЕРЗИТЕТСКИОТ СПОРТ** **69**
**4. ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА НА СПОРТОТ** **71**
**5. ГРАДЕЊЕ НА ИНФОРМАТИЧКА СПОРТСКА МРЕЖА** **80**
**6. ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ ВО СПОРТОТ** **84**

6.1. СПОРТСКО ТВОРЕШТВО И СПОРТСКИ ДОСТИГНУВАЊА 85
*А. СПОРТСКО ТВОРЕШТВО* *87*
*Б. СПОРТСКИ ДОСТИГНУВАЊА* *88*

**7. ПОЛОЖБАТА НА СПОРТОТ ВО МЕДИУМИТЕ** **91**
**8. УНАПРЕДУВАЊЕ НА СПОРТОТ ЗА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ** **93**

8.1. КАКО ДА СЕ СОЗДАДАТ ПОДОБРИ УСЛОВИ ЗА СПОРТУВАЊЕ И ФИЗИЧКА АКТИВНОСТ ЗА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ 95

**А. Европски политики и видови на адаптивни спортови или Параспорт, Останете активни додека живеете со попреченост** **97**
**Б. Примери на водење евиденција за спорт и физичка активност на лицата со попреченост на ниво на Европска Унија** **99**
**В. Национални политики во Европската Унија** **101**
**Г. Состојбата во Македонија со спортот и физичката активност на лицата со попреченост** **101**

**Д. Примери за до сегашна активност на лицата со попреченост во проекти од спортски каракатер** **103**
**Ѓ. Препораки до државата за лицата со попреченост и нивна влученост во општествениот живот** **105**

**9. ИНСТИТУЦИОНАЛИЗИРАЊЕ НА СПОРТСКАТА ДИПЛОМАТИЈА И СПОРТСКИ АМБАСАДОРИ** **108**

9.1. СПОРТСКА ДИПЛОМАТИЈА 108
9.2. СПОРТСКИ АМБАСАДОРИ 112

Главна Тема 3
**ОПШТЕСТВЕНИ АСПЕКТИ НА СПОРТОТ** **115**

**1. ОПШТЕСТВЕНО ГЛЕДАЊЕ НА СПОРТОТ** **118**
**2. ОПШТЕСТВЕНО ЗНАЧЕЊЕ НА СПОРТОТ** **120**
**3. ОПШТЕСТВЕНА ПОЛОЖБА НА ГРУПИТЕ И ПОЕДИНЕЦОТ ВО СПОРТОТ** **126**

Главна Тема 4
**ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈА ЗА СПОРТ ЗА ПОГОЛЕМА ПРОФЕСИОНАЛНОСТ** **133**

**1. КРАТКА АНАЛИЗА НА СОСТОЈБИТЕ** **133**
**2. СОСТОЈБИ ВО ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ КОИ СЕ ПОВРЗАНИ СО СПОРТОТ** **135**

2.1. НЕКОЛКУ ПРИМЕРИ НА СТРАТЕГИИ НАСОЧЕНИ КОН ПОДОБРУВАЊЕ НА СПОРТОТ 136

**3.ПРОФЕСИОНАЛНОСТ ВО СПОРТОТ 138**

Главна Тема 5
**СПОРТСКИ ОРГАНИЗАЦИИ 141**

**А. Локални спортски организации (ЛСО) 145**
**Б. Национални спортски организации (НСО) 145**
**В. Меѓународни спортски федерации (ISF или IF) 146**
**Г. Мулти-спортска организација (МСО) 146**

Главна Тема 6
**НАУЧНА И ОПШТЕСТВЕНА ОПРАВДАНОСТ НА ИСТРАЖУВАЊАТА ВО СПОРТОТ 151**

Главна Тема 7
**ИСТРАЖУВАЊЕ ПОВРЗАНО СО СПОРТОТ И ИДЕНТИТЕТОТ (Емпирија) 155**

**А. Мерни инструменти и учесници во истражувањето 158**
**Б. Анализа на добиените резултати од истражувањето 160**
1. Анализа на добиенти резултати врз основа на идентитетот на државните репрезентации 160
2. Анализа на добиените резултати врз основа на идентитетот на етничката припадност (националност) 167
3. Анализа на добиените резултати врз основа на идентитетот според политичка припадност 171
4. Анализа на добиените резултати врз основа на идентитетот според религиска припадност (вероисповед) 172

**Библиографија: 179**

# П Р Е Д Г О В О Р

Оваа книга е производ на долгогодишно теориско и емпириско искуство во доменот на спортот, глобализацијата и идентитетот, како и во градењето на националниот идентитет преку спортот. Една од нејзините главни цели е спроведување на национално истражување за да се утврди нивото на разбирање на групниот идентитет кај граѓаните и да се испита влијанието на успесите на државните репрезентации на во нашата држава врз јакнењето и промоцијата на националниот идентитет. Дополнително, проценета е релативната важност на поддршката на наведените спортски тимови во однос на регионалните и религиските идентитети, кои се исто така изразени во нашата држава, како составен дел на националниот идентитет. Поради ова, испитани се четири групни идентитети, поточно идентитетот на државните репрезентации, регионалниот, религискиот и националниот идентитет. Ова книга вклучува и задачи со кои се предвидуваат појавувањата на разликите во утврдување на соодветните идентитети (национални селекции, национално, регионално и религиски) преку различни демографски карактеристики на испитаниците (возраст, пол, образование и социјален статус), а ги испитува и потенцијалните разлики во индиректните трошоци во спортот меѓу поединци кои се изјасниле дека се приврзани т.е. се идентификуваат само со една од државните репрезентации.

Во оваа книга најпрво се анализирани аспектите на општествената моќ која ја има спортот преку одредени историски компоненти на неговиот развој. Понатаму, се посветува значајно

внимание на комерцијалниот аспект на спортот и корупцијата во спротот, а се прави и анализа на правно-спортскиот систем во нашата држава. Во книгата, меѓу другото, се зборува за теоријата на глобализација генерално, па оттаму и за глобализацијата на спротот поединечно – тема која се уште слабо доминира во академските дискусии што ја опкружуваат глобалната експанзија на македонскиот спорт, особено на фудбалот. Македонскиот фудбал во минатото беше силно поврзуван со националноста и стана медиумски феномен во земјата. Пример за тоа како професионалците од академската сфера се обидуваат да го објаснат присуството на македонскиот фудбал во нашата македонската култура, е преку тврдењето дека спорт – фудбал е производ на глобализацијата. Неспорно е дека спортот од самото негово настанување па сѐ до ден денес се одвива врз основа на одредени, однапред утврдени правила, без кои спортското натпреварување не би имало никаква смисла за сопствениот опстанок и развој. Тоа што спортот се разликува од одредени стихиски физички активности на луѓето, што го прави општествено прифатлива дејност, е одреденото ниво на правната уреденост на спортските односи кои овозможуваат остварување и зачувување на основните вредности врз кои спортот се заснова, а кои се претставени преку основните начела на коректна и фер игра и слободно натпреварување. Како и другите институции и ошптествени сфери, така и спортот при своето формирање го афирмирал својот идентитет и ги дефинирал своите граници.

Книгата, исто така, цели кон тоа да ја дефинира улогата на државната и локалната власт во делот на општествено-правните односи за спортот во нашата држава. Факт е дека во нашата држава постои сериозна дилема за тоа која е улогата на државната, односно на локалната власт во развојот на спортот. Од таа причина, во книгата се анализираат актуелните државни и локални институции и нивните надлежности во делот на спортот и спортските организации, нивната функционалност, како и нивната можност за подобрување на спортот, и негово институционално организирање. Важно е да се напомене дека улогата на државната и локаната власт, е да го овозможи и поддржи остварувањето на социјалните функции на спортот (Đurđević, 2007), што е возможно само ако спортскиот систем функционира, а спортските активности се организираат и се спроведуваат по однапред пропишани правила кои уживаат заштита од страна на државата.

Правниот систем на државите од почетокот на 21 век го препознаваат и прифаќаат спортското право и спортските прописи кои ја прават и прифаќаат општествена реалност. Содржината на постоечките прописи што ја уредуваат материјата спорт, всушност покажува дека државата по пат на правно регулирање на спортот и спортските активности се обидува да ги заштити вредностите кои спортот ги нуди и ги промовира. Во рамка на овој голем систем (устав, закон и акти) кој се однесува на спортот и неговата правна сфера, постојат одредени подсистеми, каде спортските организации самостојно ги регулираат односите и имаат одговорна автономија на управување.

Главна Тема 1.

# ТЕОРИСКА ПОЗАДИНА НА ПОИМИТЕ (Теорија)

## 1. ПОИМ ЗА СПОРТОТ

Артефактите и скулптурите сведочат за постоењето на спортот во Кина уште пред 2.000 п.н.е.. Постојат индикации дека гимнастиката била популарна во античкото минато во Кина. Спомениците на фараонот укажуваат на фактот дека многу спортови, вклучително и пливање и риболов, биле добро развиени и регулирани пред неколку илјади години во антички Египет (Touny, 1990). Другите египетски спортови вклучуваат фрлање на копје, скокање во височина и борење. Спортовите во античка Персија, како што е традиционалната иранска воена уметност на зорхан, имаат тесна врска со вештините на војување. Другите спортови кои потекнуваат од Персија се поло и јуста. Постоел широк спектар на спортови уште од времето на античка Грција. Воената култура и развојот на спортот во Грција имале значително заемно влијание. Спортот станал толку видлив дел од нивната култура што Грците ги создале Олимписките игри, кои во античко време се одржувале на секои четири години во едно мало село во Пелопонез наречено Олимпија, Грција.

Почетокот на спортувањето во минатото се заснова врз трчањето. Кепеска (2000) нагласува дека за да опстане, човекот морал да трча. Трчањето било услов да се стигне до храна или пак да не се стане плен. Како што може да се претпостави, трчањето било потребна способност за опстанок во ловот, за обработка на земјата или припитомување на животните (стр. 24).

Развојот на спортот има свои поодамнешни почетоци. При крајот на 18-от и почетокот на 19-от век, младите почунуваат да се занимаваат со гимнастика, како и со традиционалните спортови како што се: влечење јаже и фрлање ѓуле во далечина. До средината на 20-от век, всушност, станува збор за два конкурентски модели на спорт и тоа: во Англија се форсираат фудбалот, тенисот и атлетиката, додека во континетална Европа односно во државите Германија, Шведска, Данска и Франција фокусот е ставен на гиманстиката. Но факт е дека денес паралелните спортови (колективни или индивидуални) се застапени подеднакво во целиот свет.

Поимот за спортот е епохално определен. Како што државата, во зависност од епохалната структура, има поинаква определба, така и спортот одразува одредени општествени контексти и политички намери.

Спортот, претставува нормална физичка активност или вештина изведена под јавно прифатени правила, со цел да се рекреира, да се натпреварува, за сопствено уживање, за усовршување, за развивање на вештини, или за комбинација од сите предходно наведени. Тоа што го карактеризира спортот е јасната цел, комбинирана со впечатокот за индивидуална (или тимска) вештина или способност. Првите спортови како, на пример, лов и трчање настанале бидејќи биле потребни за да се преживее. За разлика од тогаш, денес луѓето се занимаваат со спорт за здравје и релаксација.

Спортот, воедно, е натпреварување помеѓу двајца поединци и групи, кое има индивидуално и општествено значење без оглед дали се работи за првенствени или пак пријателски натпревари. Своите почетоци спортот ги забележува во моментот кога човековата свест била на тоа ниво каде имало потреба поединецот да ја докажува својата надмоќ во знаење, умеење, вештини и физичка супериорност над другите, односно да постигне резултат. Денешниот, современ свет е незамислив без постоење на спортот како еден вид човекова надградба. Резултатите во спортот, особено оние позитивните (победите), на поединците, групите, па и на цели нации им носат огромни бенефити, како од духовен, така и од материјален аспект.

Спортот, генерално, се смета за систем на активности засновани врз физичка кондиција или физичка умешност и вештина. Големите спортски натпревари, како Олимпијадата, ги признаваат само спортските натпревари што ја исполнуваат оваа дефиниција. Голем број на други организации, како што е Советот на Европа, користат дефиниции кои исклучуваат активности без физички елемент од класификацијата на спортот.

Приближувањето на спортот како форма на активност лежи во основата на антрополошкиот пристап, кој е парктикуван низ времето во сите цивилизации, а како перспектива развиена од антрополошките и биотоничките позиции, но и од социолошката есеистика. Спортот е одраз на времето и општесвените односи, а во исто време тој претставува и отпор против тие општествени односи.

Социјалната диференцијација во спортот во различни општества, доследно на општиот социолошки пристап, бара сопствена и социолошка анализа. Иако разликата меѓу спортот на богатите и спортот на сиромашните произлегува од самото социјално потекло, сепак, не постојат исти контури за сите држави. Со право може да се каже дека суштината на спортовите доаѓа од јавната економија, но и од светските спортски асоцијации, поради што само конкретна социјална и економска историја на секоја земја објаснува определен спорт. Јавниот ангажман против нееднаквите шанси во спортот заради бојата на кожата (расизмот), создаде и релации за промена на статусот на жените во светот на спортот и тоа не само против старите форми на патријархални релации меѓу половите, туку и за сите оние ангажмани во спортската култура што се против физичкото насилство. Различни класи нееднакво се вклучени во социјалната добивка што ја стекнуваат определени спортови. Социјалните фактори и промената на пихосоматскиот статус на човекот преку активностите во спортот, имаат првостепено значење при одредување на општествената политика во подрачјето на спортот.

Во светските јазици, како што истакнува Нешиќ (Nešić, 2007), зборот спорт (и слични термини) доаѓаат од зборот disport, што значи активност која произведува игра, забава, разонода, оставање на работата и грижата, добро расположение, дружење преку забава итн. (стр. 43).

Спортот поседува две многу значајни функции - социјализација и интеграција. Со процесите на социјализација и интеграција преку активности во спортот се подобрува човековото

здравје и се постигнува еден од многу важните односи - комуникација и соживот. Имајќи предвид дека во преден план кај спортот е играта, односот помеѓу спортот и играта во многу случаи различно се третира. Честопати тие се идентификуваат или изедначуваат, што во секој случај е погрешно. Спортот во денешните современи општества сѐ повеќе се издвојува од подрачјето наречено игра, и притоа се трансформира во бизнис од посебен вид.

Развојот на капитализмот донесе новина во самиот концепт на спорт во современите времиња. Прво, имаше значителна комерцијализација на слободното време. Пазарот за забава бргу се прошири и го вклучи спортот, што резултираше со јасна професионализација на спортот.

Според Вебер (Veber, 2011), глобалниот капитализам не само што го подреди спортот на логиката на капиталот, туку спортот презеде важна идеолошка улога како извинување за пазарната конкуренција, односно за либералните односи, кои го оправдуваат класното раслојување на општеството и дерегулацијата - укинување на социјалните бенефиции за сиромашните и социјално ранливите слоеви од населението. Денес, спортскиот натпревар претставува израз на пазарните натпревари. Тој не е само почетен капитал, туку и рационално одлучување, т.е. рационалност на изборот.

## 2. ПОИМ ЗА НАЦИЈА – НАЦИОНАЛНА ДРЖАВА

Нацијата е феномен кој може да биде дефиниран на различни начини. Една од можните дефиниции е луѓе со заедничко минато, култура, јазик, заедничка економија, единствена одделна територија и единствена самосвест.

Според Саруп (Sarup, 1996), нацијата е политичко уредување на границите и се гради преку заеднички јазик и култура. Луѓето изразуваат одреден начин на живот и ја задоволуваат потребата за припадност преку идентификација со одредена нација.

На прво место, терминот "нација" (nation) не значи "народ" (people), туку означува “роден“ и во таа смисла нациите не се само збир на луѓе со исто потекло, и не е само етничка група, туку многу широка и сложена заедница на луѓе која настанала во граѓанското општество (Куљиђ и Коковиђ, 2014). Нацијата, во потесна смисла на зборот, е комбинација на сите граѓани на една држава. Овие граѓани може да се од различни етноси и да исповедаат различни религии. Нациите се продукт на државите, како политичко-територијални заедници кои влијаат врз сите свои граѓани преку своето законодавство и државна политика.

Националната држава е најуниверзалната форма на политичко и културно организирање во современиот свет (Bairner, 2001) и токму под оваа конструкција на нација-држава се формираат националните идентитети. Важно е да се забележат разликите помеѓу концептите на националност и национален

идентитет. Националноста ја подразбира националната држава на која ѝ припаѓа едно лице (поединец), додека националниот идентитет се состои од чувство на припадност кон нација-држава. (Bairner, 2003, 2009). Националните култури содржат конкурентни дискурси кои се поврзани со дејствата на одредени групи. Всушност, Мекгвајер (Maguire, 2001) нагласува дека националните идентитети вклучуваат референци за „замислена заедница“ која содржи приказни и спомени што ја поврзуваат сегашноста на една нација со нејзиното минато. Преку овие дискурси, луѓето конструираат значења кои влијаат и ги организираат нивните и туѓите постапки и сфаќања за себе. Овој национализам е моќно промовиран преку спортот. Доминантните групи конструираат идентитети со производство на значења за нацијата со кои луѓето би можеле да се идентификуваат. Затоа, се смета дека специфичните спортови ги отелотворуваат квалитетите на национален карактер. “Различните спортови ги претставуваат поединците, заедницие, регионите и нациите, а клучна карактеристика на спортскиот процес е тоа што се користи од различни групи, основани, како и појавни или аутсајдерски групи, за претставување, одржување и/или предизвикување идентитети“ (Megiure, 1994; стр. 410).

Нацијата е заедница на луѓе обединети со духовни, социо-економски, културни и политички врски. Латинскиот збор natio во преводот значи „племе, луѓе“. Во системот на меѓународно право, терминот „нација“ е синоним за концептот на државата. Од гледна точка на политиката, нација се нарекува народ кој униформно се поставува во просторот и времето, го поврзува своето постоење

со одредена територија и историја на развој. Ова самостојно позиционирање мора да биде стабилно и свесно.

Појава на нацијата е поврзана со развојот на производствените односи, создавање на заеднички пазар, заедничка култура и јазик. Овој процес се развива различно и со различна брзина на различни места и зависи од специфичните услови. Во средниот век, обединувачките единици кои поврзуваат во една целина разнородни етнички групи се државата, религијата и етничката култура. Подоцна се формираат регионални заедници, кои се исти со одредени географски области, имаат позната политичка особеност и за секоја од нив постојат специфични културни вредности. Во овие заедници кои брзо се создаваат почна постепено да се раѓа свеста за припадност кон една заедничка група на луѓе, поврзани со еднаков и за секоја од нив специфичен идентитет, што всушност е раѓање на национализам.

Во делото „**Редот на слободата**", авторот фон Хајек експлицитно вели дека демократијата е процес на одлучување во јавниот домен (Fon Hajek, 1972), кој веќе е ограничен и определен врз основа на либералните принципи. Со други зборови, либерализмот содржи импликации за тоа каква треба да биде содржината на законот, па во таа смисла, државата треба да се заснова не врз демократија, туку врз либерални принципи, што не може да се достигне демократски.

Значењето на овие ставови на фон Хајек, кои најдиректно се однесуваат не само на распределбата на богатството, туку и на финансирањето на културата и спортот - може едноставно да се изрази со изјавата на Трилатералната комисија, според која0 „модерното општество треба да се заснова пред се на слободата (која овде, всушност, ја подразбира слободата на претприемништвото), на која потоа треба да ја додадеме демократијата (еднаквост во одлучувањето за работите за кои може да се одлучува), односно во формулата: „слобода плус демократија“ (Fon Hajek, 1972).

Родното место на европските национални држави е Француската револуција. Воспоставување на единствен национален пазар, создавање на единствен правен поредок, универзализација на граѓанските права - сето тоа се достигнувања на оваа револуција, од која како конечен резултат произлегува единството на нацијата и државата (Žunjić, 2011). Другата страна на ова единство е создавање на национални институции, кои негуваат одредена култура, како и заштита на националната буржоазија, односно регулирање на пазарните односи во овие земји.

Ова придонесува за одржување на односот меѓу националната држава и спортот. Спортот, пред сè, претставува **облик на политика**: владејачките општествени групи во националната држава воспоставуваат спорт според нивните сопствени интереси. На почетокот, спортот не беше дел од забавната индустрија, туку како што е претставено во претходното поглавје – форма на слободно време на младата буржоазија.

Меѓутоа, кога одредени спортски активности стануваат прифатени од работничката класа, спортските натпревари започнуваат да претставуваат еден вид симболична класна борба, која ја докажува својата виталност и изворна сила.

Доминантната политика на спортот во една национална држава е секогаш онаа што произлегува од политичките интереси на владејачката класа. Во таа смисла, можно е во 20 и 21 век да се издвојат неколку политички конструкции на спортот, во кои до израз доаѓа одредена политичка намера.

Спортот и национализмот се веројатно две од најемотивните прашања во современиот свет. И двете инспирираат интензивна посветеност и често водат до насилство. Спортот често е средство за изразување на националистички чувства. Па оттаму, се смета дека глобализирачките импулси го намалуваат значењето на националниот идентитет воопшто, додека истовремено ја ослабуваат врската помеѓу спортот и изразите на национализмот. Меѓутоа, постојат согледувања кои укажуваат на тоа дека изнесување на поголем степен на доверба, сугерира дека, како резултат на процесот наречен глобализација, односот меѓу спортот и националниот идентитет очигледно се разоткрива за да се открие сѐ похомогена глобална спортска култура.

Самата нација е еден од најдискутираните концепти во современата социјална и политичка мисла. Нејзиниот прецизен карактер е подложен на широк спектар на толкувања, при што јазикот, етничката припадност, географијата, религијата и

заедничкото искуство се наведени како нејзини основни детерминанти.

# 3. ПОИМ ЗА ИДЕНТИТЕТ

Според психолошкото значење, идентитетот претставува свест на поединецот за себеси и за својот континуитет во времето. Претпоставува постоење континуитет на некои својства и покрај постојаните промени во животот. Чувствувањето на сопствениот идентитет е во исто време и свесен и и несвесен процес. Идентитетот почнува да се формира многу рано во детството, а во периодот на адолесценција тоа е една од клучните развојни задачи. Во овој развоен период, според Ериксон (Erikson, 1968), се случува најголемата криза на идентитетот, кога адолесцентот си го поставува клучното прашање “кој сум јас“, “за што се залагам“ и слично. Од посебна важност во процесот на формирање на идентитетот се луѓето од непосредната околина, но, исто така и системот на социјални вредности на заедницата во која поединците живеат. Ериксон (Erikson, 1968), идентитетот го дефинира како општа слика која поединецот ја има за себе. Според него, чувството на личен идентитет се заснова врз чувство на единство, чувство на континуитет и чувство на заемност меѓу сопствената и туѓата перцепција. Оттука, поединец кој има стекнато чувство на личен идентитет има искуство на континуитет меѓу она што некогаш бил, што е денес, и она што замислил дека ќе биде.

Ериксоновата концепција интегрира три перспективи: 1) структурална – инидентитетот вклучува, најчесто несвесна, реорганизација на потребите и минатите идентификации; 2) социјална – идентитетот треба да означи нова асимилација на социјалните очекувања и вредности и повеќе лична интегрираност

во општеството и културата, и 3) феноменолошка – идентитетот е манифестиран на нов начин во искусувањето на себе си што се карактеризира со чувство на единственост и индивидуалност, како и со чувство на целисходност и самодоверба.

Идентитетот помага да ги разликуваме луѓето едни од други. Видовите на идентитет кои поединецот ги поседува зависат од улогите кои тој/таа ги има во заедницата во која живее. Социолошкиот концепт на идентитетот вклучува поими за „социјален идентитет“, „личен идентитет“ и „идентитет на егото“.

Кога станува збор за „социјален идентитет“ важно е да се има предвид дека различни културни и социјални фактори влијаат врз степенот до кој поединецот е приморан да се вклопи во достапните „калапи“ на идентитетот. Тие се идентитети на кои или се гледа дека обезбедуваат одредена општествена вредност, или им се припишува или импутира на други со цел да се поставaт или лоцираат како општествена вредност (Cote & Levine, 2002).

Личните идентитети се самоозначувања и самоприпишувања кои поединецот ги практикува или ги потврдува во текот на интеракцијата и во суштина се значењата што поединецот си ги припишува на „себеси“ (Snow & Anderson, 1987). „Личниот идентитет“ е концепт кој го става фокусот врз специфичните индивидуалности кои се својствени за секој од нас, а кои произлегуваат како резултат од усогласувањето помеѓу нашите општествени идентитети и уникатноста и посебностите на нашето вистинско доживеано искуство (Cote & Levine, 2002).

Терминот „**его идентитет**“ се однесува на чувството на континуитет во „јас“ (или личност), што поединците го доживуваат во долги периоди од нивниот живот. Иако една поединец доживува огромни промени помеѓу времето на неговото зачнување и смрт, тој останува ист, единствен поединец.

Сложеноста на поимот идентитет упатува на заклучокот дека еден поединец може да поседува “повеќе идентитети” (личен, културен, етнички, национален и сл). Идентитетот на поединецот има повеќе страни. Честопати, другите луѓе (соседи, пријатели, наставници, странци) имаат различна перцепција и мислење за ист поединец. Оттука, потребно е да се слушнат различните мислења и перцепции, за да се дознае повеќе за конкретен поединец.

Идентитетот е дефиниран и од нас самите и од нашата интеракција со другите (види подолу, Табела 1). Тој е дефиниран преку означување на разликите помеѓу поединците, како и преку потребата да се припаѓа или да се биде заштитен од семејството или врсничката група. Младите луѓе ќе се разберат подобро себеси ако ги истражуваат нивните лични чувства и потреби, нивниот личен развој и нивните желби за иднината. Тоа ќе го научат, доколку конструктивно придонесуваат во различни ситуации на социјалната интеракција.

Културниот идентитет се стекнува низ процесот на социјално учење во рамки на културното наследство, кое го сочинуваат јазикот, обичаите, нормите на однесување и вредностите. Стауб (Staub, 2003) прави разлика меѓу **личен** и

**социјален идентитет**. Според него, личниот идентитет е посебен стил со кој поединецот пристапува кон решавање на проблеми, а има корени во културата и е обликуван од неа. Социјалниот идентитет, пак, е степен на поврзаност на личниот идентитет со групата. Содржините на социјалниот идентитет се вид групно самопоимање. Авторот понатаму ги разграничува **поврзаниот** и **вградениот идентитет**. Вградениот идентитет е многу зависен од групата и не овозможува разграничување на поединецот од неа. Истиот се среќава кај поединци кои практикуваат слеп патриотизам. Од друга страна, поединците со поврзан идентитет можат да го издвојат своето гледиште и да се спротивставаат на групните ставови или да се дистанцираат од групните негативни и насилни активности. Оттука, овој идентитет е потипичен за поединците со конструктивен патриотизам.

Динамиката и природата на културниот идентитет се во неговото дијалектичко единство меѓу два спротивставени процеса. Од една страна се одвива процесот на идентификација и асимилација. Од друга страна тече процесот на индивидуализација. Ова е, всушност, универзален начин на функционирање на културниот идентитет.

**Табела 1.** Пример на идентитет

| *Вид на Идентитет* | *Пример* |
|---|---|
| **Полов идентитет** | Машко/Женско |
| **Возрасен идентитет** | 10....15.....25......35.......45......55 години |
| **Национален** | Македонец-ка/Албанец-ка/Србин-ка/Турчин-ка итн. |
| **Етнички** | Македонец-ка/Албанец-ка/Србин-ка/Турчин-ка итн. (потекло) |
| **Религиски** | Правослевен-а/Мусилман-ка/Католик-чка/ Будист-ка/Атеист-ка....итн, |
| **Спортски** | **Фудбалер-ка/Ракометар-ка/Кошаркар-ка/Одбојкар-ка.... итн,** |
| **Културен** | Културна припадност (пр. македонска култура и традиција) |
| **Професионален** | Лекар-ка/Професор-ка/Адвокат-ка/Пилот-ка... итн |

# 4. ПОИМ ЗА НАЦИОНАЛЕН ИДЕНТИТЕТ

Во општествената, политичката, културната и медиумската комуникација, поимот **национален идентитет** е еден од најексплоатираните и најактуелните (Рајчинова-Николова, 2015). При самото негово споменување се подгреваат страстите, зошто тој претставува важно општествено, политичко и егзистенцијално прашање.

Националниот идентитет е чувство на припадност кон заедницата на една држава или нација**.** Тој е изградена врз основа на аспекти поврзани со културата, јазикот, етничката припадност, религијата или карактеристичните традиции на споменатата заедница. Како таков, се заснова врз концептот на нација, што е заедница на луѓе кои споделуваат низа историско-културни врски и живеат на иста територија или држава. Националниот идентитет е основен за чувството на кохезија и единство на државите.

Националниот идентитет е идеја што произлегува од националните конструкции направени од национализмите од 19 век, главно во европските и американските национални држави, иако последователно се шири низ целиот свет. На поединците политички им се доделува национален идентитет по нивното раѓање, тие се воспитувани со специфичен јазик и се опкружени со специфични културни очекувања, но сепак, за Мадан (Madan, 1996), националниот идентитет не треба да се гледа како нешто наследено. Наместо тоа, овој автор го конципира националниот идентитет како конструкт, обликуван од одредени луѓе, од одредени причини, во одредено време. Луѓето се општествени

актери и преку интеракција со другите општествени актери, тие се конституираат и трансформираат себеси. Низ историјата, групите конструирале различни национални идентитети за да одговараат на нивните цели (Madan, 1996). Мадан сметац дека националниот идентитет е идеологија, мислејќи на начинот на кој работите што ги кажуваме и во кои веруваме се поврзуваат со структурите на моќ на општествата во кои живееме. Тоа е лепак што ги врзува луѓето за нивните општествени обврски. Националниот идентитет станува уште покомплициран облик на идентитет, бидејќи сè поголем број луѓе развиваат чувство за транснационалност поради процесите на глобализација.

Националниот идентитет може да биде предмет на политичката рамка на една држава или може да биде поврзан со најстариот податлив концепт на нацијата**,** што значи дека може да има различни национални идентитети во рамки на една држава (мултикултурализмот и мултикултурализмот на некои американски држави, како што е Боливија), или истиот идентитет во различни држави (пр. еврејскиот народ).

Националниот идентитет може да се манифестира на различни начини и во различен степен преку патриотизам, национализам и шовинизам. Може да се изрази во чувства кои се движат од самољубие и гордост, до ксенофобија и фанатизам. Исто така, националниот идентитет може да се искористи како елемент на отпор против колонијалистичката доминација или империјалистичките агресии, како што се случи во текот на 20-от век, со деколонизацијата и движењата во третиот свет.

При крајот на осудесетите години од минатиот век национализмот постанува значаен (но не и клучен) момент за собирање на навивачките групи. На фудбалските стадиони ширум Балканот се носеа национални симболи и обележја, се пееја забранети песни со навредливи содржини на национална основа, со кои се искажуваше нетрпеливост кон друга национална припадност (денешна етничка припадност). Авторот Врцан ќе рече дека сите оние кои живееле со приземни и подземни текови на општествениот живот, токму поради фудбалот испливале на површина пробијавќи се преку јавноста до водечки општетсвен фактор (Vrcan, 1990). Факт е дека фудбалот, стадионите и навивањето ја извадија на површина општествената криза, а одиграа значајна политичка, хомогенизаирачка и мобилизаторска улога за народните маси.

# 5. ПОИМ ЗА СПОРТСКИ ИДЕНТИТЕТ

Секој човек има различен „идентитет“. Некои го/ја перципираат како колега/шка или бизнис пријател/ка, додека за други тој/таа е стар пријател од училиште (пријателски), некои како помлад брат/сестра (семејство) итн. Помеѓу различните идентитети, **спортскиот идентитет** е начинот на кој поединецот ја перципира и чувствува улогата на играње спорт што ја споредува неговата цел, вредност, мисли и чувства поврзани со конкретен спорт. Со оглед на тоа што секој човек припаѓа на различни групи во исто време, може да развие и повеќе идентитети. Групите можат да бидат различни по нивната важност, па затоа некои идентитети се поважни од другите.

Авторите Ерпич, Вилимен и Жупанчиќ (Erpič, Wylleman i Zupančić, 2004) истакнуваат дека поединец кој припаѓа на група спортисти врз основа на која стекнува позитивна слика за себе, може да го развие социјалниот идентитет на спортистот. Социјалниот идентитет му овозможува на поединецот успешно да функционира во својата средина, што може добро да се види во спортот. Спортистите со силен спортски идентитет имаа подобри атлетски перформанси и повеќе се посветени на тренирањето, од спортистите со слабо развиен спортски идентитет.

Изразениот спортски идентитет не може секогаш да се прилагоди на некои ситуации во кои спортистот се наоѓа. На пример, неочекуван прекин на спортската кариера поради лични или други причини. Спортистите кои ненадејно престанале да се занимаваат со спорт, а имале силен спортски идентитет, имале

поголеми потешкотии да се прилагодат на животот после спортот, отколку оние спортисти кои немале така силен спортски идентитет (Erpič, Wylleman, i Zupančić, 2004).

Недоволното планирање на алтернативни животни активности или професија, како и не-спортска кариера во текот на спортската кариера придонесува за тешката транзиција кон не-спортски начин на живот. Гроув и соработниците (Grove at all., 1997), откриле дека спортистите со изразен спортски идентитет не планираат кариера за да ја заменат спортската кариера и повеќе се плашат да донесат одлуки поврзани со животот по спортската кариера.

И покрај фактот што спортистите со силно изразен спортски идентитет не се склони да ги планираат своите животи и кариери после спортувањето, сепак се покажува дека одредени спортисти бараат инструментална и емоционална социјална поддршка, повеќе од оние со слаб спортски идентитет. На спортистите кои ненадејно ги завршуваат своите спортски кариери им е потребна голема емоционална поддршка за да се прилагодат на новите промени. Овде, барањето поддршка е механизам на прилагодување.

Различни автори во областа на спортската социологија се фокусираат на улогата која „спортот“ (сфатен во екстензивна смисла како активност која вклучува многу форми на учество во широк спектар на физички активности, размислувања за телото при движење и сл.) може да ја игра во процесите на формирање на идентитетот, генерално, но и на одредени идентитети

поконкретно, како и неговата улога во процесите преку кои поединците се стремат да ги одржат таквите идентитети.

Спортот има своја улога во: (1) формирањето на идентитетот како „спортист“; (2) формирањето на идентитети специфични за одредени спортови; и (3) формирањето на повеќе генерички идентитети, како што се родов идентитет, расен/етнички идентитет или национален идентитет (Eubank, Ronkainen, Tod, 2020). Новите теоретски пристапи кон идентитетот можат да генерираат подобро разбирање на идентитетите на спортистите и им обезбедува на спортските психолози размислувања и апликации кои ќе направат разлика во начинот на кој тие ги спроведуваат своите практики.

Концептот на идентитет привлече зголемен интерес во спортската психолошка заедница од 1990-тите години па наваму. Особено беше важно воведувањето на концептот дефиниран како „*степен до кој поединецот се поистоветува со улогата на спортист*“ (Brewer, Van Raalte, & Linder, 1993; стр. 237). Во таа насока, Скалата за мерење на спортскиот идентитет (Athletic Identity Measurement Scale - AIMS) претставува истражувачка алатка за последователно истражување за полето кое пред нејзиното контруирање беше претежно засновано врз квантитативна методологија (Culver, Gilbert, & Trudel, 2003).

Се потврдува дека силниот спортски идентитет може да има одредени придобивки, како што се спортска посветеност и мотивација, но дека силниот и ексклузивен спортски идентитет може да биде и штетен за благосостојбата на спортистот во

моменти на повреда, одбивање и прекин на кариерата. Развојот на културната спортска психологија која го смета идентитетот како сложена, еволутивна и флуидна културна конструкција која најдобро може да се истражи со користење на квалитативни методологии, е од посебна важност.

Спортските психолози посветуваат внимание и на интерсекторските идентитети кои се фокусираат на разбирање како спортските идентитети (Schinke, Blodgett, Ryba, Kao, & Middleton, 2019) се преклопуваат со други идентитети, како што се оние поврзани со пол, раса или религија. Современите истражувања за идентитетот во спортот продолжија да се прошируваат, и во методолошка смисла и според обем. Некои научници истражуваат „алтернативни“ методи (цртежи, документарци, визуелно раскажување и сл.) за да разберат како спортските идентитети (Blodgett, Ge, Schinke, & McGannon, 2017) добиваат на значење и стануваат предмет на преговори во различни контексти.

Како што забележува Милер (Miller, 1995) „националните идентитети можат да останат неартикулирани, но сепак да имаат продорно влијание врз однесувањето на луѓето “ (стр. 27). На пример, љубителите на спортот може да се облекуваат во национални носии и да ги обојат лицата во национални бои, без да бидат привлечени од националистичката политика. Меѓутоа, на такви начини, спортот обезбедува важна арена во која ќе се слават националните идентитети. Исто така, понекогаш принудува да се разгледаме прецизната природа на националниот идентитет. Воедно, обезбедува можности претставниците на

различни нации да се вклучат во чесна конкуренција и нивните фанови да влезат во светот на карневалот. Исто така, за жал, понекогаш е обезличен од потемната страна на национализмот.

Келас (Kellas, 1991) смета дека „најпопуларната форма на националистичко однесувањето во многу земји е токму во спортот, каде масите луѓе стануваат многу емотивни во поддршка на својата репрезентација“ (стр. 21).

Спортот, според Јарвие (Jarvie, 1993), често обезбедува единствено делотворен медиум за всадување на националните чувства преку форма на симболично дејство што го наведува случајот за самата нација. Спортот, исто така, може да помогне да се обезбеди опстојување на повеќе национални идентитети во рамките на иста политичка формација.

**Спортскиот национализам** (Hoberman, 1993) не е единствен генерички феномен. Напротив, тоа е комплициран социополитички национален идентитет, глобализација и спорт.

## А. Зошто е важно да се испита спортскиот идентитет по кариерата?

За многу врвни спортисти најважен е спортскиот идентитет, бидејќи 100% од своите капацитети и време посветуваат на остварување на спортските цели. Во овие случаи, школувањето и професионалниот развој се ставени на страна. Како резултат на тоа, врвните спортисти може да се чувствуваат исклучени од други области што може да бидат штетни за нивниот личен развој надвор од спортот. Постои ризик ексклузивното поистоветување

со спортската улога и цел да има негативни последици врз нивниот процес на транзиција. Треба да се знае дека напуштањето на спортот прави промена на идентитетот: кога ќе ја завршат спортската кариера, спортистите губат важен дел од себе. Во случај на промена на кариерата, губењето на нивната улога во спортот драматично ја зголемува тензијата и кризата на идентитетот.

## Б. Што можам да направам за да ги зголемам позитивните ефекти од промената? Идентитет при напуштање на спортот?

Постојат одреден број на истражувањата кои нededуваат на тоа дека спортистите со силен и исклучителен спортски идентитет, и тоа:

1. Доживуваат големи потешкотии при навикнување на животот по спортувањето;
2. Потребно им е повеќе време за емоционално и социјално да се навикнат на промените во идентитетот;
3. Изложени се на поголем ризик поради неуспешното копирање на стратегиите за промената на идентитетот.

За да се справат со промената на идентитетот кога се отажуваат од спортот, на спортистите им се препорачува следново:

1. Да ја намалат идентификацијата со нивната спортска улоги, а притоа да го прошират својот интерес за бизнис (професионализам, социјализација, активност и различни улоги во спортските федерации и сл.). Со ова ќе се намали

притисокот за време на спортската кариера и ќе се олесни напуштањето на спортот.

2. Да се најдат други сфери на интерес, како и предизвици надвор од спортот. Ова ќе помогне кон стекнување алтернатива и самодоверба во истражување на другите можности.
3. Да се работи на стекнување добри менаџерски вештини, надминување на стресот и сл. Таквите вештини ќе помогнат спортистот да се прилагоди на некоја друга улога, како што се проучување или одржување на социјалниот живот.
4. Да се подготви соодветно за кариера надвор од спортот, наместо да се чека завршување на спортска кариера за лансирање надвор од него. Ако продолжат да се следат другите аспекти надвор од спортот, ќе се намали негативноста во моментот на напуштање на спортот.
5. Да се негуваат позитивни односи со тренерите, менаџерите и другите членови на семејството кои се грижеле за спортската кариера, како и за спортското созревање, што ќе придонесе да се сфати различноста на новиот идентитет.

Работејќи со водечките дански спортисти и аматери, авторот Милер (според Blonde, 2022) смета дека како важен извор на инспирација, најраното негување на националниот идентитет вкоренет во спортот треба да започне со аматерското веслање. Според Блонд, данскиот спорт (Blonde, 2022) бил под големо влијание на англиските тренери, правила, опрема и технички термини, демонстрирајќи ја способноста на спортот да го

илустрира напредокот врз основа на научно мерење на времиња, растојанија и рекорди.

Авторотот тврди дека со текот на времето, пионерските тимови во веслањето биле претставени не само со избрани клупски тимови, туку и со состави од најдобрите спортисти од целата земја, облечени во дресови на националните тимови во дански бои, бранејќи ја честа на нацијата во конфронтација со странски земји. Негов став е дека веслањето како спорт нуди можност да се победат спортистите на скандинавските сестрински народи и, уште попримамливо, Германската империја. Истакната данска позиција на мапата на меѓународните спортови може да послужи како симболичен чин на одмазда по воениот пораз во 1864 година.

Истиот автор понатаму истакнува дека способноста на раните спортови да ја спојат нацијата заедно се гледаше, на пример, со фактот дека младите спортисти кои мигрираат од руралните во урбаните заедници бргу најдоа капацитети за обука и можности за натпреварување во клубовите. Исто така, спортските клубови од сите делови на земјата се среќаваат меѓусебно на домашни турнири, натпреварувајќи се за национален трофеј: Данскиот шампионат. Сепак, спортот не е само само национално обединување за Данска, понекогаш неговите здруженија отелотворуваа политички разлики, на пример, во однос на прашањето на парламентаризмот како уставна практика.

# 6. ГЛОБАЛИЗАЦИЈА И СПОРТ

Глобализацијата, без разлика дали се гледа како проект или како процес, претставува планетарен настан кој значително влијае врз општествените односи и правните институции, во најширока смисла на овие поими. Затоа, концептите право, држава, политика - се предмет на ново разбирање, токму благодарение на глобалните, планетарни промени.

Денес, феноменот **глобализација** стана популарен концепт во делот на општествените науки, клучна инструкција на менаџерските гуруа и привлечен слоган за новинарите и политичарите од секаков вид. Живееме во период во кој голем дел од општествениот живот е определен од глобалните процеси, а притоа националните култури, економии и граници полека, но сигурно исчезнуваат. Централно место за ова е идејата за брз процес на економска глобализација. Според авторите Хирст и Томсон (Hirst & Thomspon 2001), во денешно глобално моредно времесе појавила или се појавува вистинска глобална економија во која се одвоени националните економии, па оттаму внатрешните стратегии на националното економско управување повеќе не важат.

Според Шолте (Scholte, 2000), глобализацијата денес се смета како про-западна или како американизација на општетствата. Односно, глобализацијата е процес предизвикан од функционирањето на светскиот систем и воспоставувањето, на глобално ниво, како на економски, така и на политички, културни, еколошки и информативни активности и глобална меѓусебна

поврзаност на општествата. Глобализацијата е, исто така, транснационална акција.

Според Типек (Турек, 1999), глобализацијата е општествен процес кој се стреми кон сеопфатноста и единственоста на светот, додека Гиденс (Giddens, 1999) смета дека глобализацијата е зајакнување и интензивирање на општествените односи на глобално ниво, што пак води кон интеграција на географски најоддалечените области.

Еден од најчестите пристапи кон дихотомијата помеѓу хомогенизација и хетерогенизација, е да се поистоветува глобализацијата со триумфалниот марш на светскиот капитализам. Глобализацијата на културата не е исто што и нејзина хомогенизација, но глобализацијата вклучува употреба на различни инструменти за хомогенизација. Глобализацијата не мора да значи хомогенизација или интеграција. Наместо тоа, се карактеризира со културни текови, кои самите можат да бидат повеќенасочни процеси, со хибридизација и креолизација. За да се разбере релевантноста на овие теории, сепак, корисно е да се испита како тие се поврзани со реалните општествени практики и во оваа конкретна дискусија - со спортот. Ова не е само со цел теориите да бидат одобрени или отфрлени, туку да се земе предвид и фактот дека спортските социолози и самиот спорт дадоа важен придонес во општата дебата.

Може да се тврди дека спортските социолози се истакнати во борбата да се осигура дека процесот на глобализација не треба да се идентификува со немилосрдниот и неодолив наплив кон целосна хомогенизација.

Според Тибо (Thibault, 2009), „*спортот отсекогаш вклучувал меѓународна димензија, но се чини дека оваа димензија се интензивирала. Доказите дека спортот е глобализиран се неспорни*“ (стр. 4). За да се разбере интензивирањето на меѓународните димензии на спортот, неопходно е да се разгледа спортот во однос на теориите за глобализација. Глобализацијата е сфатена како „ширење на светски практики, односи, свест и организација на општествениот живот“ (Ritzer, 2008; стр. 573).

Глобализацијата поттикна низа одговори во смисла дека може да има рамнотежа во националниот контекст помеѓу прифаќањето на глобализацијата и одбраната на традицијата и наследството (Mangan, 2001).

Теоријата на глобализацијата еволуираше не само како одговор на промените од висок профил низ светот, туку и со изградбата на глобалните организации како што се Светската трговска организација и Меѓународниот олимписки комитет (Barrie, 1994), како и против претходните теоретски перспективи, на пример, теоријата на модернизација. Овие претходни теории се дефинирани преку нивната западна пристрасност и идејата дека остатокот од светот е немоќен да престане да станува повеќе како Запад. Сепак, актуелната литература се оддалечи од фокусот насочен само на Западот, за да ги испита транснационалните

процеси кои течат во повеќе насоки (Ritzer, 2008). Иако овие глобални меѓусебни врски не се случија рамномерно низ целиот свет, неодамнешната дебата би сугерирала дека овие процеси на дифузија собираат импулс (Maguire, 2000, 2008).

Според Џулијаноти и Робертсон (Giulianotti & Robertson, 2007), глобализацијата може да се анализира на повеќе начини, вклучително во полето на културата, образованието, економијата, политиката и спортот. Тие, на пример, идентификуваат три фактори (види подолу, Слика 1.) за кои се верува дека придонеле за светската интеграција на спортот преку процесите на глобализација: **капитализмот, западниот империјализам и развојот на глобалните комуникации.** Во понатамошниот текст ќе се разгледаат некои од недостатоците на примената на теоријата на глобализација во спортски контекст и ќе се понудат алтернативни начини за објаснување како процесите на глобализација влијаеле врз спортот.




**Слика 1.** Сликовит приказ на фактори кои придонеле за инеграција на спортот преку глобализација според Џулијаноти и Робертсон

## 6.1. ПРЕДНОСТИ И НЕДОСТАОЦИ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА

Според авторите Вучетиќ и Балашко (Vučetić & Balaško, 2013), како и секој друг феномен, така и глобализацијата има свои предности и недостатоци. Сè уште се водат дебати во научните и политичките кругови што од наведеното во одреден момент ќе надвладее. Па оттаму, се резимира за тоа што глобализацијата носи добро, од една страна и кои се нејзините потенцијални опасности од друга (види подолу, Табела 2. ).

**Табела 2.** Предности и недостатоци на глобализацијата

| Предности на Глобализацијата | Недостатоци на Глобализацијата |
|---|---|
| **Нови и поголеми пазари** | Нови конкуренти |
| **Нови можности за вложување на капиталот** | Нови пазари т.е услови на работење (законодавни, политички, економски, културани, технолошки, итн.) |
| **Пристап до нови технологии, нови пазари на труд, капитал, суровини итн.** | Деловната сложеност и непредвидливи промени |
| **Повисока продуктивност и организациски перформанси, што доведува до економски раст и напредок, односно до повисок животен стандард** | Големи логистички проблеми |
| **Искористување на обемот на економијата** | Немање на универзални менаџери практики и пристапи (менаџмент - тоа им е потребно на организациите и на луѓето прилагодени на специфични фактори од околината) |

*Преземено од Vučetić & Balaško (2013)

Глобализацијата како процес произведува различни последици кои влијаат врз економијата, политиката, особено на нацијата-држава, информациите и животната средина. Постојат три клучни последици од глобализацијата, и тоа:

1. Начинот на кој процесите - економска, политичка, правна и воена меѓусебна поврзаност - ја менуваат природата на суверена држава одозгора.
2. Начинот на кој локалните и регионалните национализми ја еродираат националната држава.
3. Начинот на кој глобалната меѓусебна поврзаност создава синџир на заемно условени и политички одлуки и резултати меѓу државите и нивните граѓани, што ја менува природата и динамиката на самите национални политички системи.

Мерењето на глобализацијата може да се сведе на мерење на две основни групи својства: степенот на глобализација и резултатот од глобализацијата. Во теоријата постојат три правци на глобализација, односно според авторите Хелд и Мегру (Held & McGrew; 2003) има три основни насоки на теоријата на глобализацијата:

a) Хиперглобалисти;
b) Трансформационалисти;
c) Скептици.

Хиперглобалистите веруваат дека важноста на националните економии се намалува со оглед на мобилноста на капиталот, мултинационалните компании и економското испреплетување. Поради намалувањето на политичките ограничувања и олеснувањето на движењето на капиталот и технолошките промени во форма на автоматизација на финансиските трансакции, големи суми пари се префрлаат речиси

веднаш. Многу компании избираат да ги преминат националните граници и да станат мултинационални.

Вториот бран во теоријата на глобализацијата им припаѓа на трансформационалистите. Трансформационалистичката теорија на глобализацијата е поумерена во нагласувањето на сеприсутноста и линеарноста на процесот на глобализација и во оценувањето на прогресивните ефекти од глобализацијата. Застапниците се на идејата дека настаните кои го обликуваат развојот во една област, исто така, имаат влијание врз развојот во друга оддалечена област. Тоа се настани кои предизвикуваат големи нееднаквости, но во исто време поврзуваат различни краеви.

И последниот бран на глобалисти – скептиците, веруваат дека индустриската револуција беше најдоброто време на процесите на глобализација, а тековните процеси се сметаат за регионализација.

Меѓународниот спорт во форма на натпревари помеѓу одделни нации/земји се појавил кон крајот на XIX век, иако на крајот на тој век, контролата на спортот во најголем дел сè уште била вкоренета во националните контексти, со ембрионски форми на организациска основа, кои функционирале на регионални и национални нивоа. На крајот на XX век, спортот ги отелотворува глобалните случувања и трендови во културата и комуникациите.

Спортот и глобализацијата денес се нераскинливо поврзани. Оваа поврзаност се гледа на различни нивоа и во различни области, а тоа може да се припише на глобализацијата

и дигитализацијата на светот. Денес спортот е многу повеќе од физичка активност, игра, дружење, забава, а првенствено служи за одржување на здравјето. Тој стана глобален феномен кој прерасна во вистинска индустрија не само со голем број следбеници на спортски настани, туку и со спортисти кои се занимаваат со него на професионално ниво и имаат приходи со кои можат да живеат многу повеќе од удобно. Со други зборови, благодарение на глобализацијата, спортот стана економска активност, а спортистот профитабилна професија. Ова е голем чекор подалеку од ерата кога спортот се практикуваше само на аматерски план. Токму во високиот рејтинг и високата заработка лежи силната врска помеѓу глобализацијата и спортот.

Во последните децении, а особено во последната деценија од минатиот век, глобалните промени радикално ги променија условите на бизнисот и конкуренцијата, не само во глобалните односи, туку и во условите на националната микросредина (Anastasovski, 2012). Овие промени диктираат промени во концептот на работа на организациите, институциите кои управуваат со спортот, соодветно прилагодување на локалните стратегии кон глобалната меѓународна средина и глобалните стратегии. Овие глобални процеси не го заобиколија општествениот сегмент – спортот.

Целта на оваа книга не е само да се прикаже интернационализацијата на спортот во далечното минато, туку потребата да се даде краток осврт на историскиот развој на спортот на меѓународниот пазар во блиското минато и да се истакнат факторите кои стојат зад глобалната експанзија на спорт,

а кои се поврзани со спортот и имаат силно влијание особено врз развојот на професионалниот спорт.

Спортот не секогаш имал ваков силен меѓународен карактер. На пример: земјите како Велика Британија низ минатото колонизирале голем број на различни области низ светот, но факт е дека притоа го користеле спортот како средство да им се наметне на колоризираните народи нивната култура, односно културата на освојувачот врз колонизираните земји. Британците воведуваат спортски игри Крикет и Рагби во Австралија, во периодот кога вршеле колонизација на овој Континент. Денес крикетот и рагбито се многу популарни во Австралија и постои големо ривалство меѓу Австралија и Велика Британија.

Преку оваа форма на користење на спортот им е всадено силно чувство на гордост во нивните земји со што го зајакнале чувството за национална припадност на мештаните во Австралија.

Голем број аналитичари кои се занимаваат со оваа специфична област, констатираат дека со почетокот на 21-от век се навлезе во една нова ера, односно нова цивилизација која може да се нарече и трет бран на атомизираниот, капиталистички систем. кој се состои од високи технологии, политичка и економска униполарност на светот, прифаќање на Западните вредности во целина од страна на светот или пак универзално мрежно поврзување на општествата. Нов вид економски развој е, пред сè, видлив во новите технологии во областа на комуникациите, информациите и транспортот. Воведувањето и примената на нова информатичка технологија во функционирањето на спортот е

императив на времето, барање за брза комуникација, за поефикасно пробивање на пазарот и за побрзо пробивање на новата економска парадигма. Од политичка гледна точка, глобализацијата е процес на создавање на светски капиталистички систем од неолиберален тип (идеи, човекови слободи, правна еднаквост пред законот, слобода на медиумите, политички плурализам, слободен пазар, верски секуларизам).

Денес, во светот на глобалниот пазар, постојат многу спортски компании кои се натпреваруваат активно на пазарот за да бидат достапни до што поголема целна група. Тие компании се спортски ориентирани и имаат голема сума на пари за трошење на спортски производи. Така, во Соединетите Американски Држави производителите на спортски добра достигнуваат критична точка во производството, не можат значително да го зголемат својот пласман, т.е. продажба. Неспорно е дека секој производител сака да расте и развива потреби, т.е. постојано да расте и да ја шири продажбата на производи. Како резултат на тоа, спортските корпорации се обидуваат да ја прошират дистрибуцијата на своите производи.

Да го аргументираме предходно изнесеното со тоа што ќе посочиме дека од 2000-та година, компанијата за производство на спортска опрема Nike има продадено повеќе производи надвор од границите на САД. За да го прошират својот бизнис надвор од САД, Nike не само што се фокусирал на својата најпопуларна производна линија, како што се џогирање, трчање и кошарка, туку се фокусираше и на производи како што се патики и облека за голф, опрема за хокеј и фудбалски обувки и облека. Исто така,

поради фактот што фудбалот е еден од најпопуларните спортови во светот, а во последните години има поголем интерес за Америка, бројот на луѓе кои играат и гледаат фудбал е зголемен повеќе од кој било друг спорт, па оттаму логиката е дека и Nike го прошири своето работење и се фокусираше кон тоа да го прошири својот удел на фудбалскиот пазар.

Ќе напоменеме повторно дека денес речиси секој врвен спортист може сосема удобно да живее со приходите што ги заработува со професионално спортување (Bertapelle, 2013). Ова доведе до фактот дека денес, да се биде спортист, е професија како и секоја друга. Секојдневното тренирање, како и во секоја друга работа, секојдневното одење на работа, денес е сосема нормална појава. Пред неколку децении, кога спортот беше сведен исклучиво на аматеризам, тоа не беше случај. За поврзаноста на глобализацијата и професионалниот спорт сведочи фактот што професионалниот спорт стана рамноправна професија, како и фактот што спортот како глобален феномен е изложен во светот.

Од сето горенаведено јасно се гледа дека денес спортот е се поприсутен меѓу луѓето, но истиот е тешко да се дефинира со оглед на многуте различни дефиниции и значења. За ваквиот развој на настаните може да се заблагодариме за глобализацијата и техничко-технолошкиот развој, кои им овозможија на луѓето да имаат помалку физички тешки работни места и им треба сѐ помалку време за извршување на различни работи, па затоа имаат повеќе слободно време. Со овие промени, луѓето сѐ повеќе се свртуваат кон спортот како здрав начин на

живот. Може да се забележи и дека социо-економската феноменологија на спортот станува се поизразена.

Авторите Шкаро и Стипетиќ (Škaro i Stipetić, 2016) констатираат дека со развојот на економската глобализација, како и со поттикнувањето на модерниот олимпизам и олимпиското движење, самиот спорт станува глобален. Дури 206 национални олимписки комитети на земјите од светот се обединети во Меѓународниот олимписки комитет.

Спортската политика во земјите во транзиција, особено кога станува збор за воспоставување и негување на широка спортска база (пристапност на спортот за сите), е значително рестриктивна. Ако се има предвид дека овие промени се резултат на дерегулација, која е најдиректно поврзана со воведување на слободен пазар и воспоставување на либерално-демократски систем, односно дека само повлекување на државата од одредени области на социјална грижа (што вклучува негување на широка спортска база) е каузално подредено на барањата на меѓународни институции (економски, како на пр. Светска банка и ММФ, а политичките, на пр. институции на Европската Унија), истражувањето на односот помеѓу државата и политиката на спортот во глобализираниот свет несомнено има социјална важност.

Социолошките пристапи кон глобализацијата на спортот може да се анализираат од повеќе перспективи. Социолозите од историски аспект се обидоа во теоријата да ги идентификуваат фазите важни за глобализацијата. Во оваа смисла, особено е важен придонесот на Робертсон (Robertson, 1992), кој уште пред

три децении се потрудил да понуди модел на пет историски фази. Во првата фаза од почетокот на XV до средината на XVIII век се формирале национални заедници. Во втората, „почетна“ фаза, која ги карактеризира годините од средината на XVIII век до 1870-тите, се забележува консолидација на националната држава заедно со понатамошниот развој во меѓународните односи, трговијата и комуникациите. Во оваа фаза спортот, иако на ограничено ниво, придонел за некои од овие случувања во смисла на меѓународни размени и натпревари.

Третата фаза во типологијата на Робертсон, од 1870-тите до 1920-тите, се карактеризира со формирање на светски агенции, создавање на глобални награди и награди и откритија во глобалните комуникации кои во суштина го намалија светот (Robertson, 1992). Ова е период на одмор и за спортот, фаза во која спортот навистина се појави како глобален феномен, во форма на меѓународни спортски тела и организации.

Четвртата фаза на глобализација, според Робертсон, опфаќа 40 или повеќе години од доцните 1920-ти до средината на 1960-тите, карактеризирана со борби и конфликти поврзани со националните идеологии, од фашизмот до комунизмот, и период во кој спортот можеше да се користи, особено во Студената војна, како моќен симбол на глобалната моќ во меѓународната размена во време на мир.

Петтата и последна фаза, според Робертсон, од 1960/70-тите па наваму, е фаза на неизвесност, со старите извесности загрозени од појавата и консолидацијата на глобалниот

медиумски систем кој генерира дискурси на глобалната свест, но и артикулира дилеми вкоренети во повторното појавување на мултикултурните и полиетничките грижи. Токму во оваа фаза, се појавува новата политичка економија на спортот со засилен глобален досег.

Концептот на глобално лидерство или глобализација се фокусира на разбирање на културните, образовните и спортските димензии меѓу општествата околу светот и специфичните начини за култура на негување на нивната публика, фокусирајќи се на ориентацијата на луѓето кон глобалните цели.

## 6.2. ПРОЦЕС НА ГЛОКАЛИЗАЦИЈА

Факт е дека кога говориме за процесот на глобализација не може да се одбегне соодносот локално-глобално. Процесот на глобализација може да се покаже како нерамномерен и најплодните области на истражување може да се подобрат со фокусирање на одредена глобално-локална динамика (Rowe, 2003), што го карактеризира националниот профил на одреден спорт и меѓународниот дострел, или профилот и истакнатоста на карактеристичните спортски мега-настани.

Глокализацијата, што значи создавање или приспособување на производи или услуги за глобалните пазари за да одговараат на локалните култури, е концепт што често се користи, особено по 1980 година.

Терминот **„глокализација“**, произлегува од јапонските деловни практики и аспирации. Во теоријата не се негира

важноста на локалната-глобална дијалектика. И тоа со право. Затоа што  таквата динамика останува апсолутно централна за инсценирањето на глобалните спортски настани. Според Роу, (Rowe, 2003), спортот може да направи многу повеќе, отколку да прикажува и да се спротивстави на различни елементи на глобализацијата.

Според Робертсон (Robertson, 2001), глокализацијата во економска смисла, може да се дефинира како *„рекламирање на стоки и услуги на повеќе диференцирани локални и одредени пазари на глобална или речиси глобална основа“* (стр. 188). Целта е да им се овозможи на глобалните производи да најдат купувачи и на локалните пазари.

*Што всушност значи да се размислува глобално, а да се дејствува локално?*

„Мисли глобално, дејствувај локално“ е слоган за првпат користен од американските екологисти во 1970-тите. Целта на екологистите од тој период беше да го свртат вниманието на должностите на поединците, општествата и нациите за реализација на големи еколошки промени со овој слоган.

Компаниите кои ја прифаќаат филозофијата на „мисли глобално, дејствувај локално“ често имаат глобални стандарди за производи, процедури или услуги, но претпочитаат различни практики и ефекти на локално ниво. Оваа филозофија е ориентирана кон решенија и поттикнува на акција.

## 6.3. ТЕКОТ НА СОЛИДАРНИТЕ ПЛАЌАЊА

За да може поедноставно да се долови состојбата на поврзаноста на спортот и глобализацијата или спортот во глобалниот свет, подолу е прикажана шемата на солидарните плаќања на една од највијателните спортски асоцијации во Светот - Европската куќа на фудбалот (УЕФА) (види подолу, Табела 3), која е дел од нивниот финансиски извештај за 2018/19 година[1].

**Табела 3.** Финсиски извештај на УЕФА за сезоната 2018/19

| | **Финансии Национални фудбалскии тимови** | | **Финасии Фудбалски клубови** | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Евра | | | УЕФА Лига на шампиони | | | УЕФА Европа лига |
| Вкупно за Асоцијација (Членка) на УЕФА | Инвестиции **Програм А** | Годишна солидарност **Програм Б** | Годишна солидарност **Програм В** | Не-партиципирачки фудбалски клубови **Програм Г** | Елиминирани фудбалски клубови **Програм Д** | Елиминирани фудбалски клубови **Програм Ѓ** |
| 4,5К Алабанија | 200.000 | 1.300.000 | 600.000 | 471.000 | 690.000 | 1.318.000 |
| 5.8К Андора | 2.120.000 | 1.200.000 | 600.000 | 386.000 | 512.000 | 984.000 |
| 5.3К Арменија | 600.000 | 1.215.000 | 600.000 | 389.000 | 565.000 | 1.884.000 |
| 6.2К Аустрија | 1.660.000 | 1.280.000 | 600.000 | 804.000 | 397.000 | 1.423.000 |
| 4.6К Азербеџан | 399.000 | 1.250.000 | 600.000 | 398.000 | 1.191.000 | 753.000 |
| 4.2К Белорусија | / | 1.300 .000 | 600.000 | 405.000 | / | 1.904.000 |
| 8.5К Белгија | 1.000.000 | 1.300.000 | 600.000 | 4.392.000 | / | 1.172.000 |
| 4.8К БиХ | / | 1.300.000 | 600.000 | 453.000 | 565.000 | 1.863.000 |
| 5.0К Бугарија | / | 1.275.000 | 600.000 | 565.000 | 690.000 | 1.884.000 |

[1] Извор: https://editorial.uefa.com/resources/025a-0f8430656913-10ccbab24e1d-1000/2018_19_uefa_financial_report.pdf.

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.8K Хрватска | / | 1.300.000 | 600.000 | 559.000 | / | 1.381.000 |
| 05.3K Кипар | / | 1.190.000 | 600.000 | 472.000 | 565.000 | 2.511.000 |
| 7.0K Чешка | / | 1.275.000 | 600.000 | 4.236.000 | / | 879.000 |
| 7.5K Данска | 1.250.000 | 1.300.000 | 600.000 | 833.000 | 669.000 | 2.846.000 |
| 16.0K Англија | / | 1.300.000 | 600.000 | 13.297.000 | / | 879.000 |
| 4.0K Естонија | / | 1.300.000 | 600.000 | 413.000 | 565.000 | 1.026.000 |
| 5.0K Фарски Ост. | 500.000 | 1.260.000 | 600.000 | 386.000 | 565.000 | 1.758.000 |
| 4.9K Финска | 435.000 | 1.300.000 | 600.000 | 538.000 | 962.000 | 1.046.000 |
| 15.7K Франција | 630.000 | 1.300.000 | 600.000 | 12.598.000 | / | 565.000 |
| 4.8K Грузија | / | 1.300.000 | 600.000 | 401.000 | 565.000 | 1.904.000 |
| 11.5K Германија | / | 1.300.000 | 600.000 | 9.056.000 | / | 565.000 |
| 3.3K Гибралта р | / | 1.080.000 | 600.000 | 386.000 | 512.000 | 732.000 |
| 7.2K Грција | / | 1.235.000 | 600.000 | 4.547.000 | / | 837.000 |
| 4.6K Унгарија | 650.000 | 1.300.000 | 600.000 | 765.000 | / | 1.297.000 |
| 4.9K Исланд | 165.000 | 1.280.000 | 600.000 | 445.000 | 565.000 | 1.863.000 |
| 6.1K Израел | / | 1.300.000 | 600.000 | 1.038.000 | 962.000 | 2.239.000 |
| 15.8K Италија | 1.550.000 | 1.300.000 | 600.000 | 11.497.000 | / | 879.000 |
| 5.0K Казахстан | / | 1.320.000 | 600.000 | 391.000 | 1.191.000 | 1.590.000 |
| 5.0K Косово | 1.200.000 | 1.225.000 | 600.000 | 434.000 | 805.000 | 753.000 |
| 5.4K Латвија | 1.000.000 | 1.270.000 | 600.000 | 392.000 | 565.000 | 1.590.000 |
| 2.7K Лихтенш. | / | 1.150.000 | 600.000 | 386.000 | / | 523.000 |
| 5.9K Литванија | 200.000 | 1.300.000 | 600.000 | 399.000 | 962.000 | 2.428.000 |
| 6.3K Луксенгур г | 1.765.000 | 1.135.000 | 600.000 | 397.000 | 293.000 | 2.156.000 |
| 5.9K Малта | 1.500.000 | 1.265.000 | 600.000 | 448.000 | 565.000 | 1.507.000 |
| 5.6K Молдавиј а | 990.000 | 1.300.000 | 600.000 | 390.000 | 962.000 | 1.360.000 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.4К Црна Гора | 500.000 | 1.260.000 | 600.000 | 424.000 | 565.000 | 1.026.000 |
| 7.4К Холандија | / | 1.300.000 | 600.000 | 4.413.000 | / | 1.130.000 |
| 5.5К Северна Ирска | 1.250.000 | 1.300.000 | 600.000 | 773.000 | 565.000 | 1.026.000 |
| **5.9К Македонија** | **1.000.000** | **1.275.000** | **600.000** | **455.000** | **1.464.000** | **1.067.000** |
| 6.5К Норвешка | 400.000 | 1.300.000 | 600.000 | 985.000 | 690.000 | 2.511.000 |
| 7.6К Полска | 1.000.000 | 1.300.000 | 600.000 | 1.540.000 | 962.000 | 2.197.000 |
| 6.8К Португал. | / | 1.275.000 | 600.000 | 4.376.000 | / | 565.000 |
| 4.5К Р.Ирска | / | 1.280.000 | 600.000 | 707.000 | 565.000 | 1.318.000 |
| 6.5К Романија | 830.000 | 1.300.000 | 600.000 | 810.000 | 669.000 | 2.302.000 |
| 8.2К Р усија | 750.000 | 1.320.000 | 600.000 | 4.360.000 | / | 1.172.000 |
| 3.7К Сан Марино | / | 1.180.000 | 600.00 | 386.000 | 512.000 | 984.000 |
| 6.8К Шкотска | / | 1.300.000 | 600.000 | 1.780.000 | 1.191.000 | 1.904.000 |
| 8.6К Србија | / | 1.300.000 | 600.000 | 4.272.000 | / | 2.469.000 |
| 6.1К Словачка | / | 1.275.000 | 600.000 | 553.000 | 1.191.000 | 2.469.000 |
| 5.7К Словенија | / | 1.300.000 | 600.000 | 477.000 | 565.000 | 2.741.000 |
| 15.5К Шпанија | 310.000 | 1.170.000 | 600.000 | 12.839.000 | / | 565.000 |
| 7.6К Шведска | 750.000 | 1.300.000 | 600.000 | 2.421.000 | 1.191.000 | 1.318.000 |
| 9.5К Швајцар. | 1.500.000 | 1.300.000 | 600.000 | 4.481.000 | 397.000 | 1.172.000 |
| 8.9К Турска | 1.900.000 | 1.150.000 | 600.000 | 4.400.000 | / | 858.000 |
| 7.2К Украина | / | 1.250.000 | 600.000 | 4.188.000 | / | 1.172.000 |
| 4.8К Велс | / | 1.300.000 | 600.000 | 1.083.000 | 565.000 | 1.277.000 |
| **Вкупно 366К** | **28.004.000** | **69.740.000** | **33.000.000** | **128.690.000** | **26.975.000** | **79.542.000** |

**Програма А.**

Програмата HatTrick IV од 2016/17 до 2019/20 како четиригодишниот циклус предвидува еднократна солидарност од 3.500.000 милиони евра исплата на секоја асоцијација членка на УЕФА што ќе се користат за инвестиции во фудбалската инфраструктура. Износите распределени во текот на финансиската 2018/19 година се обелоденети во првата колона на извештајот. Во некои случаи, тие може да вклучуваат плаќања од претходните циклуси на хеттрик.

**Програма Б.**

Програмата Хеттрик, исто така, обезбедува годишна солидарност na плаќања во корист на асоцијациите - здруженијата членки na УЕФА, кои се состојат од следните елементи:

A. 750.000 евра како солидарна исплата за покривање на тековните трошоци на здружението членка и проекти за добро владеење.
B. 1.150.00 евра максимум во годишни стимулативни плаќања, поделени нагоре како што следува:
   a. 250.000 евра за учество на натпревари на УЕФА за млади, жени и футсал.
   b. 250.000 евра за имплементација и примена на системот за лиценцирање клубови на УЕФА.
   c. 150.000 евра за имплементација и примена на УЕФА Грасрутс Повелбата

d. 100.000 евра за спроведување и аплицирање na Судиската конвенција на УЕФА.
e. 100.000 евра за спроведување на УЕФА програма за развој на женски фудбал.
f. 100.000 евра за имплементација на УЕФА програма за развој за елитнни младински играчи.
g. 50.000 евра за спроведување на УЕФА и програма за фудбалот како општествена одговорност.
h. 50.000 евра за активности за интегритет.

**Програма В.**

Овде од Лигата на шампионите на УЕФА се искористени 33.000.000 милиони евра на здруженијата членки да го кофинансираат горенаведеното годишно плаќање за солидарност на HatTrick. Вкупната солидарна исплата што ја добивала секоја асоцијација членка во 2018/19 година во програмата Б и В, е со максималниот достапен износ е 1.900.000 милиони евра.

**Програма Г.**

Значителна сума им била ставена на располагање на фудбалските клубови за развој на младинските школи, особено на фудбалските клубови кои не биле вклучени во ниту еден од двата главни Клупски натпреварувања на УЕФА.

**Програма Д.**

Според оваа колона, паушална сума, пресметана според бројот на натпревари кои ги играл еден фудбалски клуб, била исплатена на клубовите кои играле во квалификациите, но не

успеале да стигнат до групната фаза на шампионите на УЕФА лига, со дополнителни 260.000 евра за учество во домашено клубско натреварување.

**Програма Ѓ.**

Формулата опишана во програмата Д, исто така била применета и за фудбалските клубови кои се натрвеарувале во Лигата на Европа на УЕФА.

Главна Тема 2

# ОПШТЕСТВЕНИТЕ ЦЕЛИ И ПРИОРИТЕТИ ЗА РАЗВОЈ НА СПОРТОТ

Спортот како општествена појава се темели врз реални согледувања за постојната состојба во која тој денес се наоѓа, но и врз објективни претпоставки за негов натамошен развој. Се тргнува од потребата за посеопфатно поимање на спортот како начин на живеење (животен стил) со кој луѓето преку нивната зголемена вклученост во спорот и спортско-рекреативните активности, ќе го подигнат квалитетот на своето живеење во повеќе сегменти, вклучително задоволувајќи го националниот стремеж за остварување високи меѓународни спортски резултати преку проектирање насоки за развој на врвниот спорт.

Спортот како општествена појава се темели врз предиктивен приод, при што, превид се земени реалните параметри од повеќе сегменти кои ја одразуваат состојбата во која спортот се наоѓа. Тука, пред сѐ, се мисли на економска развиеност на една земја, како и нејзината општетсвено-политичка ситуација. Во таа насока, во развојна смисла, кај спортот може да се утврдат следниве општествени цели и приоритети (види подолу, Слика 2):

1. Интервенција во легислативите кои ја допираат дејноста спорт (ИЛДДС).
2. Поттикнување и поддршка на програмите на националните спортските федерации и спортски клубови (ПППНСФСК).
3. Унапредување на училишниот и универзитетскиот спорт (УУУС).

4. Децентрализација на спортот (ДС).
5. Градење на информатичка спортска мрежа (ГИСМ).
6. Издавачка дејност во спортот (ИДС).
7. Положбата на спортот во медиумите (ПСМ).
8. Унапредување на спортот за лицата со попреченост (УСЛП).
9. Институционализирање на спортската дипломатија (ИСД).




**Слика 2.** Сликовит приказ на општествените цели и приоритети на спортот

# 1. ИНТЕРВЕНЦИЈА ВО ЛЕГИСЛАТИВИТЕ КОИ ЈА ДОПИРААТ ДЕЈНОСТА СПОРТ

Прилагодувањето на реалните можности, односно, соодветната интервенција во легислативите поврзани со законското и подзаконско уредување на дејноста спорт, со фискалните политики заради олеснување на фискалните импликации за поддршка на врвниот спорт и обезбедување континуирана достапност до спортските објекти и останатите потребни ресурси за спортистите (поединци) и националните спортски федерации и спортски клубови заради спортски подготовки и одржување меѓународни спортски натпревари, вклучително онаа која се однесува на зголемување на фондот на часови по физичко и здравствено воспитување од рана возраст во основното образаование како основа за рана спортска селекција, претставува дел од планираните мерки во овој сегмент во насока на развој на спорот во нашата држава.

Одговорноста подразбира почитување на правните регулативи во дејноста спорт. Покрај домашното законодавство, спецификата на оваа дејност, во смисла на нејзино ставање во правна рамка, се состои во фактот што спортистите (поединци), спортските клубови, националните спортски федерации и олимписки комитет, со самото нивно учество во рамки на организиран меѓународен систем на натпревари спроведуван од страна на меѓународните спортски асоцијации, каде истите доброволно пристапиле во членство, тие, аналогно, се согласиле да ги почитуваат и сите повеќесегментарни правни инструменти кои го регулираат нивното функционирање. Кога е во прашање

партикуларното државно уредување на спортското законодавство, спортот не претставува квантифициран поим. Во одреден специфичен правен делокруг, ваквите инструменти претставуваат еден вид универзален стандард, односно, консензуален принцип, кон кој нашето законодавство се прилагодува.

Имајќи ги предвид стратешките среднорочни цели на секоја земја за одржување на концептот на силно јавно финансирање и одржување стабилна макроекономска рамка, вклучително за продолжување на процесот на економски реформи и забрзување на економскиот раст, без интервенции во односните легислативи и останати мерки во фискалната политика кои би создале подобри услови за спортските субјекти да изнаоѓаат други дополнителни извори на финансирање како што се донациите и спонзорствата, спортот и понатаму својот опстанок и развој во голема мера ќе го заснова врз Буџетот на државта.

# 2. ПОТТИКНУВАЊЕ И ПОДДРШКА НА ПРОГРАМИТЕ НА НАЦИОНАЛНИТЕ СПОРТСКИ ФЕДЕРАЦИИ И СПОРТСКИ КЛУБОВИ

За остварување на националниот интерес преку спортот како општо препознатлива вредност со која се претставува и афирмира државата во меѓународни рамки и се јакне националната свест, ќе се преземат соодветни активности за унапредување на врвниот спорт. За да се пристапи кон разгледување на потенцијалот за врвниот спорт, предвид треба да се имаат и состојбите од останатите сфери во општеството, вклучително нивото на развој на сегменти од делокругот на спортот без чиј прилог и координирано надополнување не би можело да стане збор за унапредување и развој на врвниот спорт.

Заради причини кои неретко се од објективен карактер а, секако, имајќи ја предвид и реалноста која е одраз на неможноста да се препознае субјективитетот од страна на оние кои се задолжени да создаваат врвен спорт, доколку се сака да се промовира концепт за врвни достигнувања во спортот, обидите на повиканите страни да пристапат кон активности поврзани со создавање врвни спортисти, најчесто запираат онаму каде тие треба да преминат од сферата на изградениот „потенцијал", во сфера на системски поставен и консолидиран модел за натамошно делување во квалитативна насока.

Градењето концепт каде ќе бидат определени и системски комплементирани реално применливи насоки за унапредување на врвниот спорт низ создавање и поттикнување на здравиот

потенцијал, а не на потенцијалот по “осцилирачки систем на успеси“ како резултат на “сплет на среќни околности“, води кон вистинско остварување на развојот на овој сегмент и неговата одржливост. Поедините блесоци на нашите спортисти главно се плод на вешта импровизација која е онолку добра колку и природата и талентираноста на нашата нација, но истата не може да претставува сериозен концепт за постигнување квалитетни спортски резултати во континуитет, без да се осигура целосна концептуална сообразност на сите повикани чинители во таа смисла.

# 3. УНАПРЕДУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИОТ И УНИВЕРЗИТЕТСКИОТ СПОРТ

Силната страна што, воедно, претставува и темел на дејноста спорт, е организацијата и степенот на развој на системот на натпревари кој се спроведува во рамки на училишниот и универзитетскиот спорт во нашата држава. Остварувањата во овој битен сегмент од спортскиот систем во изминатите години, генерално земено, бележат индекси на благо покачување, како во однос на директните учесници, така и во однос на бројот на одржани спортски натпревари во сите засебни целини кои го чинат целокупниот систем. Во училишниот спорт се реализира систем на натпревари за ученици од основните и средните училишта. Според последните податоци на националната спортска федерација која е одговорна за организација на овој систем на натпревари (Федерација на училишен спорт на Македонија, 2014), училишниот спорт опфаќа помеѓу **8 проценти (%)** и **10 проценти (%)** од вкупниот број ученици од околу **70 проценти (%)** од воспитно образовните установи од основното и средно образование што е, секако, индекс на опфат кој делумно задоволува[2]. Основни предуслови за успешно функционирање и унапредување на училишниот спорт се: мотивиран стручен кадар кој произлегува од самиот воспитно образовен систем, обезбедување расположивост на објектите за спорт во училиштата, прилагодување на систем на натпревари заради мотивирање на учениците да се вклучат во рамки на истиот и,

[2] Извор: ПРЕПОРАКИ, ПРЕДЛОЗИ И АКЦИСКИ ПЛАН ЗА СИСТЕМСКО ЗАЈАКНУВАЊЕ И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА УЧЕСТВО НА МЛАДИТЕ ВО УЧИЛИШНИОТ СПОРТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, Скопје: Федерација на училишен спорт на Македонија, 10.03.2014 година.

секако, концептуирање на воннаставните спортски активности во прилог на гореспоменатото.

Како резултат на нискиот степен на опфат на ученици вклучени во рамки на системот на натпревари на училишниот спорт, а имајќи го предвид повеќекарактерното значење на овој сегмент кој истовремено би можел да се нотира како еден од стратешките за целокупниот развој на спортот и сегмент кој осигурува правилен антрополошки и психофизички развој на младата генерација, вклучително како битен чинител во борбата против пороците на современото живеење, потребно е да се пристапи кон градење концепт за негово системско унапредување низ воспоставување компатибилност и сообразени механизми помеѓу сите општествени чинители во сите аспекти кои се предуслов за истото. Во насока на унапредување на системот на натпревари во училишниот спорт, предвидено е воспоставување концепт за основање на училишни спортски клубови врз кои ќе се темелат натамошните развојни степени, со цел за остварување на огромните општествени придобивки кои ги претполага развојот и негувањето на училишниот спорт како национална определба. Ваквиот пристап води кон создавање концепт на училишен спорт одразен низ вредности каде најдобрите ученици во одреден спорт ќе ги “бранат боите“ на сопственото училиште.

# 4. ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА НА СПОРТОТ

Комплементирањето на мерките и активностите со цел низ создавање компатибилен концепт да се подигне оперативноста од заедничкото делување на сите субјекти кои се чинители на единствен спортски систем со единиците на локалната самоуправа во насока на обезбедување услови и системски мерки за поддршка на спортистите, спортски клубови и традиционални спортски манифестации, е процес кој имплицитно квалитативно се одразува врз развојот на спортот.

Во изминатиот период, повеќе субјекти во Македонија имале обврска да дадат свој прилог во интензивирање на процесот на децентрализација што, аналогно, се однесува и на проблематиките поврзани со спортот. Децентрализацијата во спортот претставува сложен процес каде секој повикан субјект го понесува својот дел од товарот со цел на граѓаните од сите возрасни категории и социјални структури да им се овозможи и понуди вклученост како во спортот како дејност, така и во рамките на спортско рекреативните активности, сè со цел да се подигне квалитетот на нивното живеење, како предуслов за достигнување на придобивките одразени низ параметри од кои произлегуваат атрибутите за постоење на здрава нација.

Улогата на државата и нејзиниот придонес во таа смисла треба да се насочи кон подобрување на законската регулатива и механанизмите по тој однос со што ќе се осигура реално пренесување на соодветните надлежности на единиците на локалната самоуправа. Надлежностите кои согласно постојната

законска регулатива се пренесени на единиците на локалната самоуправа, се однесуваат на:

а) развој на масовниот спорт,

б) реализација на училишниот и универзитетски спортски ситем,

в) спорт и спортско-рекреативни активности за лицата со попреченост,

г) организација и поддршка на традиционални спортски натпревари и спортски настани,

д) поддржување систем на спортски натпревари на локално ниво, и

ѓ) класифицирање, управување и грижа за спортските објекти, планирање и изградба на нови, современи спортски објекти, определување рекреативни зони за масовно спортување и слично.

Во насока на поефикасно прикажување и долување на процесот на децентрализација во спортот од државно на локлано ниво кое се базира врз Законот за рамномерен регионален развој Службен весник на Република Северна Македонија број 24/21 од кој произлезе стратешки документ кој е усвоен во Собранието на Македонија, а е насловен како „Стратегија за регионален развој на Македонија 2021-2031“ кој во себе предвидува и децентрализација во делот на спортот и рекреацијата како нераскинливи сегменти за подигање на здрави животни навики на нашите граѓани, предвидува дека распределеноста на инфраструктурата за спорт

по одделните плански региони игра клучна улога во обезбедување основни предуслови за рамномерен развој на спортските активности во сите региони. Рангирањето на одделните плански региони е прикажано во Табела 4, која се однесува на капитални инвестиции во спортски објекти за периодот 2007 – 2017 година, согласно застапеноста на неколку клучни типови спортски објекти по плански региони[3], и тоа:

а) Спортски сали (Сс),
б) Фудбалски игралишта (Фи),
в) Повеќе-наменски игралишта (П-Ни),
г) Тениски игралишта (Ти),
д) Фитнес зони (Фз),
ѓ) Затворени базени (Зб), и
е) Куглани (Ку).

**Табела 4.** Рангирање на одделните плански региони согласно реализирани капитални инвестиции во периодот 2007 – 2017 година

| | Сс | Фи | П-Ни | Ти | Фз | Зб | Ку | Вкн | Рнг |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Пелагониски** | 5 | 7 | 10 | 5 | 4 | 1 | 1 | 33 | 3 |
| **Југозападен** | 3 | 5 | 10 | 6 | 1 | 3 | 2 | 30 | 4 |
| **Југоисточен** | 3 | 6 | 10 | 7 | 2 | 0 | 0 | 28 | 5 |
| **Полошки** | 5 | 5 | 3 | 1 | 2 | 1 | 0 | 17 | 7 |
| **Вардарски** | 3 | 9 | 9 | 4 | 0 | 0 | 0 | 25 | 6 |
| **Североситочен** | 3 | 3 | 6 | 4 | 0 | 1 | 0 | 17 | 7 |
| **Источен** | 5 | 5 | 13 | 7 | 3 | 1 | 0 | 34 | 2 |
| **Скопски** | 16 | 15 | 21 | 14 | 5 | 2 | 0 | 73 | 1 |

**Извор: Пресметки на авторот направени врз основа на податоци од Агенцијата за млади и спорт*

[3] Пресметки на авторот направени врз основа на податоци од Агенцијата за млади и спорт

Овде е важно да се напомене дека со ова рангирање, поради недостаток на податоци, не се опфатени сите постоечки објекти, нивниот квалитет и намена. Сепак, резултатите за перидоот 2007 – 2017 година покажуваат дека Скопскиот плански регион повторно е рангиран на прво место по инвестиции во спортски објекти. Веднаш зад Скопскиот плански регион се наоѓа Источниот, па следи Пелагонискиот, Југозападниот, Југоисточниот и Вардарскиот плански регион. Генерално би можело да се каже дека разликата помеѓу овие региони е релативно мала. Двата региони кои имаат најмал број инвестиции во спортски објекти се Североисточниот и Полошкиот плански регион кои се рангирани на седмото и осмото место.

Во самиот документ постои дел кој се нарекува "Постепено надминување на инфраструктурните диспаритети помеѓу планските региони во културата, спортот и рекреацијата, и противпожарната заштита". Врз база на направената анализа се воочени сериозни диспаритети во културата каде споредбено доминираат Скопскиот и Пелагонискиот плански регион, не само во физичка инфраструктура, туку и во поглед на развој на културните индустрии. Слична е состојбата и по однос на инфраструктурата и дејностите поврзани со спортот и рекреацијата, иако заклучокот е изведен врз основа на достапни податоци за реализирани инвестиции во периодот 2007 – 2017 година, додека по однос на противпожарната заштита потребите се безмалку идентични во сите плански региони. За спроведување на овој приоритет се утврдени следниве мерки, и тоа:

1. Планирање доволно средства во Стратегијата за развој на културата и буџетот на нашата држава за надминување на воочените диспаритети како по однос на физичката инфраструктурата, така и по однос на програмите од областа на културата, насочувајќи ги средствата повеќе кон планските региони кои заостануваат во споредба со Скопскиот и Пелагонискиот;
2. Реализација на втората фаза од институционалната децентрализација на установите од областа на културата;
3. Деметрополизација на културата преку создавање на најмалку еден културен центар на заедницата во секоја општина, а со тоа и услови за локален развој на креативни индустрии како придонес кон економскиот развој на општините;
4. Унапредување на културниот туризам, културните индустрии и занаети, како и независната културна сцена;
5. Планирање доволно средства во Буџетот на нашата држава за надминување на воочените диспаритети во инфраструктура на спортски објекти, како и по однос на организационата поставеност и реализација на национален и регионален систем на спортски натпревари. Притоа, придонес треба да дадат националните спортски федерации за развој на одделни спортови на целата територија на Македонија, насочувајќи средства во неразвиените плански региони;
6. Воспоставување база на податоци на регионално, но и на национално ниво за бројот, големината, состојбата и намената на спортските објекти и соодветно, планирање на

спортските инфраструктурни објекти согласно потребите од спортски активности и рекреација на жените и мажите во одделните региони или пак нивна реконструкција и дополнување со намени за активности од интерес за жените;

7. **Понатамошна децентрализација на спортот, а особено поврзано со пренесување на објектите за спорт од централно на локално ниво;**
8. Реконструкција и одржување на изградените објекти за спорт;
9. Организирање регионални настани за поттикнување на жените да се вклучат во спортски и рекреативни активности;
10. Зголемување на бројот на пожарникари во ТППЕ и забрзана обнова на недвижни и движни добра во сите плански региони, без исклучок.

За процеост на децентрализација во спортот на светско ниво коментираат голем број автори. Едни од нив се Лапсли и Палот (Lapsley & Pallot, 2000), кои говорат дека системите на јавната администрација минуваат низ постојан и неопходен процес на реновирање во согласност со барањата за поголема ефикасност и контрола на управувањето Исто така, авторот Худ (Hooh, 1991) упатува на податокот дека, општо земено, овој процес се заснова врз реформите што го сочинуваат новиот модел на јавно управување, кој сѐ уште се применува денес (Ter Bogt and VanHelden, 2011).

За успешна и професионална децентрализација на спротот од големо значење е политичките претставници во локалните самоуправи на самите спортски организации да им ги олеснат ресурсите и средствата како во делот на  менаџментот на организацијата, така и во делот на спортската инфраструктура. Исто така, важно е да има лесен и брз пристап до информации кои се од значење за спортот и неговиот развој, пред сè, на локално ниво.

Доколку спортот се прифати како неопходност од современите услови за живеење и како активност со која ќе се постигне правилен и позитивен развој на поединците од сите возрасти, тогаш потребно е да се организира и соодветен пристап при планирањето на изградбата на објекти за спорт и спортски активности (на пример: стадиони, сали, базени, атлетски патеки и сл.), Локалната администрација треба да се насочи кон податокот дека ако нивната услуга е на високо професионално ниво, тогаш локалните жители би можеле да бидат задоволни и среќни со податокот дека преку спортска активност на соодветни спортски објекти ќе имаат можност за подобра психофизичка состојба и развој, подобри здравствени и лични перформанси, а особено младите ќе се отргнуваат од секојдневните пороци. Локалната заедница преку спорт и спортување би развила голема здрава конкуренција меѓу луѓето, односно тие објекти едноставно би ги привлекле луѓето кон нив и дополнително би го зајакнале шармот на спортот што силно се чувствува внатре (Anastasovski, 2014).

Ако постои правилна децентрализација на спртот, тогаш тој истиот ќе биде силна општествена вредност за луѓето, како и силна промоција на локалните заедници, нивните традиции, кулутри, како и промоција на локалните власти. Со оглед на тоа дека како држава имаме сериозни недостатоци во делот на регулативата која се однесува на урбанистичко планирање за спортска инфраструктура, која значително би помогнала да се обезбедат места за изградба на современи спортски објекти како дел од урбанистичките планови, односно како објекти за развој на спортот во целина. Во Македонија тоа се прави само во поголемите градови, додека во помалите, рурални, населби таа иградба е запоствена или изоставена, а притоа сите сме сведоци дека на вакви места има многу простор за изградба на современи спортски објекти. Многу градови, сепак, се релативно далеку полошо опремени со некои спортски објекти, а да не зборуваме за приградски и рурални населби, бидејќи површините по жител или бројот на жители кои би користеле спортски објект на овие места се, според некои показатели, помали, а во други се значително повисоки, во зависност од бројот на жителите на одредено место и нивната физичка способност.

Исто така, локалните заедници преку Закон за локална самоуправа и Законот за спорт се поврзани за спортот. Децентрализацијата на спортот покрај тоа што во голема мерка ќе придонесе за развој на спортот, ќе придонесе и за промоција на локалните добра и традиции, особено ако локалната заедница е организатор на некој спортски настан, како од европски, така и од светски рзмери. Секој поголем град во нашата држава има свој

спортски клуб (фудбал, одбојка, кошарка или ракомет), со кој се идентификуваат граѓаните на локално ниво, па оттаму е важно да се има јасна децентразлиација на спортот, особено кога станува збор за финасирањето.

Во развиениот, цивилизиран, современ свет многу држави кои имаат голема традиција во областа на спортот и спортските активности, донесуваат повеќегодишен план за изградба на спортски објекти на локално ниво, како резултат на јасна и недвосмислена децентарлизација која им го овозможува сето тоа, па затоа е повеќе од јасно дека спортот е многу важен сегмент од секој аспект за локалните заедници, согласно што, односот на локалните власти мора да биде на значително повисоко ниво за успешна реализација на децентрализацијата на спортот и неговиот развој.

# 5. ГРАДЕЊЕ НА ИНФОРМАТИЧКА СПОРТСКА МРЕЖА

Одржувањето на спортските натпревари, посебно оние кои се од големо меѓународно значење, вклучително тренажните процеси на спортистите и општото администрирање на спортот, не се можни без соодветна информатичка поддршка. За унапредување на спортот преку овој развоен елемент, како неопходност се јавува потребата од воспоставување информатичка спортска мрежа низ единствен системски концепт. Постојната законска регулатива во овој сегмент предвидува негово воспоставување заради:

а) водење и управување на дејноста спорт,

б) креирање и трансфер на политиките на централната и локалната власт по тој однос, олеснување на планирањето во дејноста, и

в) инвестирање во човечките ресурси вклучени во спортот и вршење споредбеност на остварувањата.

Партнери во информатичкиот спортски систем (види подолу, Слика 3), како носители и корисници на истиот, се:

1. Централната власт,
2. Единиците на локалната самоуправа, спортските клубови,
3. Националните спортски федерации, и
4. Македонскиот олимписки комитет и останати правни и физички лица вклучени во овој делокруг.




**Слика 3.** Партнери во информатичкиот спортски систем

Информатичкиот спортски систем треба да биде компатибилен со националниот информатички систем кој е администриран од страна на органот на државна управа од областа на државната статистика, чии функции се прибирање, обработка и дисеминација на статистички податоци во Македонија, како и со системот на Еуростат (Link & Lames, 2009), како организационен облик на Европската комисија при Европската Унија задолжен за унапредување и хармонизација на статистичките методи во нејзините земји-членки, вклучително и кај пристапните кандидати. Еден од суштинските елементи за воспоставување и осигурување функционалност на систем од ваков вид, е обезбедувањето соодветна кадровска и материјална поддршка.

Во контекст на оваа тема, како и на наредната која се однесува на издавачката дејност во спротот, се цитира Член 68 од постојниот Закон за спорт[4], според кој (цитат): „Заради организирано следење и унапредување на состојбата и развојот на спортот и за водење на долгорочна политика во оваа област, се утврдува информатички спортски систем, и тоа за:

а) спортски клубови и национални спортски федерации;

б) други правни лица;

в) професионални спортисти и професионални тренери;

г) спортисти и други членови на спортски клубови;

д) постигнати спортски резултати;

ѓ) стручни кадри;

е) објекти;

ж) категоризирани спортисти;

з) награди и признанија;

ѕ) меѓународна спортска активност;

и) врвни меѓународни спортски натпревари;

ј) научно-истражувачки проекти од областа на спортот;

к) издавачка дејност во областа на спортот, и

л) други податоци за потребите на спортот.“

[4] Извор: Закон за спорт, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/2002, 66/2004, 81/2008, 18/2011, 51/2011, 64/2012, 148/2013, 187/2013, 42/2014, 138/2014, 177/2014, 72/2015, 153/2015, 6/2016, 55/2016, 61/2016, 106/2016 , 190/2016, 98/2019 и 244/19.

Понатаму овој член од законот се однесува на тоа дека информатичкиот спортски систем го води органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот. Функционерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот, донесува правилник за организирање, водење и управување на Информатичкиот спортски систем во Македонија.

# 6. ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ ВО СПОРТОТ

Издавачка дејност претставува мајка на креативната индустрија. Факт е дека спортот е непресушен извор на нови идеии, можности и откритија кој дава можност за непрекинато творештво, и од посебна важност е спортските автори да творат и издаваат литература за потребите на дејноста – спорт.

Во изминатите години се публикувани изданија од областа на спортот во вид на: книги, брошури, периодични публикации, програми, проспекти, летоци, плакати, каталози и други слични дела што се умножуваат и се наменети за поширокata општествена јавност. Овде може да се приложат вклучително и магистерски и докторски трудови кои во сè поголем број се публикуваат на сите универизитети (јавни и приватни) во нашата држава. Имајќи предвид дека најмеродавен показател кој произлегува од законската обврска публикациите, со цел да бидат релевантни, да бидат регистрирани (каталогизирани) во институцијата задолжена за заштита, чување, каталогизација и користење на публикациите, е сознанието дека постојат многу публикации што се однесуваат на спортот за кои ниту издавачите, ниту, пак авторите не се погрижиле да бидат соодветно регистрирани и заштитени, станува јасно дека тоа е една од пречките за добивање точни информации за состојбите по ова прашање. Секако, ова иницира потреба од конципирање соодветен пристап со цел издаваштвото во спортот, односно публикувањето научна и стручна литература која третира различни прашања од областа на спортот и физичката култура, да биде позастапено и соодветно поддржано.

## 6.1. СПОРТСКО ТВОРЕШТВО И СПОРТСКИ ДОСТИГНУВАЊА

Вообичаено, кога ќе стане збор за спортот, прво нешто на што се помислува, е дека истиот претставува забава, дружење, рекреација, релаксација, здрави животни навики и хоби. Но, во глобала, спортот е многу повеќе од тоа. Суштински, тој претставува начин на живот. Спортот како игра или како физичка активност, зазема значајно место во секое општество, бидејќи ги насочува луѓето кон вистинските вредности кон соработка и меѓусебна почит, од рана возраст ги учи на фер-плеј, конкуренција, тимска игра, помош на послабиот, на споделување на победите, но и спортско прифаќање на поразите. Спортот активно ја врежува во луѓето важноста на вредностите како што се: *искреноста, чесноста, храброста, пожртвуваноста, почитта кон себеси и кон другите, почитувањето на правила и норми, самодисциплината, толеранцијата, интегритетот, тимската работа и лидерството*, како и справувањето со конкуренција (види Слика 4).




**Слика 4.** Приказ на вредности кои се поттикнуваат преку спротот

Спортот ги учи луѓето за суштината на животот, да се бориш и да подадеш рака на поразениот, но и да бидеш поразен, а да не ја наведнеш главата и да се предадеш. Мноштво од суштинските вредности вградени во спортот се компатибилни со принципите неопходни за развој на општеството, како фер играта, соработката, споделувањето и почитта. Животните вештини научени преку спортот им помагаат на луѓето да станат посилни и поиздржливи, како и да ги подобруваат својата психосоцијална состојба, флексибилноста, самодовербата и поврзаноста со другите членови на општеството (што е клучно во процесот на социјализација).

Спортот многу вешто успева да ги обедини луѓето, поединците и заедниците, притоа создавајќи мост помеѓу културните и етничките разлики на луѓето.

### *А. СПОРТСКО ТВОРЕШТВО*

Постојат повеќе видови и нивоа на творештво, но воглавно тоа се темели на природната надареност на секој поединец. Секој поединец поинаку го изразува своето творештво и притоа го надоградува и го покажува на јавноста, на зедницата. Не секој кој твори тоа го изразува на висок степен, туку го прави преку одредни нивоа на своите знаења, умеења и потенцијали. Поединците се уникатни и како самостојни индивидуи оставаат трага во општеството. Општеството, пак, нуди многубројни можности за изразување и остварување на сечив индивидуален потенцијал.

Творештвото како оштествен процес е создадено уште пред многу генерации и тоа се пренесува од генерација на генерација, од колено на колено, како еден вид наследство. Тоа е создадено на различни степени на општествен разој и оштествена култура, односно на различни духовни нивоа кои се судирале и се надградувале.

Една од многуте категории во творештвото е и спортското творештво. Спортското творештво во поновото време се моделира според современа епоха, со свои разлики во моделирањето и поврзувањето на спортот со класи, групи, нации и слично. Спортот како институција станува интернационална, но и понатаму останува национална достигнувајќи подем.

Спортското творештво, како и секое друго творештво, им припаѓа на објективните вредности на дефиренцираните човечки способности што немаат свој поттик во заработувачката, туку во внатрешната вредност на подинците што бара физичка потврда на тие вредности. Не секогаш во спортското творештво се цели кон материјални примања. Спортските автори во поголем случаи творат за разни општествени и социјални достигнувања, релаксација, љубов кон спортот и слично. При спортското творештво од голема важност е социјалниот статус на дејноста. Не би можело со ниско ниво на творештво да се очекува да се создаде статус на некоја издавачка дејност поврзана со спортот. Она што е многу значајно, како за спортот, така и за спортското творештво е спортската публика (читателот), бидејќи без неа спортското творештво е безначајно.

## *Б. СПОРТСКИ ДОСТИГНУВАЊА*

Постоењето и развојот на спортот е во повратна спрега со процесот на творењата и достигнувањата во спртот, што директно води до тоа дека спортот и спортистите постојат заради творењето и достигнувањата. Поради специфичноста на спортот, спортското творештво и спортските достигнувања имаат свои карактеристии.

За реализација, потврдување и унапредување на спортското творештво и спортските достигнувања, основниот елемент е спортистот без кој не се може, а кој, воедно, би требало да покаже почит, толеранција и заедништво, борба и конфликт со противникот, однос со самиот себе, со публиката, но и однос кон општеството во целина. Материјалот во спортот не е едноличен. Тој се изразува во збир на два елементи, и тоа:

1. **Прв** е **динамичкиот елемент** - однос на силите кои предизвикуваат движење.
2. **Вториот елемент** е природната форма на спортистот, поврзана со генетските фактори.

Теоретски постојат неколку актуелни категории на кои се темели успехот во спортското достигнување и тоа:

1. Категорија на возраста во спортот.
2. Категорија внатре во самиот спорт.
3. Институционална категорија.
4. Категорија на етноси, раси, вери и нации.

Интеграционите процеси во спортот настојуваат во тоа според категориите да ги изедначат вредностите на спортските достигнувања на повеќе нивоа, како што се: локалано, регионално, државно и континентално. Спортското достигнување треба да покаже дека олимписките достигнувања на спортските тимови и самите спортисти имаат за цел да ги претстават своите локални заедници (својот град, своето учиилите итн), понатаму својот регион, својата држава или пак својот континент и преку тоа самите спортски достигнувања стануваат институционални, односно се институционализираат. Но, во светстката пракса не е исклучено некои спортови да припаѓаат само на една вера, раса или нација.

Спортските достигнувања се реализираат во услови каде дејствуваат природни и општествени фактори, како и во специфичен спортски амбиент.

Исто така, спортските достигнувања во екипните спортови се разликуваат од достигнувањата на индивидуалните спортови од аспект дека имаат влијание законитости на природата и општествени фактори, како и специфичното дејствување на колективитетот. Спортските достигнувања на екипите и поединецот не може да се поистоветуваат со развитокот на спортистот во индивидуалните спортови. Оттука, се доаѓа до заклучок дека на секој спортист од голема важност му е да го достигне врвот во својата спортска кариера преку генерирање на спортски резултати.

# 7. ПОЛОЖБАТА НА СПОРТОТ ВО МЕДИУМИТЕ

Медиумите и соодветните видови поддршка од нивна страна претставуваат еден од чинителите за унапредување, професионализирање и континуиран развој на спортот. Во оваа сфера констатиран е определен вид соработка помеѓу медиумите и дејноста спорт, при што некои спортови медиумите целосно ги покриваат, а останатите помалку или, пак, воопшто не ги покриваат. Квалитетот и квантитетот на информациите од дејноста спорт се со различни вредности, а нивното пласирање во јавноста зависи од уредувачките политики и програмските шеми на печатените и електронските медиуми.

Слободно може да се каже дека спортот и масмедиумите денес се наоѓаат во симбиотичка врска. Еден без друг не можат. Спортот денес е најбараниот “производ“ за правење на содржината на информациите на масмедиумите (Невчева, 2020). Веќе ништо не може да се случи во светот на врвниот спорт, а тоа да не биде истиот час пренесено како информација секаде низ земјината топка. Позицијата на спортот во македонските медиуми не е на она посакувано ниво кое што е во светот.

Пристапот кон објективност и навременост на информациите од спортот кои се проследуваат до јавноста, е чинител кој поседува развоен аспект во смисла на унапредувањето на спортот. Телевизиските и останати права преку кои спортот и медиумите создаваат простор за вклучување на аспектот на спонзорирање на дејноста што, следејќи ги меѓународните искуства, претставува единствен и нераскинлив

деловен принцип, воедно се еден од темелите за развој и унапредување на спортот.

# 8. УНАПРЕДУВАЊЕ НА СПОРТОТ ЗА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Состојбата на лицата со попреченост низ историјата на човештвото, зависела од степенот на севкупниот научен, економски и социјален развој. Лицата со попреченост отсекогаш постоеле во сите општества, насекаде низ светот. Ако порано се верувало дека причината поради која некои лица се раѓаат со каков било вид на попреченост лежи во недоволниот развој на науката и медицината, денес се знае дека попреченоста, исто така, може да настане токму од спротивна причина - поголемиот развој на науката, поточно од нејзините последици, како што се нуклеарни реакции, хемиски отрови, загадувањето на околината и така натаму. Меѓутоа, ако се погледне низ историска перспектива, важно е да се увиди дека денес веројатно е полесно да се интегрираат лицата со попреченост во општеството, отколку што тоа било порано.

Денес постојат институции за лицата со попреченост, меѓутоа преминувајќи од медицинскиот кон социјалниот модел, а во поново време и со развојот на холистичкиот модел, се создаваат услови за посамостојно живеење, со почитување на основните човекови права загарантирани со најразлични конвенции и национални стратегии, кои имаат за цел не само да ги сочуваат правата на лицата со попреченост да водат живот како рамноправни членови на општеството на кое му припаѓаат, туку и да се развиваат подобри стратегии за нивно самостојно живеење во заедницата, со неопходната подршка од сите граѓански структури.

Спортот во целост има позитивно влијание на квалитетот на животот, здравјето, ментална стабилност, мотивација и самодоверба како кај лицата од типична популација, така и кај лицата со попреченост. Спортските вежби во однаост на дејството можат да се поделат на општи и локални. Општите вежби имаат за цел да го активираат целиот организам, да потпомагаат за одржување на општото здравје или опоравување од болна во здрава состојба. Локалните вежби делуваат на одредени делови на телото, односно на групи на мускули. Имаат посебно значење во нарушување или оштетување на локомоторниот апарат, во спортските повреди, во елиминацијата на мускулната контрактура.

Бенефитите од учеството во спорт на лица со попреченост се наведуваат во литературата во насока на зголемена интеграција во заедницата, подобрување на квалитетот на животот, поголемо чувство на лично задоволство и благосостојба, развој и подобри социјални вештини. Сепак, литературата, исто така, укажува и на тоа дека можноста за такво учество не е секогаш соодветна (Abel et al., 2008). Абел и соработниците тврдат дека вистинската интеграција зависи од многу фактори. Ова ги влкучува социо-економскиот статус, нивото на прилагодување, достапноста на транспортни и други услуги и помагала кои го олеснуваат учеството на лицата со попречност во спотот.

Белата книга за спорт, на Европската комисија во 2010 година, го прифати ставот на Абел за луѓето со посебни потреби, согласно што спортот за нив и понатаму останува тешко достапен и како учесници во спортот и како набљудувачи. Момчињата и девојчињата со попреченост не уживаат со истите можности во

занимавање со спортот како нивните врсници без попреченост, особено во училиштето на часот по физичко образование со нивните соученици. Резултатот на тоа е неусвојување на навика за спортување на рана возраст. Таму каде постојат примери за учество на млади лица со попреченост во спорт резултатите се секогаш позитивни. Спортот и рекреацијата се важен дел од животот на сите луѓе, со или без попреченост. Патерсон и сор. (Patterson, et al., 2004) тврдат дека спортските активности и рекреација придонесуваат за поквалитетен живот на лицата со попреченост, помага нивниот живот да биде поинтересен, да ја ослободат напнатоста, придонесува кон градење и одржување позитивни односи со семејството и пријателите и слично. Авторот Мекгил (McGill, 2004) ја наведува корисноста на спортот така што „со задоволството создаваме посилно чувство на тоа кои сме и го јакнеме нашето чувство на припадност“.

## 8.1. КАКО ДА СЕ СОЗДАДАТ ПОДОБРИ УСЛОВИ ЗА СПОРТУВАЊЕ И ФИЗИЧКА АКТИВНОСТ ЗА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Конвенцијата за правата на лица со попреченост, претставува основен документ за нивните права, особено Членот 30, кој говори за нивното учеството во културниот живот, рекреацијата, слободното време и спортот, каде во ставот 5 укажува на тоа да им се овозможи да учествуваат на еднаква основа со другите во рекреативни и спортски активности. Државите членки ќе преземат соодветни мерки да се поттикне и промовира нивното учество во најголема можна мерка во редовните спортски активности на сите нивоа, да се осигура дека

тие имаат можност да организираат, развиваат и да учествуваат во спортски и рекреативни активности специфични за попреченост и за таа цел, да се поттикне обезбедување соодветни инструкции, обуки и ресурси на еднаква основа со другите. Она што е особено важно да се истакне во конвенцијата, е неопходноста да се осигура дека оваа категорија ќе има еднаков пристап со другите деца со учество во игри, рекреација и спортски активности, вклучително и оние активности кои се дел од училишниот систем.

Нашата држава ја има потпишано Конвенцијата за правата на лицата со попреченост во 2007 година, а ја ратификуваше во 2011 година, со што нејзините одредби станаа дел од националното законодавство и се на сила. Ова укажува дека нашата држава е обврзана да создава услови за практикување на спортска активност за лицата со попреченост. Но, она што е важно да се истакне е што од ратификување на Конвецијата до сега не е преземено нешто посебно за унапредување на спортската активност за оваа категорија на луѓе. Имено, спортската активност за лицата со попреченост е составен дел од спортот, без оглед дали се работи за лица со телесна (физичка) или интелектуална (ментална) попреченост. Бидејќи се работи за мошне комплексна материја, неопходно е да се пристапи и на таков начин. Факт е дека лицата со попреченост се хетерогена групација со различен тип на оштетувања кои се локализирани во сегментот на телото или сетилата.

Спортот и физичкото вежбање не се резервирани само за „здравите” лица. Младите лица со инвалидитет, исто така, ако не и повеќе од тоа, имаат потреба од телесна активност со

програмиран напор и правилно дозирани физички оптоварувања. Тие, повеќе или помалку, секојдневно се изложени на долготрајно седење и физичка неактивност која, ако трае подолг временски период, доведува до уште поголемо намалување или потполно губење на преостанатите физички способности.

Потребно е да се истакне дека голема улога и одговорност во функција на развој на спортот и физичката активност за лицата со попреченост имаат спортските едукатори од областа на спортските науки, спортската медицина, психолологијата и/или социологијата на спортот, особено кога се работи за подобрување на психосоматскиот статус на оваа категорија.

## А. Европски политики и видови на адаптивни спортови или параспорт. Останете активни додека живеете со попреченост

Во текот на 18-от и 19-от век, на спортот започнало да се гледа како на алатка за рехабилитација на лицата со попреченост. Основоположник на параспорт или адаптивен спорт е д-р Лудвиг Гутман, кој сметал дека Параолимписките игри се еквивалентни на игрите на Пјер Де Кубертен (основачот на модерните олимписки игри). Во таа насока, можат да се наведат некои спортови кои можат да се вбројат во графата адаптивни спортови или спортови за лица со попреченост: велосипедизам, јавање на коњ, веслање, седечка одбојка, кошарка во количка, стрелаштво, бош, куглање, мечување, пливање, скуба, голбол, пинг понг и скијање на вода.

Организираните спортски активности на лицата со попреченост можат да се поделат во три групи: лица со оштетен вид и слух, лица со телесна попреченост и лица со интелектуална попреченост. Организираните спортски активности за лицата со телесна попреченост се развиле од програмите за рехабилитација. По првата Светска војна, физиотерапијата и спортската медицина заземаат важно место во рехабилитација на инвалидите, покрај ортопедијата и хирургијата. После втората Светска војна, како одговор на потребите на големиот број воени инвалиди (војници и цивили), спортот станува клучен дел од рехабилитација, во форма на рекреација, а подоцна и натпреварување. Спортските игри содржат комплексни физички оптеретувања на лицата со попреченост и влијаат врз целиот организам и неговите системи, но имаат и пропорционално влијание врз одделни мускули на телото, а ја подобруваат и севкупната психофизичка состојба.

Белата книга за спорт на Европската комисија од 2010 година, се осврнува на податокот дека спортот и физичката активност за лицата со попреченост и понатаму остануваат тешко достапни, не само како активни учесници во тие активности, туку и како набљудувачи во спортот. Проблемот може да се лоцира во самите родители поради неусвојување на навика за спортска активност кај децата со попречност уште на рана возраст.

Низ ЕУ, лицата со попреченост имаат слични проблеми, се соочуваат со слични пречки и доживуваат слични случаи на дискриминација. Повелбата за основните права на ЕУ ја рефлектира нејзината заложба за правата на лицата со

попреченост. Член 26 од повелбата на тој начин подвлекува дека „ЕУ го признава и го почитува правото на лицата со попреченост да имаат корист од мерките наменети за обезбедување на нивна независност, социјална и професионална интеграција и учество во животот на заедницата“.

## Б. Примери на водење евиденција за спорт и физичка активност на лицата со попреченост на ниво на Европска Унија

За жал, нема централен систем на евиденција за учеството на лицата со попреченост за спорт и физичка активност на ниво на Европската Унија. Голем број земји од ЕУ, како Белгија, Италија, Латвија и Романија не собираат редовно податоци на национално ниво. Некои држави собираат различни нехармонизирани индикатори за спортот и физичка активност за лицата со попреченост, што прави невозможно да се направат значајни споредби помеѓу нив.

Во Франција[5] (види подолу, Табела 5), националното Министерство за образование собира податоци за бројот на членови со попреченост во спортските клубови, како и за бројот на такви клубови. Податоците покажуваат дека имало значително зголемување на можностите за лицата со попреченост да практикуваат спорт во клубовите во последните неколку години.

---

[5]Извор:https://op.europa.eu/en/publication-detail/-/publication/09e457a0-04d7-11e9-adde-01aa75ed71a1/language-en/format-PDF/source-84442024, ECORYS, Европска Комисија, декември 2018.

**Табела 5.** Табеларен приказ на податоците за бројот на членови со попреченост во спортските клубови во Франција

| Вид на податоци | 2012 | 2015 |
|---|---|---|
| Број на членови | 73.204 | 91.781 |
| Број на спортски клубови | 2.086 | 2.481 |

Спорт Ирска[6], јавно тело задолжено за спорт, поседува статистика за процентот на луѓе со попреченост што учествува во спортот. Слично на тоа, националниот институт за јавно здравје во Холандија собира информации за лица со различни видови на попреченост кои учествуваат во спортски активности. Во Шведска, националното истражување за јавно здравје нуди информации за (не)активност според вид на попреченост. Годишниот извештај на Министерство за образование, култура и спорт на Шпанија собира податоци за членство во различни спортски федерации посветени на спорт за лица со попреченост (види подолу, Табела 6).

**Табела 6.** Табеларен приказ на податоците за бројот на членови со попреченост во спортските клубови во Шпанија

| Вид на попреченост | 2012 | 2016 |
|---|---|---|
| Број на лица со физичка попреченост | 2.231 | 1.632 |
| Број на лица со интелектуална попреченост | 4.619 | 5.951 |
| Број на лица со оштетен слух | 733 | 1.079 |
| Број на лица со оштетен вид | 2.009 | 1.767 |
| Број на лица со парализа | 1.557 | 1.324 |

[6]Извор:https://op.europa.eu/en/publication-detail/-/publication/09e457a0-04d7-11e9-adde-01aa75ed71a1/language-en/format-PDF/source-84442024, ECORYS, Европска Комисија, декември 2018.

## В. Национални политики во Европската Унија

Некои земји-членки на ЕУ, како Франција, Ирска и Холандија, имаат усвоено централизиран пристап кој е заснован врз специфични национални стратегии и иницијативи за финансирање, додека други членки на ЕУ како Белгија, Италија и Шпанија ги фаворизираат стратегиите суштински развиени и спроведени на регионално и локално ниво. Конкретно, во Белгија партиципирање во спортот на лицата со попреченост спаѓа во надлежност на регионалните власти.

Во Франција, една од четирите оски на Министерството за спорт (Франција во движење) е насочена кон зголемување на бројот на лица со попреченост кои редовно практикуваат спорт или физичка активност. Државното министерство за лица со попреченост има водечка улога во спроведувањето на оваа цел. Во Франција постои меѓуминистерски комитет задолжен за координација на различните политики и активности во оваа област кој воедно ги централизира сите мисии предводени од владата во корист на лица со попреченост во различни министерства. Во Германија, учеството во спортот на лицата со попреченост е под одговорност на федералните држави.

## Г. Состојбата во Македонија со спортот и физичката активност на лицата со попреченост

Во рамките на Министерството за труд и социјална политика има изготвено и усвоено Национална стратегија[7] за

[7] Извор: https://mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/FINALNA%20Revidirana%20Nacionalna%20Strategija.pdf

изедначување на правата на лицата со инвалидност за период од 2010-2018, која во точка 12 се осврнува на рекреација и спорт за лицата со попреченост, која вели дека игрите, рекреацијата и спортот кај децата и младите со развојни проблеми и посебни образовни потреби, како и кај лицата со инвалидност, придонесуваат кон подобрување на нивната општа состојба на организмот, самопотврдување, социјализација и активно вклучување во општествениот и стопанскиот живот. Од особено значење за спроведување на рекреативните и спортските активности за децата, младите, учениците и студентите и другите лица со инвалидност, е дејствувањето на националните инвалидски спортски федерации како спортски здруженија кои имаат добиено решение за дејност спорт од Агенцијата за млади и спорт на Македонија, согласно Законот за спорт и Законот за инвалидски организации.

Но, кога веќе се говори за одредени аспекти за унапредување на спортска и физичка активност за лицата со попреченост, треба да се издвојат неколку важни аспекти:

1. **Социолошки аспект**, кој е насочен кон тоа дека за добро организирана рехабилитација мора да постојат и добри услови во општествената средина, како што е нивото на развој на производните сили, севкупните економски можности, но и позитивните односи и ставови на социјалната средина кон лицата со попреченост и сето тоа заедно го сочинува социјалниот аспект на рехабилитацијата.

2. **Едукативен аспект**, кој е насочен кон процесот на рехабилитација и едукација на лицата со попреченост. Едукативниот аспект, односно процесот на образование подразбира стекнување на потребни знаења, умеења и навики кои имаат социјални вредности што ќе се развиваат преку имплементација на образовните програми особено во делот на спортската активност, како и професионална обука на лицата со попреченост за нивно понатамошно осамостојување.
3. **Здравствен аспект,** кој е насочен кон тоа да докаже дека спортската активност и вежбањето се потребни за секој поединец, но пред сè за лицата со попреченост. Здравствениот аспект ја подобрува работата на срцето и внесува голема доза на радост кај секое лице со попреченост, исто така го подобрува расположението и психосоматскиот статус. Преку користењето на спортската активност и вежбањето се цели кон подобрување на здравјето и благосостојбата на лицата со попреченост, а тоа особено се рефлектира врз нивното расположение.

### Д. Примери за до сегашна активност на лицата со попреченост во проекти од спортски каракатер

Улогата на државната и на локалните власти и институции (како административни, така и научни) за унапредување на спортската и физичката активност за лицата со попреченост, е од големо значење особено во делот на интеграција и нивниот социјален живот во општетството. Целта на тие програми е да се воспостават долгорочни, одржливи здравствени подобрувања на

лицата со попреченост. Како пример можат да се посочат два проекти за спортување на лица со попреченост, помогнати од страна на Град Скопје и општина Аеродром. Тоа се: “Интегративно пливање за децата од општина Аеродром“ и “Јас можам, дај ми шанса“. Исто така, Унивезитетот „Св. Кирил и Методиј“ преку Факултетот за физичко образование и спорт спроведе проект за учество на студентите со попреченост во универзитетските спортски игри.

Во оваа смисла, може да се истакне дека е направено истражување во кое учествуваа родители на деца со попреченост и студенти - учесници во проектот на УКИМ, при што беа нотирани главните проблеми со кои се соочуваат самите родители на оваа категорија деца и студентите во делот на можностите на нивно спортување и физичка активност, особено за нивното ментално здравје и благосостојба. Сегментите кои ги истакнаа како нивен проблем, се:

1. Непристапност на спортските објекти заради архитектонските бариери;
2. Недостаток на опрема и специфични спортски реквизити;
3. Недостаток на прилагоден јавен превоз, градски и меѓуградски;
4. Недостаток на посебни образовни програми за работа на часови по физичко образование со деца и младинци со попреченост;
5. Недоволно едуцирани спортски тренери за работа со спортисти со попреченост; и

6. Недоволно финансиски средства за финасирање на спортски активности.

## Ѓ. Препораки до државата за лицата со попреченост и нивна влученост во општествениот живот

Државата е должна да обезбедува финансирање на спорт и физичка активност на лицата со попреченост преку следниве механизми:

1. Финансирање на опрема за инвалидни и адаптивни спортови. Под ова се подразбира дека спортските клубови и спортските федарции преку јавната администрација можат да аплицираат за субвенции што би се движеле до 90% од цената на набавената опрема за спортување и физичка акативност на лицата со попреченост.

2. Финансирање на спортски кампови за лица со попреченост. Таквите кампови би требало да имаат субвенции во зависност од бројот на специјализиран персонал и бројот на присутни лица со попреченост во кампот. Спортските кампови може да бидат во партнерство со спортски федерации, спортски клубови, невладини организации и факултети за спорт и едукација.

3. Зголемување на јавната свест и разбирање на попреченоста. Со оваа препорака се алудира на меѓусебното почитување и разбирање на сите во општеството кои можат да придонесуваат за инклузивно

општество кои е содржано во Национална стратегија[8] „Едно општество за сите“. Затоа, од витално значење е Владата да го подобри јавното разбирање за попреченоста, како и да се спротивстави на негативните перцепции кон лицата со попреченост. Факт е дека јавната свест најмногу се подига со промовирање на кампањи, но не е доволно тие да бидат само кога е денот на лицата со попреченост, туку, напротив, Владата во текот на цела година да води позитивна кампања за подигање на јавната свест за односот на лицата од типична популација кон лицата со попреченост.

4. Изготвување на национална рамка за инклузивна спортска и физичка активност која би требало да се развие од страна на посебна работна група која ќе планира и промовира меѓудисциплинарно планирање и соработка во областа на спортот и физичката активност. Работната група треба да ја води Агенцијата за млади и спорт, каде ќе бидат вклучени здруженија на граѓани кои се занимаваат со спорт и физичка активност на лицата со попреченост, факултетите кои произведуваат стручни кадри од областа на спортот, образованието, специјалната едукација и рехабилитација и здравство, како и спортските објекти (приватни и јавни). Владата да сугерира кон медиумите да дадат повеќе простор за прилози кои одат во насока на промоција на спорт и физичка активност за лица со попреченост или пак, да се прикажуваат материјали од инклузивни активности и

---

[8] Извор: https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/nacionalna_strategija_za_razvoj_na_konceptot_za_edno_opshtestvo_i_interkulturalizmot_vo_republika_severna_makedonija.pdf

прилози од деца и возрасни со попреченост во рекламен материјал во врска со спортот и физичката активност.

5. Владата да обезбеди ефективна имплементација на сеопфатните нацрт-Упатства за наставници на ученици со општи проблеми со учењето од 2002 година кои се од клучно значење. Владата заедно со граѓанските организации треба да организира курс за добивање на лиценца за лица кои ќе работат во областа на спорт и физичка активност за лица со попреченост, каде добра основа е дипломата која ја имаат добиено студентите од Факултетот за физичко образование, спорт и здравје при УКИМ. Потенцијално важната улога на асистенти за специјални потреби во обезбедувањето дека децата со попреченост ќе имаат квалитетно физичко образование во училиште и како најдобро да управуваат со односите помеѓу асистентите за специјални потреби и наставници, се важни области за идни истражувања.

6. Задолжително воведување на модули за инклузивна/прилагодена физичка активност и спортување кои треба да се воведат на сите нивоа во образовниот процес преку основно, средно до високо образование.
7. Владата треба да развие национална волонтерска служба за спорт и физичка активност за лица со попреченост. Оваа идеја може да се реализира преку организирање на локални спортски партнерства помеѓу граѓански здруженија од областа на спортот, спорски објекти и училиштата, факултетите и дневните центри за лица со попреченост.

# 9. ИНСТИТУЦИОНАЛИЗИРАЊЕ НА СПОРТСКАТА ДИПЛОМАТИЈА И СПОРТСКИ АМБАСАДОРИ

## 9.1. СПОРТСКА ДИПЛОМАТИЈА

Во последно време терминот **“Спортска дипломатија“** со својата цврста емпириска втемеленост, но и со многу ретки (стручни и научни) толкувања и определби има многу важна улогата за секое општество (Štakić, 2000).

Спортската дипломатија, гледано од практичен аспект, е во значителен пораст, но дебатата околу тоа дали дипломатија и спорт треба да се компарираат и дали одат заедно и понатаму продолжува. Оваа дебата не може да реши, но е од голема корист да се изнајдат позитивни патишта за заокружување на овој започнат процес. Треба јасно да се каже дека теоретските истражувања за овој поим до сега не биле на потребното научно и стручно ниво од каде би се носеле прецизни заклучоци. Теоретската потрага по овој нов модерен сиоциолошки феномен дава голем број нови забелешки и консолидирање на неколку стари - оние кои се однесуваат на терминот спортска дипломатија.

Спортската дипломатија има за цел да помага при надминување на културните разлики и притоа има активна улога во зближувањето на луѓето. Како активност во преден план дипломатијата во спортот значи стекнување на вештини како што се лидерство, тимска работа, почитување на правилата и меѓусебно почитување, односно почитување на различностите.

Аргументот е сосема едноставен: зголемено теоретско поткрепување на терминот спортска дипломатија би довело до зголемена практична примена и одржливи, трајни и постојани врски (корелација) помеѓу спортот и дипломатија.

За да се биде успешен во спортот секогаш се бара многу пракса, дисциплина, тактика, решителност и трпеливост, како едни од вештините кои, пред сѐ, им помагаат на младите луѓе да успеат во разни општествени области. Во тој контекст, спортската дипломатија како нов поим во спортот, обезбедува отворање на нови патишта кои имаат за цел да го зголемат дијалогот, да отворат нови видици и перспективи, како и да допринесат за поголемо културно разбирање помеѓу народите во целиот свет. Денешната целосна виталност на спортот во секоја држава се гледа не само во спортското однесување, туку и во форма на негова организација, во здруженијата, нивните статути и акти, националните сојузи, програмите за активност и социјабилност, едукација на спортските профили, профилите на професорите, дипломите и курсевите, материјалните и други норми, законите, зделките во индустријата и организациите на спектаклите и спонзорите, како и неговата умешност да промовира, обединува, зближува преку разни дипломатски активности (Анастасовски, 2018).

Националните и државните интереси во областа на спортот (Анастасовски, 2018), токму поради неговиот развој и диверзификација на неговата структура, не секогаш во меѓународните спортски односи и меѓународната спортска соработка би можеле да се покријат по пат на класични

дипломатски активности на претставниците на државите и дипломатските мисии. Оттаму и улогата на спортските институции и нивната популарна активност би можела да одигра огромна улога, а притоа да биде поддржана од страна на таа класична дипломатија во развојот и продлабочување на меѓународната соработка.

Може да се каже дека нашата држава е прилично активна на ова поле. Во услови на глобалните општествени движења, се отвораат нови прашања за спортските дипломатски активности во областа на спортот, а со нив и проблемот околу квалификувани и квалитетни спортски работници и кадри за обавување на оваа престижна работа.

Употребата на поимот спортска дипломатија генерално се поврзува со терминот дипломатија, а со цел да во спортот како хумана дејност да бидат применети класичните принципи на дипломатската способност и вештини интегрирани со сртучно знаење, кариера и авторитет.

Целта на спортско-дипломатската мисија е претставување на активности на меѓународниот спорт како активности кои можат да придонесат за мир во светот. Дипломатијата, генерално, настојува да ја користи популарноста и привлечната моќ која ја поседува спортот. Едноставно, видливо е дека на секоја од големите и престижните меѓународни спортски настани целиот светски и европски политички естаблишмент е составен дел на церомониите во делот на нивното свечено отворање.

Правна основа за делувањето и активноста на државите во меѓународната спортска соработка и нивното учество во меѓународните спортски асоцијации е, исто така, меѓународното правно признавање на суверенитетот на државите, што им дава легитимитет и легалитет на спортско-дипломатските активности и на претставниците на државите во тие форуми и институции.

Меѓутоа, т.н. “тивка“ спортска дипломатија со правилна политичка визија, се пробива и ги трасира своите патишта на реанимација со вклучување на поединечни спортски дисцилини во меѓународните спортски натреварувања (Štakić, 2000). Спортско-дипломатските активности во меѓународната спортска соработка се движат во две насоки, во врска со основните интереси, и тоа:

1. Државните интереси и причини, мотивирани од престижот и угледот кога се во прашање настапите на националните репрезентации во различни спортови (колективни и индивидуални), каде официјално се ангажира класичната дипломатија, во соработка со еквивалнтна и расположлива спортска дипломатија.

2. Настапите на спортските клубови и нивните меѓународни спортски натреварувања, во кој случај доминира “автентична“ спортска дипломатија, стационирана во институциите и телата (форуми) на различни меѓународни спортски асоцијации, од страна на граѓанското општество, каде до израз доаѓаат, покрај државните интереси и мотивите за профитот, заработката и бизнисот.

Токму поради погоре наведените податоци, од голема важност е нашата држава да отпочне процес за институционализирање на спортската дипломатија со едниствена цел да му помогне како на професионалниот спорт, така и на самата држава.

## 9.2. СПОРТСКИ АМБАСАДОРИ

„Првата голема битка, која ја води македонскиот спорт, е учество на Олимписките игри во Барселона во август 1992 година. Олимпискиот тим, предводен од Богоевски, оди на пат во неизвесност: дали ќе учествува на Игрите. Најдобриот одбојкар во улога на дипломат“.[9]

Основата за развојот на спортот и подигањето на нивото на спортот од сите аспекти, е професионализмот. Тој е гаранција за правата на спортистите, нивно соодветно третирање и наградување за вложениот труд, но во исто време и соодветно казнување за евентуалниот неодговорен однос кон работата. Сигурноста на спортските актери (професионалци) треба да биде ставена на врвот на агендата на секоја владеачка гарнитура, бидејќи професионализмот подразбира целосна посветеност и ангажираност на спортистот. Ова е тема за која има простор да се зборува интензивно и екстензивно, но сепак потребно е да се создадат услови за подигање на професионалноста во спортот, со што ќе биде етаблиран терминот кој важи за спортистите, според кој тие се најголеми амбасадори на една држава. Мора да се напомене дека нашата држава веќе ги промовира првите

[9] Новинарски коментар прочитан на: http://www.dw.com/mk/

амбасадори на спортот. Имено, на ден 28.12.2015 година беа промовирани првите спортски амбасадори во Македонија, меѓу кои: универзитетскиот професор и поранешен селектор Јошко Миленковски, нашиот најдобар ракометар Кире Лазаров, реномираниот фудбалски тренер Андон Дончевски, како и фудбалерот Агим Ибраими.

Во делот на спортски амбасадори постојат Измени на Законот за спорт, кои гласат: „Истакнатите македонски спортисти и спортски тренери ќе добиваат титули амбасадори на спортот. Имајќи предвид дека во меѓународниот систем на натпревари кој го спроведуваат меѓународните спортски асоцијации, како на клупско ниво, така и на ниво на национални тимови, учествуваат голем број спортисти од нашата држава, вклучително тренери и останати поединци, односно спортски функционери со македонско потекло, при што постојат такви кои имаат стекнато исклучителен меѓународен спортски углед, Агенцијата за млади и спорт се определи да предложи законско решение со кое на тие лица ќе им обезбеди соодветен статус, односно ќе им се додели титула – амбасадор на спортот и кои преку соодветно дејствување дополнително ќе ја промовираат и ќе ја афирмираат Македонија во земјите каде што ја остваруваат својата спортска кариера или, пак, останатата спортска активност“, посочуваат од Министерството за правда, каде што се подготвуваат законските измени што се предлага да бидат изгласани по скратена постапка.

Титулата ќе се доделува со согласност на спортистот, таа е почесна и без паричен надомест. Во законските измени се предвидува дека Советот за спорт како стручно-советодавно тело му дава мислење на функционерот кој раководи со органот на државната управа одговорен за работите од областа на спортот за доделување титула амбасадор на спортот на нашата држава на спортисти поединци кои имаат стекнато исклучителен меѓународен спортски углед.

Главна Тема 3
# ОПШТЕСТВЕНИ АСПЕКТИ НА СПОРТОТ

Спортот претставува повеќедимензионален и сложен социјален феномен. Покрај системот на натпреварувањата спортот, исто така, опфаќа и социјални, економски, образовно-педагошки, политички и културни вредности. Спортот е општествена појава со специфични социјални функции и тој е одраз на одредени социјални потреби и влијанија. Научната област социологија на спортот интензивно ја проучува зависноста помеѓу спортот и општеството.

Гледано според социјални вредности на спортот кој воедно е глобален општествен систем истиот се анализира од повеќе аспекти, и тоа:

1. **Економски аспекти на спортот,** кои се условени од комерцијалниот замав. Овој аспект ги согледува битните односи во спортот низ економската логика и светот на парите кои денеска го загрозуваат полето на игра, кое некогаш претставуваше суштинска компонента на спортот.
2. **Културен аспект на спортот**, кој е незаобиколив дел во истражувањата и анализите на социологијата на спортот. Факт е дека спортот е настанат како дел од културата и претставува културен феномен, односно спортот денес е начин на живот во современиот свет кој е прифатен во секојдневниот живот на луѓето.
3. **Политички аспект на спортот,** кој помеѓу останато се набљудува и како средство за политика. Спортот, денес сè

повеќе е во служба на одредена идеологија и на разни општествено-политички интереси. Интересот на социологијата на спортот е насочен кон аспектите на економските и политичките вредности, но и други сродни дисциплини (како на пример: економија во спортот, политичка социологија и право во спортот).

4. **Морални и хумани аспекти на спортот** се, исто така, многу значајни компоненти кои, доколку бидат загрозени од страна на поединци и групи, му носат негативни влијанија на спортот. Треба да се напомене дека ако започне загрозување на моралните и хуманите аспекти на спортот, тогаш со сигурност спортот ја губи својата морална вредност.
5. **Правен аспект на спортот** кој станува сè поактуелен и поактивен дел од спортскиот систем, особено во делот на неговиот професионализам. Многуте разни нерешени прашања кај врвните спортисти како што се професионалните договори, преминувањето на играчите во различни клубови и ред други работи, се само дел од прашањата на кои треба да се даде одговор. Исто така и правниот статус на спортот полека станува фокус на меѓународната спортска заедница.
6. **Образовно-педагошки аспект на спортот** втемелен во традиционално, филолошко-педагошките книги од деветнаесетиот век. Спортот се набљудува како темел на образовно-воспитните активности и добива акцент на културен инструмент. Педагошките науки го набљудуваат спортот како главен воспитен принцип кој тежнее кон тоа

младите луѓе да се усовршуваат низ спортот, но и да создаваат колективен дух преку спортските натпревари.

# 1.ОПШТЕСТВЕНО ГЛЕДАЊЕ НА СПОРТОТ

Влијанието на спортот врз човечките емоции, моралот, волјата, интелигенција и слично, секогаш се разгледувало од општествено-воспитен аспект. Не постои спорт, или спортска активност која може да се изведува без учество на нервниот систем. Според тоа, нема сомневање дека централниот нервен систем како извор на сите интелектуални операции, кои преку спортот се поттикнати да се развиваат, имаат позитивно влијание врз развојот на интелигенција кај човекот.

Според својата природа спортот развива радосен, полетен дух и иницијатива. Тоа освежувачко дејство на спортот со своето влијание врз човековите емоции, се објаснува со појачувањето на сите функции на организмот кои се под влијание на слободно избраното телесно вежбање. Не е ни чудо што многу светски умови како, на пример, Гете, Толстој и др., го користеле спортот токму во таа смисла.

Желбата за победа, за постигнување на подобри резултати, која денеска е сѐ поголема од аспект на заработувачката која се нуди преку спортот, поголема популарност и останато, има несомнено големо влијание врз градењето на волјата кај човекот. Тоа не е само прашање на интензитетот на волјата, туку и прашање на зголемување на активноста на волјата која влијае врз нејзиното јакнење, определеноста на волјата, нејзината насоченост, па и на степенот на мобилизацијата што кулминира во позната спортска мисла (желба за победа).

Во својата книга Социологија на физичко образование и спорт автортот Анастасовски посочува цитат од Енгелс кој вели *“моралните теории како посебна истанца се производ на економската положба на општеството во зададено време*”. (Анастасовски, 2019)

Според него критериумите кои ги одредуваат насоките за поврзаноста на општетсвото и спортот (Анастасовски, 2019), се:

1. Односот според изградбата на општеството;
2. Усогласување на интересите на поединецот и заедницата;
3. Односот кон работата како извор на вредноста и мерило на личноста;
4. Ориентација и силата на карактерот;
5. Хармонија на мислата, зборот и делото.

# 2. ОПШТЕСТВЕНО ЗНАЧЕЊЕ НА СПОРТОТ

Спортот како систем кој претставува натпреварување помеѓу поединци и групи, е од несомнено индивидуално и општествено значење, без оглед дали се работи за првенствени или пак пријателски натпревари. Спортот придонесува актерите во него да ја јакнат физичката и психичката кондиција и способност од една страна, а од друга, на публиката и поширокиот аудиториум им овозможува забава, задоволство, релаксација и во **крајна консеквенција води кон зголемување на идентитетските врски и припадност кон државата.**

Современиот свет е незамислив без постоење на спортот како еден вид човекова надградба. Спортот е својствен за човековиот вид, а во останатиот животински свет постои само борба за опстанок, борба до истребување, кои се пандан на војните кај луѓето. Резлутатите во спортот, а особено оние позитивните (победите), честопати ностат големи профити на поединци, групи, нации или држави, гледано од духовен или материјален аспект.

Анастасовски и Нанев (Анастасовски и Нанев, 2011) нагласуваат дека спортот, при своето формирање, како и другите институции, го формирал својот идентитет и ги дефинирал своите сопствени граници. Авторите говорат за тоа дека од повеќето теоретски пристапи и гледишта на спортот (види подолу, Слика 5), најзначајни за спортот како општествен феномен, се:

1. **Педагошкиот пристап**, кој на спортот гледа како на темел на образованието и воспитанието.

2. **Економскиот пристап**, кој битните односи во спортот ги третира како своински и смета дека спортот е битно детерминиран со односите во економската сфера.
3. **Политиколошкиот пристап**, кој се темели на тоа дека спортот го определуваат односите на силата и власта и дека пресудно влијание врз карактерот на спортот имаат политичките односи и структури.
4. **Социолошкиот пристап,** во потесна смисла, (трите претходно наведени пристапи имаат социјална димензија) ги анализира социјалните функции на спортот, односите во општествено-спортските групи како и самиот спорт во целина.




**Слика 5.** Приказ на теориските приспати за развој на спортот, според Анастасовски и Нанев (2011)

Денес, активностите кои се поврзани со спортот стануваат сѐ позначајно средство кое го користи меѓународната политика. Фактот за тоа е борба за добивање на организација за спортски спектакл или, пак, активна градежна оператива за спортски објекти наменети за рекреативен, аматерски или врвен/професионален спорт. Овде се вбројува и бизнисот со спортската индустријата преку ТВ права или спортска опрема кои се сѐ повеќе значаен фактор на развојот на стопанството и економијата.

Според новите светски трендови, сѐ поголем е бројот на научни и стручни работници од повеќе области кои секој од свој аспект и свое гледиште го анализараат и проучуваат спортот како социјален сегмент, а врз база на тоа се манифестира сериозност кај самите држави, кои користејќи ги добиените податоци за состојбите во спортот носат сериозни државни одлуки за равој на спортот преку закони, акти и резолуции.

Сето кажаното погоре наведува на констатција дека спортот има сериозно место во светската политика и претствува важен општествено-социјален сегмент во животот на секој поединец, што е одраз на општествената динамика и творештвото на луѓето кои се занимаваат со или го употребуваат спортот. Во процесот на општествената интеграција и дезинтеграција спортот има значајна улога, бидејќи: влијае врз формирањето на општествените вредности и културните примери и гради социјално-специфични односи и примери на однесување, што значи дека спортот е суштински поврзан со животот на човекот и живее со сите проблеми на општеството, времето и просторот, па оттаму и

оправданоста од социолошкиот пристап и социолошките истражувања на овој феномен.

Социјалната диференцијација во спортот во различни општества, доследно на општиот социолошки пристап, бара сопствена социолошка анализа. Со право може да се каже дека суштината на спортовите доаѓа од јавната економија, но и од светските асоцијации, заради што само конкретна социјална и економска историја на секоја земја го објаснува определениот спорт. Јавниот ангажман против нееднаквите шанси во спортот заради бојата на кожата, создаде и релации за промена на статусот на жените во светот на спортот, и тоа не само против старите форми на патријархалните релации меѓу половите, туку и за сите оние ангажмани во спортската култура што се против физичкото насилство. Различните класи нееднакво се вклучени во социјалната добивка што ја стекнуваат определени спортови.

Односот кој се манифестира помеѓу спортот и играта, има сериозни разлики, а честопати тие се идентификуваат или изедначуваат, што во секој случај е погрешно. Кога ќе се каже дека спортот е игра, тогаш се губи суштината на односот, па треба да се објасни формулацијата дека спортот не е игра, бидејќи суштинските специфичности се видливи:

1. Спортот е повеќе систематизиран и дисциплиниран, па поради тоа ги губи играчкиот карактер и содржина, што најдобро може да се види во поделбата на играчите на професионалци и аматери.

2. За професионалните спортисти, играта се претвора во борба за престиж и за реултат, па оттаму нивното однесување не е вистинско играчко.

Денешниот модерен/професионален спорт нема никаква врска со играта, тој е поврзан со омраза, завист, мислење, одбегнување на правилата како и садистичко уживање во насилството. Спортот е борба без пукање од оружје, борба со пријателски средства. Значи, спортот може да биде непресушен извор на непријателство, нетрпение и насилство (Анастасовски, А., и Анастасовски, И., 2002).

Зголемувањето на моќта на спортот (особено онаа економската) може да стане сериозна закана кон него самиот и со тоа ризикува да го помести битниот дел од неговиот функционален карактер – играта, забавата и дружење. Наметнувањето на спортот како средство на општествената свест и интерес, го потврдува гледиштето на прераното инструментализирање, девијантноста и конформизмот. Самото натпреварување, со својот карактер на односите, произведува загубари, бидејќи игра е сè до оној момент додека не се изберат страни и противници, затоа што веќе од тогаш почнува натпреварување во кое секогаш има победник и победен.

За да се постигне тоа мораат да бидат откриени предизвикувачите на тие болести од кои страда и самото општеството. Значајноста за истражување во спортот е евидентна, бидејќи таа ѝ припаѓа на нашата цивилизација, и е составен дел на цивилизациските и културните текови. По курсот

и развојот на спортот во различни општества, може да се констатира следново: “спортот не е под стаклено ѕвоно и всушност ја дели истата судбина со самото општество на кое му припаѓа и каде се манифестира секојдневно“ (Анастасовски и Стојаноска, 2010).

# 3. ОПШТЕСТВЕНА ПОЛОЖБА НА ГРУПИТЕ И ПОЕДИНЕЦОТ ВО СПОРТОТ

Факт е дека, до денес, во светот, а и кај нас, сè уште не е научно изолирана врската помеѓу општествената положба на поединецот и активностите во спортот. Секој успех во спортот, всушност, е резултат на степенот на развиеноста на одредени психосоматски димензии, интензитетот и квалитетот на нивните односи, како и односите кои владеат во одредена средина и одредено општество. Целта на тренингот е со помош на правилно прогнозирање и правилно програмирани оператори, да се дејствува, доколку е тоа можно, на развитокот на одделни димензии од психосоматскиот статус и на нивните меѓусебни односи, кои имаат најголемо влијание врз постигнување одредени резултати во определени активности во спортот. Колку и да е некоја димензија од психосоматската положба под влијание на генетските фактори, сепак можноста за развивање под влијание на надворешните - тренажните фактори и експлоатирање на сопствениот потенцијал многу се разликува кај луѓе кои за време на интензивниот раст и развиток биле под различни влијанија на општествената средина. Во врска со тоа и ефектите од еднакво програмираните тренинзи се различни, доколку општествените карактеристики можат во поголема мерка да го стимулираат или дестимулираат развитокот на одделните способности и да го овозможат или спречат искористувањето на биолошко-детерминираниот потенцијал.

Добрата општествена средина и клима ја зголемуваат веројатноста за трансформацијата на способностите под влијание на воспитно-образовните, тренажните и другите едукативни постапки. Бидејќи општествената средина во голема мерка е одговорна за развитокот на оние способности и особини од кои непосредно е зависен успехот во активностите од спортот, изучувањето на степенот и структурата на односите меѓу димензиите на општествената положба и биомоторичките димензии може да придонесе да се изгради темелен и објективен пристап за анализа на резултатите од активностите во спортот.

Според Анастасовски истражувањата од овој вид, поради своето научно, практично, а посебно методолошко значење, бараат прецизно одредување на поимот *општествена положба* и поимот *биомоторичка способност*. Констатациите што ќе бидат изнесени, не би требало да бидат генерализирани и некритички да се земаат како карактеристики за сите општества и општествени уредувања (Анастасовски, 2019). Тие треба да имаат за цел да ги поттикнат размислувањата за тој проблем воопшто, како и посебно за специфичностите во нашето демократско отворено општество. Тие констатации се:

1. Низ историска проекција може да се види дека, одделни активности во спортот, одделни спортови, за одредени слоеви, претставуваат општествени симболи. Така, племството за ловот и јавањето сметало дека се исклучиво нивни активности, а трчањето, фрлањето камен и борењето, сметале дека се активности за населението на село.

2. Спортот и денес ја одразува и одржува општествената слоевитост која се манифестира во него, а се зголемува преку него. Постои хиерархија на одделни активности во спортот во однос на општествената положба на консументите, така што самата општествена слоевитост ги диференцира луѓето во неговиот простор.
3. Спортот ја зацврстува постојната општествена слоевитост. Човекот кој се занимава со одредена активност од спортот, активност карактеристична за слојот, добива можност да ги оцени вредностите и причините на однесувањето на слојот на кој и самиот му припаѓа. Спортот и неговите активности се важен фактор на социјализација внатре во слоевите.
4. Општествената слоевитост е одговорна за фактот дека и спортот не е подеднакво дистрибуиран по сите слоеви. Без оглед на тоа како слоевитоста се дефинира, спортот значително се појавува како рекреација, активности дури и од нивото на висококвалификувани работници.
5. Постои значителна разлика помеѓу активните и пасивните учесници на активностите во спортот, без оглед на предностите што ги имаат одредени спортски гранки и дисциплини (следени од едни слоеви, а се занимаваат со други).
6. Посебни општествени групи се занимаваат со одредени активности и тоа на начини кои ги одразуваат карактеристиките на групата (пр. ловот, тенисот, скијањето на вода).
7. Колку одредена активност е помлада, толку нејзината општествена положба е повисока, бидејќи повисоките

општествени групи и групации веднаш ги отфрлаат оние симболи, кои почнуваат да ги отфрлаат „пониските“ општествени групи. Со ова, на некој начин, се објаснува стагнацијата и опаѓањето на гимнастиката, атлетиката и боречките спортови (како индивидуални спортови) од почетокот на сегашниот век.

8. Посебен аспект на надворешно манифестирање на општествената слоевитост се активностите кои бараат посебни услови и скапа опрема, па се недостапни за луѓе со ниски лични примања (пр. тенисот, скијањето).
9. Времето, начинот на занимавањето и скапата опрема се начини на манифестирање на општествената слоевитост, во и онака масовните активности.
10. Професионалците имаат одредена положба од аспект на активноста или спортот со кој се занимаваат и какво место заземаат во таа активност или во тој спорт.
11. Во принцип, професионалците, без оглед во кој спорт се активни, се од пониските слоеви. Тие се повеќе мотивирани за успех, што зборува дека активностите во спортот можат да бидат значајно средство на општествената подвижност.
12. Значајната консеквенца на односите помеѓу општествената положба и спортот, произлегува од нивната важност за општествената подвижност.
13. Како што општествената интегрираност на групата ја намалува акцизноста на поединецот, со неа се намалува и асоцијалното однесување, агресивноста и насилството.

Групите во спортот несомнено имаат значајно влијание врз однесувањето на поединецот кој, пак, со својот потенцијал се вклопува во активностите на групата, во зависност од тоа како тој или групата задоволуваат некоја потреба(и), кои се причина, или внатрешна побуда поединецот да се задржува во конкретната група.

На човекот не му е доволно да ги задоволи само оние потреби кои му овозможуваат елементарна егзистенција. Настојувањето да се живее во склад со своето битие, со творечката работа, го тера кон нови потреби настојува да ги задоволи, а се поголемиот број различни потреби водат кон различни форми на меѓусебно поврзување на луѓето, со цел истита да бидат задоволени. Сите форми на човеково здржување, всушност, се функција на сѐ побројните и разновидни потреби во чија основа лежи генетската суштина на човекот: творештвото и потврдување на личноста.

Анализирајќи ја суштината на општествените групи, треба да се наведе Аристотеловата максима: „Човекот, кој би можел да живее сам, или е бог или е животно“ (Štakić, 2000). Човекот уште од своето раѓање, поради својата биотичка и социјална природа, е врзан за групата и живее во неа. Во својот животен циклус поединецот, од просторно тесни и малубројни групи, поминува во пошироки и помногубројни општествени групации, каде преземајќи одредена улога, ги задоволува и своите општествени потреби. Во различни групи и различни ситуации луѓето различно дејствуваат, со различно темпо и интензитет. Честопати, со своето асоцијално и агресивно однесување, поединецот врши терор, врши насилство

врз групата, што се одразува на конечниот резултат. Тоа посебно е видливо во спортот, особено во групните спортови и нивните натпреварувања.

Во спортот, за да се спречат асоцијалните однесувања и агресивноста кои доведуваат до насилство, предност треба да се даде на изградувањето на културата на личноста, унапредувањето на меѓучовечките односи, однесувањето спрема себе и спрема друг, и разговорот како форма на културна комуникација.

Главна Тема 4

# ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈА ЗА СПОРТ ЗА ПОГОЛЕМА ПРОФЕСИОНАЛНОСТ

## 1. КРАТКА АНАЛИЗА НА СОСТОЈБИТЕ

Управувањето е процес со социјален елемент. Потребно е ефикасно користење на ресурсите во комбинација со водство на луѓето, за да се постигне одредена организациска цел. Управувањето претставува аспект на бизнисот што ги нема истите специфични должности кои ги имаат некои други делови од бизнисот. Сепак, управувањето како и сите други делови на бизнисот има одредени функции за водење на работењето.

Глобализацијата денес, претставува главен креатор на промената во начинот на кој спортот се креира и конзумира. Зголемената интеграција на светските економии овозможува комуникацијата да се одвива непречено помеѓу креаторите и потрошувачите на добра со огромна брзина, а токму поради тоа спортот е сектор кој ги користи бенефитите од сето тоа. Денес, професионалниот спорт, презентиран преку светските модерни спортски спектакли насловени како Олимписки игри, Светски купови во рагби, крикет и фудбал, Лига на шампиони, Премиер лига, Американска кошаркарска професионална лига НБА, Гранд Слем и Роланд-Гарос во тенисот, претставуваат најпрофитабилни спортски манифестации, со огромен медиумски интерес. Во контекст на наведените спортски настани интересен за издвојување е податокот дека Светското првенство во фудбал кое беше одржано во Русија во 2018 година, има остварено профит од

**6.1 милијарди евра,** што претставува зголемување на профитот од **1.3 милијарди евра** повеќе од светско првенство во фудбал одржано во Бразил 2014 година (Анастасовски, 2020). Овој податок се должи на фактот што во Русија имало 2 (два) спонзорски договори повеќе од Република Кина, за разлика од Бразил каде имало само 1 (една) компанија од Република Кина како спонзор.

Затоа во изградбата и развојот на спортскиот пазар, највлијателни се директните (непосредни) и индиректните (посредни) учесници во спортот, и тоа:

- Директни (непосредни) учесници во спортот:

a) спортистите, и
b) спортските тренери,

- Индиректни (посредни) учесници во спортот:

a) спортските менаџери,
b) спортските фанови (поддржувачи), и
c) средствата за јавно информирање (медиуми).

Без оглед на значајноста на директните актери без кои спортот е незамислив, во целиот овој спортски систем медиумите играат значајна улога кон јакнење и промовирање на спорскиот пазар пред јавноста.

# 2. СОСТОЈБИ ВО ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ КОИ СЕ ПОВРЗАНИ СО СПОРТОТ

Од причини што образованието е важна карика при градење на професионална спортска кариера, во најголем број од образовните системи во развиениот свет, покрај спортскиот менаџмент, во стручните колеџи и училишта, како и на универзитетите се изучуваат дисциплини што претставуваат синтеза на економските и спортските научни знаења и доктрини, како што се претприемништво во спортот, спортски маркетинг, финансиски менаџмент во спортот, менаџмент на спортски настани, менаџмент на спортски објекти, односи со јавноста, медиумите и спорт, спортско право и сл. Ова води кон тоа дека е од голема важност општествата да имаат образован кадар за потребите на спортот, особено во делот на неговото управување и организирање. Нашиот образовен систем, посебно на државните универизтети, е орентиран кон наставните струки во делот на физичкото и здравственото образование. Сепак, Факултетот за физичко образование, спорт и здравје, заедно со Економскиот факултет како дел од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје, од пред неколку година започна со едуцирање на студенти од втор циклус на магистерски студии по спортски менаџмент. Целта е да се подигне образовното ниво на студентите за потребите како за управувањето во спортот, така и за подигање на спортот на едно повисоко ниво во нашата држава.

## 2.1. НЕКОЛКУ ПРИМЕРИ НА СТРАТЕГИИ НАСОЧЕНИ КОН ПОДОБРУВАЊЕ НА СПОРТОТ

Она што е визија на развиениот свет, е државните авторитети да гледаат на спортот како на средство за подобар економски и социјален развој. Како такви, тие во нивното делување носат политички одлуки и легислативи за поддршка, контрола или регулирање на активностите во самиот систем на спортот. Владините политики одат во насока на поддршка на развојот на спортот и спортистите, како и мотивација за секој граѓанин за поголема физичка активност со намера за подобрување на сопствената психофизичка состојба. Најголем процент на држави тоа го реализираат преку Стратегии или Национални програми. Исто така, европскиот свет и надлежните гледаат голема можност да ѝ помогнат на сопствената економија преку организирање на спортски настани. Бенефициите при поддршката за организирање на спортски настан државите ги гледаат како одлична можност за вработување на повеќе млади луѓе, за јакнење на волонтерска мрежа, за подобрување на услужните дејности, особено кај државниот сектор. Исто така, државните органи може да ги регулираат престижните спортски орагнизации и асоцијации преку легислатива, односно преку лиценцирање во делот на економијата, анти-дискриминација, оданочувањето или општествената одговорност.

Во светот постојат различни стратегии за развој на спортот. Една од нив е Стратегијата за спортски работи на Северна Ирска за период од 2009-2019 година[10]. Понатаму, интересна е

[10] Линк: https://www.communities-ni.gov.uk/.

Националната стратегија за спорт и физичка активност на Малта, која предвидува 36 милиони евра што ќе бидат ставени на располагање, од кои 30 милиони за нови спортски објекти, а 6 милиони евра за обука на спортистите. Оваа стратегија има за цел да помогне да се надминат здравствените, социјалните и економските исходи утврдени во спортската иднина. Воедно, Република Бугарија има донесено Национална програма за физичко воспитание и спорт за период од 2018-2020 година[11].

Кон што би требало да цели стратегија за спорт и физичка активност во нашата држава? Како прво, би требало да се искусат придобивките што ги носат учеството во спортот и физичката активност, вклучително: менталната благосостојба, физичката благосостојба, индивидуалниот развој, економскиот и социјалниот развој на заедницата итн. Потоа, обезбедување и подобрување на спортските објекти преку финасирање од програмата за спортско обложување, подигање на образовното ниво на спортските тренери, спортските менаџери, спортските новинари, како и самите спортисти преку двојна кариера, негување на волонтерство (вклучувајќи спортски судии, спортски тренери, спортски администратори и други помагачи), отвореност во политичката и административната структура, управување со знаење, развој на програми за самофинансирање, програми за развој на спортистите и она што би било многу значајно - ставање акцент на спортот и физичка активност за лицата со попреченост.

[11] Линк: http://mpes.government.bg/.

# 3.ПРОФЕСИОНАЛНОСТ ВО СПОРТОТ

Резултатот и остварувањето претставува единствена мерка за успех на еден професионалец или една професија. Професионалноста, како на работа, така и на кое било друго место, се дефинира преку самото однесување на поединецот. Ова е особено истакнато во спортот и тоа кај професионалниот. Професионалноста не се однесува само на позициите кои се дефинираат како професии што бараат високо образование и голема заработувачка, туку се однесува на сите професии и квалификации.

Професионалност не е нешто што доаѓа само од себе кога ќе се започне со работа, туку е нешто што се стекнува со тек на работата. Професионалност претставува еден вид домашно воспитување (Анастасовски, 2020). Неопходно е да ја поседува секој поединец и да ја применува при извршувањето на работните задачи, што на одреден начин дава гаранција за сечив личен успех. Во литературата (види подолу, Слика 6) постојат неколку особини кога станува збор за професионалност при извршување на работните задачи:

1. **Сигурност,** преку која луѓето кои се во спортот ќе се чувствуваат сигурни со вас;
2. **Компетентност,** која ќе покаже дека вие сте вистинската личност за одредена работа во спортот;
3. **Чесност,** претставува една од најважните особини за манифестација на професионалното однесување во спортот;

4. **Навременост,** која е карактеристика на поединците кои се посветени на навремено исполнување на задачите во спортот;
5. **Почит,** пред сè кон себе, а особено кон другите во спортот;
6. **Позитивност,** потребно е да се настојува да се шири позитивност и оптимизам во спортот; и
7. **Фокус,** секогаш бидете фокусирани на тоа што го работите во спортот.




**Слика 6.** Сликовит приказ на особини кога станува збор за професионалност при извршување на работните задачи

Во спортот, не постои правило дека нешто треба да се направи на еден посебен начин и дека само на тој начин може да се постигне успех. Есклузивноста на еден пристап и демонстрација на спортот (особено професионалниот) на едно

високо ниво, укажуваат на комодалитетот на модерниот спорт, големите, неисцрпни и различни пристапи и пропагирање на самата игра. Имплементацијата, адаптацијата и прилагодувањето на искуствата од другите земји може да биде успешно и да се зема предвид само со почитувањето на нашите социолошки и културни карактеристики, климата, обичаите, условите, начинот на живот и системот на работа во одреден спортски клуб. Затоа треба да се истакне дека клучот на успехот во професионалниот спорт лежи во професионалноста.

Главна Тема 5

# СПОРТСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

Организираноста во спорот и спортските организации (федерации, клубови и здруженија), е подеднакво важна, како и организирањето на еден општествен систем. Спортот е одраз и огледало на самиот тој систем (Анастасовски, 2013).

Под поимот спортски организации (види подолу, Слика 7), се подразбираат:

1. Спортски федерации;
2. Спортски сојузи;
3. Спортски асоцијации;
4. Спортски клубови; и
5. Компании од областа на спортот.




**Слика 7.** Сликовит приказ на поимите кои ја дефинираат спортската организација

Според структурата, спортските организации како систем подразбираат свои физички елементи и информативни врски кои го произведуваат нивното однесување. Ова е начинот на кој основните елементи на системот се организирани или меѓусебно поврзани и зависни. Во реалните спортски системи - организации, структурата се состои од неколку физички елементи и комплексна мрежа на информативни врски. Знаејќи ја оваа мрежа на елементи и информативни врски, спортската организација може да се управува како динамичен (во временски различен) систем. Идентификувањето на структурата на спортската организација започнува со анализа на протокот на субјектите и распределбата на човечките ресурси на различни физички елементи - организациски блокови и активности, како и оперативни погони кои нејзините основачи ги очекуваат за постигнување на предвидените цели.

Секоја спортска организација има воспоставено сопствен систем на организирање и функционирање, тргнувајќи од својата основна база, односно преку спортските клубови, спортски здруженија, националните спортски организации, па сè до меѓународните спортски федерации и Меѓународниот олимписки комитет. За да може да се доближи организацијата и функционирањето на спортот во Македонија, неопходно е да се согледаат движењата кои се случуваат во спортските клубови, потоа стекнувањето на статусот на правно лице и статус на правен субјект за вршење на дејноста спорт, здружувањето и различните форми на организирање, како и процесот на остварувањето на правата и обврските.

Спортските клубови се основна клетка на спортското организирање. Во светската литература постојат повеќе дефиниции за спортски клуб. Така, на пример, Спортскиот универзитет во Чикаго[12], спортскиот клуб го дефинира како “регистрирана организација која на заинтересираните поединци или групи им обезбедува спортски програмски активности, рекреација или натпреварување, како и целосна рекреативно-активна физичка активност“.

Истиот извор наведува дека целите на спортскиот клуб се:

a) вклучување на што повеќе поединци или групи во нови видови на активност, сè со цел да ја одржуваат и да ја подобруваат способноста на членовите;
b) развивање на лидерските способности на поедниците;
c) обезбедување услови за развивање на позитивни меѓучовечки односи;
d) промовирање на почитување на различностите.

Во едно од своите дела, Шурбатовиќ (Šurbatović, 2014) истакнува (цитат): „*Изучување на проверените и воспоставените знаења за тоа како спортската организација ги постигнува своите цели, а притоа ги прибира, распоредува и користи ограничените човечки, материјални, информациски и финансиски извори на својот успех* “ (стр.23).

Она што е важно да се нагласи, а притоа да не се дава поголема димензија на спортските организации, е тоа дека

[12] University of Chicago, Department of Athletics and Physical Education Program, Internet portal: www.uchicago.edu/campus/campus-clubsports.htm.

постојат неколку поделби за нив, а подолу е избрана поделбата прикажана на Слика 8 (види подолу). Согласно неа, спортските организациони средини се многу коплексни и исклучиво многу често подложни на нестабилност и варијации кога станува збор за генералните и извршните елементи. Нестабилноста главно се должи на турбуленцијата која ги опфаќа нивото, средината и брзината на промените кои се случуваат во периодот на престојната година. Целта и успешноста на еден спортски менаџер во една спортска организација, зависи од тоа како ќе се однесува кон настанатите промени и како со нив ќе постапува и ќе се справува.




**Слика 8**. Сликовит приказ на фактори кои имаат влијание врз еден спортски менаџер, во една спортска организација

Сите наведени фактори од табелата погоре треба да се во заемна хармонија и со меѓусебен реципроцитет. Проблем се јавува кога барем еден од нив не е во согласност со потребите на една од срединиte. Како резултат на тоа се јавува корупција или потплатување на членовите, скандали со користење на нелегални средства, сѐ со цел да се подобри перформансот на поединците, зголемување на трансфер средствата и занемарување на фер-плеј правилата, потоа објавување на голем број лажни сторији за да се подигне рејтингот на спортскиот клуб или поединецот и слично.

## **А. Локални спортски организации (ЛСО)**

Локални спортски организации (ЛОС) се организации кои се занимаваат со спорт на локално ниво и може да се вклучуваат во општинските спортски лиги и натпреварувања. Локалните организации може да се финасираат од буџетите на локалните самоуправи, особено кога станува збор за финасирање на масовни спортски настани од значење за општината.

## **Б. Национални спортски организации (НСО)**

Национални спортски организации (НСО) (понекогаш се нарекува Национална спортска федерација - НСФ), претставуваат национално раководно тело за одредени спортови во нашата држава. Финасирањето на овие спортски организации може да биде од буџетот на државата, но во најголем процент тие се финасирани од нивното членување во повисок орган кој е надлежен за национата спортска организација (на пример: Фудбалската федерација на Македонија најголемиот процент на

финасии доаѓа од страна на Светската или Европска фудбалска асоцијација).

### В. Меѓународни спортски федерации (ISF или IF)

Меѓународните спортски федерации се меѓународно регулаторно тело за секој спорт одделно. Има меѓународни спортски организации како Меѓународниот олимписки комитет кој води грижа за организација на професионално спортско натреварување на повеќе спортови во исто време кои имаат предзнак Олимписки. Меѓународните организации можат да имаат и континентално значење.

### Г. Мулти-спортска организација (МСО)

Мулти-спортска организација (МСО) е одговорна за многу различни спортови и иако не е одговорна за управување со спортот, МСО обично го надгледува спроведувањето на поддршката на спортистите. Примери на мулти-спортски организации кај нас се Македонскиот олимписки комитет и Меѓународниот параолимписки комитет на Македонија.

Разликите во пристапот кон дефинирање на спортските клубови помеѓу источниот (социјалистички) и западниот (капиталистички) блок сѐ уште се евидентни, односно нашиот начин на гледање и дефинирање на спортските организации, е дека тие се непрофитни организации, со изразит карактер и припадност на невладин/граѓански сектор. Сепак, тоа не значи дека спортскиот клуб претставува невладина организација, односно неговата поврзаност со невладиниот сектор се пронаоѓа

исклучиво во фактот дека државата не може да биде на кој било начин ниту основач, ниту да членува и да биде дел од структурите на спортскиот клуб.

Во секој случај, спортскиот клуб како основна клетка на спортската организираност, не може и не смее да биде заобиколен по однос на прашањата за повисока форма на здружување, во која секој клуб треба да има можност за директно одлучување, преку своите претставници. Секој друг начин, повторно отвора простор за разни политички влијанија во кои спортот најчесто останува како губитник.

Во нашата држава со Законот за здруженија и фондации[13] со кој се уредува начинот, условите и постапката за основање, регистрација и престанок на здруженијата, фондациите, сојузите, организационите облици на странските организации во Македонија, имотот со кој располагаат, надзорот, статусните промени и статусот на организациите од јавен интерес, се уредува и се дефинира основниот облик на организираност на спортската организација.

Политиката насочена кон спортските организации и спортската активност ги има поставено три основни задачи прикажани на Слика 9, и тоа (Bjelajac, 2006):

1. Политика на развој на специфична спортска политика,
2. Политика на развој на најдобри форми на организација, и
3. Политика на развој на нови модели во оваа област

[13] Службен весник на РМ, бр.52 од 16.04.2010 година.




**Слика 9**. Сликовит приказ на политиките за развој на една спортска организација

Што се однесува до развојот на специфичната спортска политика, таа се заснова врз постигнато ниво на развој во целина, развој на спортот во светот, како и неговиот социјално-економски и културен развој, степенот на демократизација и развојот на воспитно-образовниот процес. На спортот му треба добро планирање како метод за поврзување, усогласување и задоволување на општите и индивидуалните потреби и интереси.

Спортските организации се организираат заради реализација и усогласување на интересите на граѓаните и развојот на спортските активности. Спортските клубови се основни институции со организирани спортски активности и тие се

засноваат врз тесно клупски интереси, што секако ја отежнува реализацијата на пошироките општествени цели.

Главна Тема 6

# НАУЧНА И ОПШТЕСТВЕНА ОПРАВДАНОСТ НА ИСТРАЖУВАЊАТА ВО СПОРТОТ

Факт е дека до сега институционалниот интерес за унапредување и развојот на спортот не бил на потребно ниво, затоа што секогаш спортот како општествена дејност бил маргинализиран и потиснуван во корист на некои други општествени области за кои државата имала значителен интерес. Затоа во оваа книга ќе бидат презентирани неколку различни истражувања кои се насочени кон општествено-правни аспекти на спортот, а се реализирани преку ставовите и мислењата на нашите граѓани за унапредување и развој на спортот без оглед на нивната верска, социјална, полова, образовна и друга припадност.

Ако методот се разбира како начин преку кој се доаѓа до вистинити сознанија, тогаш би можело да се анализира дали при изучување на социјалните аспекти на општествените појави тежиштето треба да се постави на теориски (хипотетско-дедуктивен) или емпириски (индуктивен) пристап. Изгледа дека во до сегашните социолошки истражувања, особено кај нас, доминантен е теоретскиот пристап. Ако истражувањето се разбира како процес, а методот како истражувачка постапка и ако се следи логиката на внатрешна структура на проектираните истражувања, тогаш може да се зборува за фазите на социолошките истражувања кои се во функција на прибирање на податоци и во функција на нивна анализа.

Актуелноста и општествената оправданост на проучувањето на спортот во нашата држава, произлегуваат од следново: во нашата држава постои сериозна основа за институционално решавање на спортот, како и решавање на проблемот со кадровскиот потенцијал и организациската поставеност на спортот, негово законско и системско организирање, како и воспоставување на нов модерен систем на менаџмент во спортот, унапредување и развивање на нови спортски дисциплини, како и спорт за лица со попреченост.

Општествената оправданост на истражувањата во оваа книга се состои во тоа дека е зголемен интересот на заедницата за спортот. Тој е посебно доминантен кај младата популација, што би довело кон зголемување на нивото на млади луѓе кои сѐ повеќе се одлучуваат да му се приклучат на спортот како одговор на сите негативни влјанија што го зафатија нашето општество. Имено, за едно цивилизирано општество какво што се стреми да стане нашата држава, многу е значајно постојано да се унапредува и развива односот меѓу институциите на системот кои се надлежни во областа на спортот.

Општествената оправданост на истражувањето кое е дел од оваа книга е во афирмацијата на важноста од зачувување на спортската база, како вредност сама по себе, а не како агрегат на **идеолошкото оправдување** на принципите на слободниот пазар, или акумулатор во функцијата на **регрутирање** на идни врвни спортисти.

Така, афирмацијата на спортот како игра, упатува на спортската практика како форма на непотчинување на каузалноста на општествените односи, претставувајќи го спортот како основа за слобода кој е процес на самокреација, или дејност преточена во игра.

Темата на оваа книга претставува придонес во науката особено во делот на општествените и хуманистички науки, од причини што истата се потпира врз достигања на современата наука, но во исто време претставува апликативна студија која има за цел да го отвори патот на спортот во едно современо општествено.

Научното значење на книгата се состои во откривањето нови научни сознанија и факти, со цел да се даде директен теоретски и практичен придонес во насока на зголемување на ефикасноста на системското организирање на спортот во нашата држава и негово цврсто етаблирање како општествена дејност која претставува огромен бенефит за нашата држава.

Главна Тема 7

# ИСТРАЖУВАЊЕ ПОВРЗАНО СО СПОРТОТ И ИДЕНТИТЕТОТ (Емпирија)

Во период помеѓу 2018 и 2019 година беше реализиран меѓународен научно-истрачувачки проект насловен: „Влијанието на приврзаноста на државните репрезентации врз националниот идентитет во Македонија“. Истражувањето беше реализирано преку Факултетот за физичко образование, спорт и здравје од Скопје, под покровителство на Министерството за образование и наука на Македонија. Целта на истражувањето беше да се утврдат разликите во оценката на јавноста, персоналната оценка, персоналната поврзаност, чувството на поврзаност, вклученоста и свесноста, во однос на идентификацијата со националните репрезентации, идентификацијата со политичките партии, етничката и религиската припадност.

Од теоретско гледиште, ова истражување унапреди некои од предходните истражувања кои се имаат занимавано со иста ваква проблематика. Спортските тимови се нашироко препознатливи како субјекти. Како резултат на тоа, овие субјекти имаат големо влијание врз општествената заедница во која дејствуваат и функционираат. Па според тоа, основната цел на истражувањето беше да се утврди односот помеѓу приврзаноста на државните репрезентации и националниот идентитет, односно да испита како приврзаноста кон државните репрезентации е поврзана со, т.е. дали придонесува кон јакнење на националниот идентитет. Како резултат на тоа, една од главните задачи беше унапредување на разбирањето на групниот идентитет,

истражувајќи ја приврзаноста на државните репрезентации во колективните спортови, во кои Р.С. Македонија има позначајни успеси на меѓународната сцена и нејзината релација со националниот идентитет. Следната задача се рефлектира во проценување на врската помеѓу погоренаведените димензии на групен идентитет и политичкиот, етничкиот и религискиот идентитет кои се, исто така, изразени во нашата држава. Со истражувањето беа собрани податоци и за демографските карактеристики возраст, пол, образование, и социјален статус.

Емпирискиот дел на истражувањето беше реализиран во три фази:

1. Во првата фаза, истражувачите се запознаа со поголем број доминантни позиции и перцепции во референтната литература кога е во прашање областа на емпириското истражување, со што се подготвуваа за ефикасно спроведување на теренскиот дел од истражувањето;
2. Во втората фаза од истражувањето, испитаниците беа анкетирани и интервјуирани на неколку начини (со личен контакт, на интернет и по телефон).
3. Третата фаза беше насочена кон уредување и анализа на голем квантум на информации добиени од теренскиот дел на истражувањето.

Спроведените анализи на релевантната литература и одредени новинарски текстови, доведоа до сознание дека спортот и идентитетот порано не биле предмет на анализа во домашната научна и стручна јавност. Во овој контекст, насловот на текстот

објавен во дневниот весник “Вечер“ од 2006 година „Визуелниот идентитет на сите македонски спортисти“,[14] е еден од ретките што се однесува на проблематиката за која се пишува во оваа книга. Чувството на припадност или поддржување на одреден спорт или на една од националните спортски репрезентации, во прв ред претставува чувство на припадност кон една нација или, пак, идентификување со тој народ.

Во секој случај, спортот е важен дел од рамката на идентитетот на населението, а националните спортски репрезентации претставуваат важен спортски национален симбол на една држава. Во неговата идентитетска важност, како еден вид симболичен потенцијал со сите свои различности кои ги носи со себе, лежи една од причините за популарноста на спортот како во светски рамки, така и во рамки на нашиот општествен систем.

Многупати се поставува прашањето што всушност значи коментарот на поддржувачите на националните селекции во Македонија за кој не може да се најде рационално образложение или објаснување. Кога нашата национална селекција во кој било од застапените колективни спортови ќе победи, коментарите на нашите граѓани одат во насока „**ПОБЕДИВМЕ!**“. За разлика од тоа, кога таа иста национална спортска репрезентација ќе го загуби натпреварот коментарот на истите тие поддржувачи е „**ЗАГУБИЈА!**“. Овде, на многу реална основа се поставува дилемата дали нашите граѓани кои се поддржувачи на националните спортски репрезентации се идентификуваат со нив

[14] Извор: http://vecer.mk/sport/vizuelen-identitet-za-site-makedonski-sportisti

само во случај кога тие победуваат (потикнуваат чувство на вечни победници), додека, кога губат, не сакаат да имаат емоционална конекција со нив и ги отфрлаат играчите како губитници, дистанцирајќи се од нив. Токму поради ваквите примери спроведено е конкретново научно истражување, каде се анализираше приврзаноста кон националните спортски репрезентации и градењето на идентитет, т.е. идентификување на припадност на одредена нација преку спортот.

### А. Мерни инструменти и учесници во истражувањето

Популацијата во ова истражување е составена од возрасни граѓани кои во времето на истражувањето, престојуваа на територијата на Македонија, а примерок од учесници се обезбеди преку комбинирање или делење, така што со тоа се анализираат различни својства на наведената популација и различните простори во кои тие живеат. Примерокот го сочинуваат вкупно **1005** учесници од достапната популација, кои анонимно и со претходно дадена согласност за учество во истражувањето одговараа на зададениот инструмент за прибирање на податоците. Користен е инструмент адаптиран според моделот на Хер и Џејмс (Heere & James, 2007), кој мери шест димензии на групниот идентитет. Поточно, секој од испитуваните идентитети е проценуван во однос на: а) *оценка на јавноста* (пр. „Други луѓе во целост ја почитуваат нашата нација“); б) *персонална оценка* (пр. „Горд сум што сум припадник на нашата нација“); в) *персонална поврзаност* (пр. „Кога некој ја критикува нашата нација го чувствувам тоа како лична навреда“); г) *чувство на поврзаност* (пр. „На мојот личен живот има влијае сето она што се случува на

нашата нација“); д) *вклученост* (пр. „Активно сум вклучен во збиднувањата кои имаат врска со нашата нација“); и ѓ) *свесност* (пр. „ Ја познавам традицијата и историјата на нашата нација“). На секое од тврдењата се одговара на скала од 1-Во потполност не се согласувам до 7 – Потполно се согласувам. Притоа, повисок скор упатува на поизразена димензија соодветно.

При обработката на податоците, применети се постапки од дескриптивна и инференцијална статистика. Направени се соодветни проверки на нормалност на диструбуцијата за истражуваните варијабли, а разликите меѓу споредуваните групи се утврдени со едноставна анализа на варијанса (ANOVA) и Пост-хок тест (ЛСД-тестот), односно со Хи-квадрат тест, таму каде примената на параметриски статистички постапки не беше можна.

## Б. Анализа на добиените резултати од истражувањето

### 1. Анализа на добиенти резултати врз основа на идентитетот на државните репрезентации

Добиените резултати од истражувањето во 2018-2019 година во оваа книга ќе се презентираат во скратена и резимирана форма. Оттука, најпрво се прави осврт на идентитетот на државната репрезентација, која беше прва форма на групен идентитет кај учесниците. Треба да се има предвид дека кај дел од групните иденти има варијабилни бројки на учесници, од причини што еден дел од нив не сакале да го откријат својот политички или религиски идентитет.

Според **идентитетот на државната репрезентација** учесниците тргнувајќи од своите ставови дефинираа повеќе државни (национални) репрезентации преку кои се идентификуваат, меѓу кои се посочени:

**Табела 7.** Табеларен приказ на фрекфенции и проценти за идентитетот на државни репрезентации

| *Државна репрезентација* | **Фракфенции** | **Процент %** |
|---|---|---|
| *Без одговор* | 53 | 5,3% |
| *Аикидо* | 1 | 0,1% |
| *Атлетска* | 8 | 0,8% |
| *Бокс* | 4 | 0,4% |
| *Боречка* | 4 | 0,4% |
| *Ватерполо* | 6 | 0,6% |
| *Карате* | 15 | 1,5% |
| *Кик бокс* | 4 | 0,4% |
| ***Кошаркарска*** | **196** | **19,5%** |
| *Куглање* | 4 | 0,4% |
| *Одбојкарска* | 27 | 2,7% |
| *Пливачка* | 7 | 0,7% |
| ***Ракометна*** | **353** | **35,1%** |
| *Стрелаштво* | 1 | 0,1% |
| *Триатлон* | 1 | 0,1% |
| ***Фудбалска*** | **318** | **31,6%** |
| *Џудо* | 3 | 0,3% |
| *Вкупно* | 1005 | 100% |




**Графикон 1.** Графички приказ на проценти за идентитетот на државни репрезентации (припадност)

Понатаму, предмет на анализа се само оние идентитети на државна репрезенатција кои имаат значителен процент (%) од учесниците кои најмногу се идентификувале со нив. Овде се вбројуваат следните државни репрезенатции: **ракометна 35,1%, фудбалска 31,6% и кошаркарска 19,5%.**

Во Табела 8 може да се забележи дека **постојат статистички значајни разлики** на ниво 0.01 (p<.01) за пет од вкупно шест испитувани димензии (освен за димензијата *вклученост*) и идентификацијата со националните репрезентации. Со други зборови, учесниците кои најмногу се идентификуваат со **ракометната репрезентација** највисоко ја оценуваат **проценката од јавноста** (F=10.80; p=.000), за разлика од учесниците кои се идентификуваат со кошаркарската репрезенатција, односно со фудбалската репрезентација. Истиот однос се забележува и кај **персоналната оценка** (F=10.64; p=.000) и кај **персоналната поврзаност** (F=4.47; p=.004). Димензиите **чувство на поврзаност** (F=5.30; p=.001) и **свесност** (F=5.66; p=.001) се највисоко проценети кај учесниците кои се идентификуваат со **фудбалската репрезентација**, за разлика од учесниците кои се идентификуваат со ракометната репрезенатција, односно со кошаркарската репрезентација. Поединечните споредби дадени во Табела 9, покажуваат статистички значајни разлики на ниво 0.01, односно на ниво 0.05, речиси помеѓу сите анализирни групи.

**Табела 8.** АНОВА за разлики помеѓу проценуваните варијабли и идентификацијата со националните репрезентации

| **Зависни варијабли** | | **SD** | **df** | **MS** | **F** | **Sig.** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Оценка на јавноста** | Помеѓу групите | 70,059 | 3 | 23,353 | 10,798 | **,000** |
| | Во групите | 2050,333 | 948 | 2,163 | | |
| | Вкупно | 2120,391 | 951 | | | |
| **Персонална оценка** | Помеѓу групите | 85,872 | 3 | 28,624 | 10,641 | **,000** |
| | Во групите | 2549,977 | 948 | 2,690 | | |
| | Вкупно | 2635,849 | 951 | | | |
| **Персонална поврзаност** | Помеѓу групите | 37,475 | 3 | 12,492 | 4,473 | **,004** |
| | Во групите | 2647,201 | 948 | 2,792 | | |
| | Вкупно | 2684,676 | 951 | | | |
| **Чувство на поврзаност** | Помеѓу групите | 44,097 | 3 | 14,699 | 5,300 | **,001** |
| | Во групите | 2623,471 | 946 | 2,773 | | |
| | Вкупно | 2667,568 | 949 | | | |
| Вклученост | Помеѓу групите | 19,777 | 3 | 6,592 | 2,311 | ,075 |
| | Во групите | 2704,224 | 948 | 2,853 | | |
| | Вкупно | 2724,001 | 951 | | | |
| **Свесност** | Помеѓу групите | 45,458 | 3 | 15,153 | 5,657 | **,001** |
| | Во групите | 2539,126 | 948 | 2,678 | | |
| | Вкупно | 2584,585 | 951 | | | |

**Табела 9.** Post-hoc тест на разликите помеѓу проценуваните варијабли и идентификацијата со националните репрезентации

| **Зависни варијабли** | | | **Mean Difference** | **Std. Error** | **Sig.** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Оценка на јавноста** | Фудбалска | Ракометна | -,62230)* | ,11370 | **,000** |
| | | Кошаркарска | -,45555)* | ,13355 | **,001** |
| | | Други | -,16677 | ,17957 | ,353 |
| | Ракометна | Фудбалска | ,62230* | ,11370 | **,000** |
| | | Кошаркарска | ,16675 | ,13100 | ,203 |
| | | Други | ,45552* | ,17768 | **,011** |
| | Кошаркарска | Фудбалска | ,45555* | ,13355 | **,001** |
| | | Ракометна | -,16675 | ,13100 | ,203 |
| | | Други | ,28878 | ,19100 | ,131 |
| | Други | Фудбалска | ,16677 | ,17957 | ,353 |
| | | Ракометна | -,45552)* | ,17768 | **,011** |
| | | Кошаркарска | -,28878 | ,19100 | ,131 |
| **Персонална оценка** | Фудбалска | Ракометна | -,68632)* | ,12680 | **,000** |
| | | Кошаркарска | -,26722 | ,14894 | ,073 |
| | | Други | -,06764 | ,20026 | ,736 |
| | Ракометна | Фудбалска | ,68632* | ,12680 | **,000** |
| | | Кошаркарска | ,41909* | ,14609 | **,004** |
| | | Други | ,61867* | ,19815 | **,002** |
| | Кошаркарска | Фудбалска | ,26722 | ,14894 | ,073 |
| | | Ракометна | -,41909)* | ,14609 | **,004** |
| | | Други | ,19958 | ,21300 | ,349 |
| | Други | Фудбалска | ,06764 | ,20026 | ,736 |
| | | Ракометна | -,61867)* | ,19815 | **,002** |
| | | Кошаркарска | -,19958 | ,21300 | ,349 |
| **Персонална поврзаност** | Фудбалска | Ракометна | -,30629)* | ,12920 | **,018** |
| | | Кошаркарска | -,06034 | ,15175 | ,691 |
| | | Други | -,64967)* | ,20404 | **,001** |
| | Ракометна | Фудбалска | ,30629* | ,12920 | **,018** |
| | | Кошаркарска | ,24595 | ,14885 | ,099 |
| | | Други | -,34338 | ,20190 | ,089 |
| | Кошаркарска | Фудбалска | ,06034 | ,15175 | ,691 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Ракометна | -,24595 | ,14885 | ,099 |
| | | Други | -,58933)* | ,21702 | **,007** |
| | Други | Фудбалска | ,64967* | ,20404 | **,001** |
| | | Ракометна | ,34338 | ,20190 | ,089 |
| | | Кошаркарска | ,58933* | ,21702 | **,007** |
| **Чувство на поврзаност** | Фудбалска | Ракометна | ,35871* | ,12893 | **,006** |
| | | Кошаркарска | ,37773* | ,15123 | **,013** |
| | | Други | -,24005 | ,20334 | ,238 |
| | Ракометна | Фудбалска | -,35871)* | ,12893 | **,006** |
| | | Кошаркарска | ,01903 | ,14849 | ,898 |
| | | Други | -,59876)* | ,20131 | **,003** |
| | Кошаркарска | Фудбалска | -,37773)* | ,15123 | ,013 |
| | | Ракометна | -,01903 | ,14849 | ,898 |
| | | Други | -,61779)* | ,21628 | **,004** |
| | Други | Фудбалска | ,24005 | ,20334 | ,238 |
| | | Ракометна | ,59876* | ,20131 | **,003** |
| | | Кошаркарска | ,61779* | ,21628 | **,004** |
| Вклученост | Фудбалска | Ракометна | ,21448 | ,13058 | ,101 |
| | | Кошаркарска | ,31760* | ,15338 | ,039 |
| | | Други | -,11273 | ,20623 | ,585 |
| | Ракометна | Фудбалска | -,21448 | ,13058 | ,101 |
| | | Кошаркарска | ,10312 | ,15045 | ,493 |
| | | Други | -,32721 | ,20406 | ,109 |
| | Кошаркарска | Фудбалска | -,31760)* | ,15338 | **,039** |
| | | Ракометна | -,10312 | ,15045 | ,493 |
| | | Други | -,43033 | ,21935 | ,050 |
| | Други | Фудбалска | ,11273 | ,20623 | ,585 |
| | | Ракометна | ,32721 | ,20406 | ,109 |
| | | Кошаркарска | ,43033 | ,21935 | ,050 |
| **Свесност** | Фудбалска | Ракометна | ,06983 | ,12653 | ,581 |
| | | Кошаркарска | ,35492* | ,14862 | ,017 |
| | | Други | -,50641)* | ,19983 | **,011** |
| | Ракометна | Фудбалска | -,06983 | ,12653 | ,581 |
| | | Кошаркарска | ,28509 | ,14578 | ,051 |
| | | Други | -,57623)* | ,19773 | **,004** |
| | Кошаркарска | Фудбалска | -,35492)* | ,14862 | **,017** |
| | | Ракометна | -,28509 | ,14578 | ,051 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Други | -,86132)* | ,21255 | **,000** |
| | Други | Фудбалска | ,50641* | ,19983 | **,011** |
| | | Ракометна | ,57623* | ,19773 | **,004** |
| | | Кошаркарска | ,86132* | ,21255 | **,000** |

Забелешка: *p<0.05

## 2. Анализа на добиените резултати врз основа на идентитетот на етничката припадност (националност)

**Табела 10.** Табеларен приказ на фрекфенции и проценти за идентитетот според етничката припадност

| ***Етничка припадност*** | **Фрекфенции** | **Процент %** |
|---|---|---|
| *Без одг0вор* | 45 | 4,5% |
| *Албанска* | 101 | 10,1% |
| *Американска* | 2 | 0,2% |
| *Бошњачка* | 14 | 1,4% |
| *Бугарска* | 2 | 0,2% |
| *Влаинска* | 1 | 0,1% |
| *Германска* | 1 | 0,1% |
| *Грчка* | 3 | 0,3% |
| *Италијанска* | 3 | 0,3% |
| *Македонска* | 745 | 74,1 |
| *Ромска* | 3 | 0,3% |
| *Руска* | 2 | 0,2% |
| *Србска* | 40 | 4,0% |
| *Турска* | 32 | 3,2% |
| *Хрватска* | 6 | 0,6% |
| *Црногорска* | 5 | 0,5% |
| *Вкупно* | 1005 | 100% |




**Графикон 2.** Графички приказ на проценти за идентитетот според етничката припадност

Од анализата прикажана во Табела 11, може да се забележи дека **постојат статистички значајни разлики на ниво 0.01** во димензијата *персонална оценка* (F=13.19; p=.000), и **на ниво 0.05** во димензијата *свесност* (F=4.56; p=.011), во однос на етничката припадност на учесниците. Со други зборови, кај Македонците овие аспекти се највисоко проценети, додека кај Албанците се најниско проценети. Поединечните споредби се дадени во Табела 12 и покажуваат статистички значајни разлики на ниво 0.01, односно на ниво 0.05, помеѓу анализираните групи за димензијата персонална оценка, односно за споредбите помеѓу Македонците и Албанците за димензијата свесност.

**Табела 11.** АНОВА за разлики помеѓу проценуваните варијабли и етничката припадност

| Варијабли | Македонска | | Албанска | | Друга | | F | Sig. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Mean | SD | Mean | SD | Mean | SD | | |
| Оценка на јавноста | 4,25 | 1,43 | 4,02 | 1,43 | 4,08 | 1,49 | 1,56 | ,212 |
| **Персонална оценка** | **5,82** | **1,50** | **4,99** | **1,88** | **5,42** | **1,65** | **13,19** | **,000** |
| Персонална поврзаност | 4,84 | 1,62 | 4,66 | 1,62 | 4,55 | 1,57 | 2,02 | ,133 |
| Чувство на поврзаност | 4,33 | 1,69 | 4,34 | 1,58 | 4,16 | 1,66 | 0,59 | ,556 |
| Вклученост | 4,11 | 1,61 | 3,97 | 1,40 | 4,08 | 1,60 | 0,27 | ,761 |
| **Свесност** | **5,19** | **1,47** | **4,70** | **1,62** | **5,03** | **1,42** | **4,56** | **,011** |

**Табела 12.** Post-hoc тест на разликите помеѓу персоналната оценка, свесноста и етничката припадност

| **Зависни варијабли** | | | **M** | **Std. Error** | **Sig.** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Оценка на јавноста** | Македонска | Албанска | ,23039 | ,16231 | ,156 |
| | | Друга | ,16796 | ,13825 | ,225 |
| | Албанска | Македонска | -,23039 | ,16231 | ,156 |
| | | Друга | -,06243 | ,19968 | ,755 |
| | Друга | Македонска | -,16796 | ,13825 | ,225 |
| | | Албанска | ,06243 | ,19968 | ,755 |
| **Персонална оценка** | **Македонска** | **Албанска** | **,82740*** | **,17608** | **,000** |
| | | **Друга** | **,39609*** | **,14997** | **,008** |
| | **Албанска** | **Македонска** | **-,82740)*** | **,17608** | **,000** |
| | | **Друга** | **-,43131)*** | **,21661** | **,047** |
| | **Друга** | **Македонска** | **-,39609)*** | **,14997** | **,008** |
| | | **Албанска** | **,43131*** | **,21661** | **,047** |
| **Персонална поврзаност** | Македонска | Албанска | ,18019 | ,18179 | ,322 |
| | | Друга | ,28810 | ,15484 | ,063 |
| | Албанска | Македонска | -,18019 | ,18179 | ,322 |
| | | Друга | ,10791 | ,22364 | ,630 |
| | Друга | Македонска | -,28810 | ,15484 | ,063 |
| | | Албанска | -,10791 | ,22364 | ,630 |
| | Македонска | Албанска | -,00874 | ,18921 | ,963 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Чувство на поврзаност** | | Друга | ,17221 | ,16116 | ,286 |
| | Албанска | Македонска | ,00874 | ,18921 | ,963 |
| | | Друга | ,18095 | ,23273 | ,437 |
| | Друга | Македонска | -,17221 | ,16116 | ,286 |
| | | Албанска | -,18095 | ,23273 | ,437 |
| **Вклученост** | Македонска | Албанска | ,13251 | ,17955 | ,461 |
| | | Друга | ,02134 | ,15346 | ,889 |
| | Албанска | Македонска | -,13251 | ,17955 | ,461 |
| | | Друга | -,11117 | ,22119 | ,615 |
| | Друга | Македонска | -,02134 | ,15346 | ,889 |
| | | Албанска | ,11117 | ,22119 | ,615 |
| **Свесност** | **Македонска** | **Албанска** | **,48905*** | **,16789** | **,004** |
| | | Друга | ,16434 | ,14276 | ,250 |
| | **Албанска** | **Македонска** | **-,48905)*** | **,16789** | **,004** |
| | | Друга | -,32471 | ,20649 | ,116 |
| | Друга | Македонска | -,16434 | ,14276 | ,250 |
| | | Албанска | ,32471 | ,20649 | ,116 |

## 3. Анализа на добиените резултати врз основа на идентитетот според политичка припадност

**Табела 13.** Табеларен приказ на фрекфенции и проценти за идентитетот според политичката припадност

| ***Политичка парија*** | **Фрекфенција** | **Процент %** |
|---|---|---|
| *Беса* | 3 | 0,4 % |
| ***Вмро*** | **274** | **42,2%** |
| *Гром* | 10 | 1,5% |
| *Дом* | 5 | 0,7% |
| *Дпа* | 6 | 0,9% |
| *Дпсм* | 2 | 0,3% |
| *Дср* | 1 | 0,1% |
| ***Дуи*** | **105** | **16,2%** |
| *Лдп* | 4 | 0,4% |
| *Левица* | 7 | 1,0% |
| *Лп* | 1 | 0,1% |
| *Ом* | 1 | 0,1% |
| ***Сдсм*** | **220** | **33,9%** |
| *Спм* | 1 | 0,1% |
| *Дпт* | 8 | 1,2% |
| *Вкупно* | 648 | 100% |




**Графикон 3.** Графички приказ на проценти за идентитетот според политичка припадност

Од анализата прикажана во Табела 14, може да се забележи дека **не постојат статистички значајни разлики** помеѓу испитуваните аспекти и идентификацијата со политичките партии.

**Табела 14.** АНОВА за разлики помеѓу проценуваните варијабли и политичка припадност

| **Варијабли** | **Вмро** | | **Сдсм** | | **Дуи** | | **F** | **Sig.** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Mean | SD | Mean | SD | Mean | SD | | |
| **Оценка на јавност** | 4,39 | 1,64 | 4,15 | 1,56 | 4,01 | 1,48 | 2,76 | ,064 |
| **Персонална оценка** | 4,96 | 1,73 | 4,87 | 1,76 | 4,86 | 1,73 | 0,22 | ,805 |
| **Персонална поврзаност** | 3,90 | 1,76 | 3,90 | 1,77 | 3,73 | 1,70 | 0,41 | ,664 |
| **Чувство на поврзаност** | 3,92 | 1,78 | 3,93 | 1,71 | 3,82 | 1,78 | 0,17 | ,841 |
| **Вклученост** | 3,84 | 1,75 | 3,72 | 1,87 | 3,83 | 1,70 | 0,30 | ,741 |
| **Свесност** | 4,34 | 1,76 | 4,15 | 1,85 | 4,16 | 1,66 | 0,81 | ,445 |

## 4. Анализа на добиените резултати врз основа на идентитетот според религиска припадност (вероисповед)

**Табела 15.** Табеларен приказ на фрекфенции и проценти за идентитетот според  религиската припадност

| ***Вероисповед*** | **Фрекфенции** | **Процент %** |
|---|---|---|
| *Без Одговор* | 50 | 5,0% |
| *Атеист* | 1 | 0,1% |
| *Будизам* | 10 | 1,0% |
| ***Ислам*** | **148** | **14,7%** |
| ***Католик*** | **38** | **3.8%** |
| ***Православна*** | **757** | **75,3%** |
| *Протестантска* | 1 | 0,1% |
| *Вкупно* | 1005 | 100% |




**Графикон 4.** Графички приказ на проценти за идентитетот според религиската припадност

Од анализата прикажана во Табела 16 може да се забележи дека **постојат статистички значајни разлики** на **ниво 0.01**, односно на **ниво 0.05** помеѓу сите шест испитувани димензии и религиската припадност. Со други зборови, учесниците од Православна вероисповест највисоко ја оценуваат **проценката од јавноста** (F=15.68; p=.000), за разлика од учесниците од Исламска, односно од Католичка вероисповест. Истиот однос се забележува и кај **персоналната оценка** (F=15.69; p=.000), и кај **персоналната поврзаност** (F=5.00; p=.007). Димензиите **чувство на поврзаност** (F=3.08; p=.046), **вклученост** (F=8.68; p=.000) и **свесност** (F=3.91; p=.020) се највисоко проценети од учесниците од Исламска вероисповест, во споредба со учесниците од Православна, односно од Католичка вероисповест. Поединечните споредби дадени во Табела 17., покажуваат статистички значајни разлики на ниво 0.01, односно на ниво 0.05, речиси помеѓу сите анализирни групи.

**Табела 16.** АНОВА за разлики помеѓу проценуваните варијабли и религиска припадност

| **Варијабли** | **Православна** | | **Ислам** | | **Католичка** | | **F** | **Sig.** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Mean | SD | Mean | SD | Mean | SD | | |
| **Оценка на јавност** | 5,03 | 1,41 | 4,50 | 1,58 | 4,13 | 1,65 | 15,68 | **,000** |
| **Персонална оценка** | 6,16 | 1,19 | 5,82 | 1,51 | 5,21 | 1,86 | 15,69 | **,000** |
| **Персонална поврзаност** | 5,22 | 1,56 | 5,15 | 1,63 | 4,49 | 1,85 | 5,00 | **,007** |
| **Чувство на поврзаност** | 4,36 | 1,59 | 4,47 | 1,55 | 3,83 | 1,73 | 3,08 | **,046** |
| **Вклученост** | 3,56 | 1,69 | 4,16 | 1,77 | 3,28 | 1,73 | 8,68 | **,000** |
| **Свесност** | 4,92 | 1,50 | 5,12 | 1,57 | 4,43 | 1,47 | 3,91 | **,020** |

**Табела 17.** Post-hoc тест на разликите помеѓу проценуваните варијабли и религиска припадност

| **Зависна варијабла** | | | **M** | **SE** | **Sig.** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Оценка на јавност** | **Православна** | **Ислам** | **,52548*** | **,13021** | **,000** |
| | | **Католичка** | **,90332*** | **,21153** | **,000** |
| | **Ислам** | **Православна** | **-,52548)*** | **,13021** | **,000** |
| | | Католичка | ,37784 | ,23696 | ,111 |
| | **Католичка** | **Православна** | **-,90332)*** | **,21153** | **,000** |
| | | Ислам | -,37784 | ,23696 | ,111 |
| **Персонална оценка** | **Православна** | **Ислам** | **,33759*** | **,11583** | **,004** |
| | | **Католичка** | **,95074*** | **,18817** | **,000** |
| | **Ислам** | **Православна** | **-,33759)*** | **,11583** | **,004** |
| | | **Католичка** | **,61315*** | **,21079** | **,004** |
| | **Католичка** | **Православна** | **-,95074)*** | **,18817** | **,000** |
| | | **Ислам** | **-,61315)*** | **,21079** | **,004** |
| **Персонална поврзаност** | **Православна** | Ислам | ,07129 | ,14228 | ,616 |
| | | **Католичка** | **,72992*** | **,23114** | **,002** |
| | **Ислам** | Православна | -,07129 | ,14228 | ,616 |
| | | **Католичка** | **,65863*** | **,25892** | **,011** |
| | **Католичка** | **Православна** | **-,72992)*** | **,23114** | **,002** |
| | | **Ислам** | **-,65863)*** | **,25892** | **,011** |
| Чувство на поврзаност | **Православна** | Ислам | -,11512 | ,14265 | ,420 |
| | | **Католичка** | **,52227*** | **,23174** | **,024** |
| | **Ислам** | Православна | ,11512 | ,14265 | ,420 |
| | | **Католичка** | **,63739*** | **,25960** | **,014** |
| | **Католичка** | **Православна** | **-,52227)*** | **,23174** | **,024** |
| | | **Ислам** | **-,63739)*** | **,25960** | **,014** |
| **Вклученост** | **Православна** | **Ислам** | **-,59763)*** | **,15402** | **,000** |
| | | Католичка | ,27776 | ,24927 | ,265 |
| | **Ислам** | **Православна** | **,59763*** | **,15402** | **,000** |
| | | **Католичка** | **,87540*** | **,27931** | **,002** |
| | **Католичка** | Православна | -,27776 | ,24927 | ,265 |
| | | **Ислам** | **-,87540)*** | **,27931** | **,002** |
| **Свесност** | **Православна** | Ислам | -,19801 | ,13634 | ,147 |
| | | **Католичка** | **,49211*** | **,22080** | **,026** |
| | **Ислам** | Православна | ,19801 | ,13634 | ,147 |
| | | **Католичка** | **,69011*** | **,24750** | **,005** |
| | **Католичка** | **Православна** | **-,49211)*** | **,22080** | **,026** |
| | | **Ислам** | **-,69011)*** | **,24750** | **,005** |

Добиените резултати разгледани по блокови, упатуваат на неколку важни заклучоци. Во интерес на темата на книгата и расположливиот простор, ќе бидат продискутирани само некои поинтересни наоди. На пример, наодите во однос на шесте анализирани димензии на групен идентитет и етничката припадност на учесниците, покажуваат дека оние кои се изјасниле како Македонци, значително повеќе се чувствуваат среќни и горди што припаѓаат на македонската нација, споредено со другите анализирани групи. Овие учесници, воедно, манифестираат и највисока свесност за својата нација, изјавувајќи дека ја познаваат детално нејзината традиција и историја, како и нејзините подеми и падови.

Кога станува збор за религискиот идентитет и неговата релација со шесте испитувани димензии, може да се констатира дека учесниците кои се изјасниле како Православни Христијани, проценуваат дека јавноста (односно другите луѓе) има позитивно мислење и покажува почит кон нивната религија, а тие лично се среќни и горди што се нејзини припадници. Воедно, нивната приврзаност за оваа религија е значаен дел од нивната слика за себе и себеразбирањето, така што и пофалбите и критиките упатени кон неа ги доживуваат мошне лично. Што се однесува до преостанатите три димензии, истражувачките резултати посочуваат дека тие се највисоко проценети од страна на учесниците кои се идентификуваат со Исламот. Согласно нивните одговори, може да се констатира дека тие ја познаваат детално традицијата и историјата, како и подемите и падовите на нивната религија, активно се вклучени во збиднувањата кои се поврзани со

оваа религија, односно тоа што се случува и е поврзано со Исламот до одреден степен или значајно ги засега и нив, поради што изјавуваат дека потенцијалните промени кои би ја засегнале оваа религија, би ги засегнале и нивните животи.

Секако, најинтересниот дел од истражувањето, е оној кој се однесува на идентификувањето на учесниците со државните репрезентации. Согласно истражувачките наоди, може да се заклучи дека помеѓу учесниците преовладува идентификацијата со ракометната репрезентација на нашата држава, после што со мало заостанување следува идентификацијата со фудбалската репрезентација. Проценката на учесниците кои се идентификуваат со ракометната репрезентација, е дека јавноста (односно другите луѓе) има позитивно мислење и покажува почит кон репрезентацијата, а тие лично се среќни и горди што се нејзини навивачи. Воедно, нивната приврзаност за репрезентацијата е значаен дел од нивната слика за себе и себеразбирањето, така што и пофалбите и критиките ги доживуваат мошне лично. Што се однесува, пак, до учесниците кои повеќе се идентификуваат со фудбалската репрезентација нивната активна вклученост во поддршката и настаните поврзани со репрезентацијата (согласно нивните одговори), е во тесна релација со чувството на поврзаност со репрезентацијата. Оттаму, сето тоа што се случува со фудбалската репрезентација до одреден степен или значајно ги засега и нив, поради што изјавуваат дека потенцијалните промени кои би ја засегнале оваа репрезентација, би ги засегнале и нивните животи.

Ваквите наоди не се изненадувачки, со оглед на фактот што во изминатиот период, овие две репрезентации ги забележаа и најзначајните резултати на големите спортски натпреварувања во нашата поблиска историја. Практичната потврда на голем дел од погоренаведените констатации можеше да се посведочи и во начинот на кој беа пречекувани репрезентативците при нивните враќања од натпреварите, почнувајќи од меѓународниот аеродром во Скопје, па сѐ до централните прослави на градскиот плоштад. Во насока на иницијалната идеја на истражувањето, добиените истражувачки резултати емпириски го потврдија тоа што претходно постоеше како здраворазумски впечаток – дека спортот е важен дел од рамката на идентитетот на голем дел од населението и дека кога државната репрезентација победува, победници се сите, вклучително и оние кои навиваат. За различни поединци победата може да биде помалку или повеќе важна, но едно е сигурно – никој не останува рамнодушен, а за некои (кои и не се во така мал број) таа е суштински дел од нивниот личен идентитет. Оттука, популарноста на спортот во рамки на нашиот општествен систем воопшто не е случајна, што дава силно издржана поддршка за натамошни, уште поинтензивни и посериозни чекори кон воспоставување и градење на систем и механизми за унапредување и развој на спортот, како на локално, така и на национално ниво.

# Библиографија:

Анастасовски, А., Анастасовски, И. (2002). *Спорт, насилство и култура*, Скопје: ФФК, Универзитетска бибиотека.

Анастасовски, И. (2018). *Социологија на физичко образование и спортот*, Скопје: Интернет книга, Универзитет Св. Кирил и Методиј, ФФОСЗ

Анастасовски, И. (2020). *Како до поголема професионалност во спортот,* Скопје: Стручен текст, РесПублика, публикуван на 20 Јануреаи 2020.

Анастасовски, И., Нанев, Л. (2011). *Спорт и право*, Скопје: ФФК, Издавач: ГИ ГЛОБАЛ – Скопје

Анастасовски, И., Стојаноска, Т. (2010). *Насилство, агресија и спорт*, Скопје: ФФК, Флексограф.

Кепеска, Ј. (2000). *Теми од социологијата на спортот*, Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филозофски факултет, печати: Народна и Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски"

Куљиђ, Р., Коковиђ, Д. (2014). *Социологија и социологија спорта*, Нови Сад: Факултет спорта и физичког васпитања, СВЕН д.о.о.

Невчева, Ц. (2020). Позицијата на спортот во македонските медиуми, Скопје: *4та Меѓународна научна конференција во физичкото образование, спортот и здравјето*, 04-06 јуни, Република Северна Македонија.

Николов, И. (2019). Разлики во ставовите на испитаниците за националниот идентитет и националната кошаркарска репрезентација во македонија, Докотрски труд, ФФОСЗ, УКИМ.

Рајчинова-Николова, Б. (2015). *Поимот национален идентитет виден низ македонските печатени медиуми.* Култура, UDC 316.77:323.1]:070(497.7)

Abel, B. et all. (2008). The transatlantic fed: from individual stories of disability to collective action, In: Pollard N. at all editors: *Political practice in occupational therapy*, Edinburgh: Elsevier science, 175-181.

Anastasovski, I. (2012). *Globalisation and sport*, Beograd: Expert text published on internet portal www.savremenisport.com.

Anastasovski, I. (2014). *Sport kao plan lokalne zaednice*, Beograd: stručan tekst, Internet portal: www.savremenisport.com, objavljeno na 17.07.2014.

Bairner, A. (2001). *Sport, Nationalism, and Globalization: European and North American Perspectives*. State University of New York Press

Barrie, H. (1994). *Sport and International politics*, New York: Harvester Wheatsheaf.

Bertapelle, R. (2013). *Sport i globalizacija-Uloga menadzmenta*, Čakovac: Završni rad, Međimursko veleučilište u Čakovcu

Bjelajac, S. (2006). *Sport i društvo*, Split: Fakultet prirodoslovno-matematičkih znanosti i kineziologije Sveučilišta u Splitu, ISBN-13: 978-953-7155-08-7

Blodgett, A. T., Ge, Y., Schinke, R. J., & McGannon, K. R. (2017). Intersecting identities of elite female boxers: Stories of cultural difference and marginalization in sport. *Psychology of Sport and Exercise*, 32, 83–92

Bonde, H. (2022). Sport og national identitet. J.P. Müller og dansk roning ca. 1880-1900. *Historisk Tidsskrift*, 121(2), 395–427

Brewer, B. W., Van Raalte, J. L., & Linder, D. E. (1993). Athletic identity: Hercules' muscles or Achilles heel? *International Journal of Sport Psychology*, 24, 237–254

Cote, J. E. & Levine, C. G. (2002). *Identity Formation, Agency, and Culture*. Lawrence Erlbaum, Mahwah, NJ.

Culver, D. M., Gilbert, W. D., & Trudel, P. (2003). A decade of qualitative research in sport psychology journals: 1990-1999. *The Sport Psychologist*, 17(1), 1–15.

Đurđević, N. (2007). *Javne vlasti i sport*. Kragujevac: Pravni fakultet Univerziteta u Kragujevcu

Erikson, E.H. (1968). *Identity: Youth and Crisis*, Book

Erpič Cecić, S., Wylleman, P., Zupančič, M. (2004). The Effect of Athletic and Non-Athletic Factors on the Sports Career Termination Process. *Psychology of Sport and Exercise*, 5 (1), 45–59.

Eubank, M., Ronkainen, N., Tod, D. (2020). New Approaches to Identity in Sport. *Journal of Sport Psychology in Action,* 11(4), 215-218, https://doi.org/10.1080/21520704.2020.1835134.

Fon Hajek, F. (1972). *Poredak slobode*, Novi Sad: Global Book

Giddens, A. (1999). *Globalization.* Routledge, London

Giulianotti, R. & Robertson, R. (2007). Sport and globalization: transnational dimensions, Global network, *A Journal of traditional affairs*, 7(2), 107-112.

Grove, J. R., Lavallee, D., Gordon, S. (1997). Coping with Retirement from Sport: The Influence of Athletic Identity. *Journal of Applied Sport Psychology,* 9(2), 191–203.

Held, D., McGrew, A. (2003). *The Global Transformations Reader: An Introduction to the Globalization Debate*, Cambridge

Hirst, P., Thompson, G. (2001). *Globalizacija: međunarodno gospodarstvo i mogućnosti upravljanja.* Zagreb: Liberata

Hoberman, J. (1993). Sport and Ideology in the Post-Communist Age. In: L. Allison (Ed.). *The Politics of Sport*. Manchester: Manchester University Press, 15–36

Hood, C. (1991). A public management for all seasons? *Public Adm* 69(1), 93–109

Jarvie, G. (1993). Sport, Nationalism, and Cultural Identity. In: L. Allison (Ed.), *The Changing Politics of Sport*. Manchester, United Kingdom: Manchester University Press, 58–83

Kellas, J. G. (1991). *The Politics of Nationalism and Ethnicity*. Basingstoke, United Kingdom: Macmillan

Lapsley. I., Pallot, J. (2000). Accounting, management and organizational change: a comparative study of localgovernment. *Manag Acc Res* 11(2), 213–229

Link, D. & Lames, M. (2009). Sport Informatics – Historical Roots, Interdisciplinarity and Future Developments. *IJCSS*, 8(2).

Mangan, J. A. (Ed.). (2001). *Europe, sport, world: Shaping global societies*. Frank Cass

McGannon, K. R., Pomerleau-Fontaine, L., & McMahon, J. (2020). Extreme sport, identity, and well-being: A case study and narrative approach to elite skyrunning. *Case Studies in Sport and Exercise Psychology*, 4, (S1), S1-8–S1-16

McGill, S.M. (2004). *Ultimate back fitness and performance*. Waterloo, Ontario, Canada: Wabundo Publishers

Meguire, A. J. (1994). Sport, identity politics and globalization: Diminishing contrasts and increasing varieties, *Sociology of sport journal,* 11(4), 410.

Meguire, A. J. (2001). Globalization, sport and national identities, *Sport in Society, Cultures, Commerce, Media, Politics*, 14(7-8), 978-993.

Miller, D. (1995). *On Nationality*. Oxford: Clarendon Press

Murray, S. (2012). *Sports-Diplomacy: a hybrid of two halves*. This paper is the beginning of a research agenda into sports-diplomacy by several members of the Diplomatic Studies Section of the International Studies Association. Elements of this research ape presented at the ISA San Diego Convention in 2012, or the joint BISA/ISA session in June 2012, Edinburgh, Scotland.

Nešić, M. (2007). *Menaďment u sportu*. Novi Sad: TIMS

Patterson, P. D., Moore, C. G., Probst, J. C. & Shinogle, J. A. (2004). Obesity and physical inactivity in rural America. *Journal of Rural Health*, 20(2), 151-159.

Ritzer, G. (2008). *Modern Sociological Theory*. Fourth Edition, McGraw-Hill, New York, New York.

Ronkainen, N. J., Kavoura, A., & Ryba, T. V. (2016). A meta-study of athletic identity research in sport psychology: Current status and future directions. *International Review of Sport and Exercise Psychology*, 9(1), 45–64.

Robertson, R. (1992). *Globalization: Social theory and global culture*. Sage publication

Rowe, D. (2003). Sport and the repudiation of the global. *International Review for the Sociology of Sport*, 38(3), 281–294

Robertson, R. (2001). Globalization Theory 2000+: Major Problematics. In: G. Ritzer, B. Smart (Eds.), *Handbook of Social Theory*, London: SAGE Publications

Sarup, M. (1996). *Identity, Culture and the Postmodern World*. Edinburgh: Edinburgh University Pres

Schinke, R. J., Blodgett, A. T., Ryba, T. V., Kao, S. F., & Middleton, T. R. F. (2019). Cultural sport psychology as a pathway to advances in identity and settlement research to practice. *Psychology of Sport and Exercise*, 42, 58–65

Scholte, J.A. (2000). Globalization: A Critical Introduction, Palgrave, New York

Snow, D. A. & Anderson, L. (1987). Identity Work Among the Homeless: The Verbal Construction and Avowal of Personal Identities. *American Journal of Sociology* 92(6), 1336-71.

Stambulova, N. B., & Ryba, T. V. (2020). Identity and cultural transition: Lessons to learn from a negative case analysis*. Journal of Sport Psychology in Action*, 11, 04.

Staub, E. (2003). *The Psychology of Good and Evil. Why Children, Adults and Groups Help and Harm Others*. Cambridge University Press.

Škaro, D. & Stipetić, V. (2016). *Sport u vremenu globalizacije*. Zagreb. Effectus studij financije i pravo – visoko učilište.

Štakić, Đ. (2000). *Sociologija sporta*, Beograd: Univerzitet u Beogradu

Šurbatović, J. (2014). *Menadzment u sport*, Beograd: Zavod za udzbenike.

Ter Bogt, HJ. & Van Helden, GJ. (2011). The role of consultant-researchers in the design and implementationprocess of a programme budget in a local government organization. *Manag Acc Res* 22(1), 56–64.

Thibault, L. (2009). Globalization of Sport: An Inconvenient Truth, *Journal of Sport Management*, 23, 1-20, Human Kinetics, Inc.

Tomlinson, A. (2021). Globalization and Sport: Reflections and Projections. In: Maguire, J., Liston, K., Falcous. M. (Eds.). *The Palgrave Handbook of Globalization and Sport,* 21-40, Palgrave Macmillan

Touny, A. D. (1990). *History of Sports in Ancient Egypt*, expert text, 83-84.

Veber, M. (2011). *Protestantska etika i duh kapitalizma*, Novi Sad: Mediteran publishing

Vrcan, S. (1990). *Sport i nasilje danas u nas i druge studije iz Sociologije sporta*, Zagreb: Naprjed

Vučetić, M. & Balaško, M. (2013). Globalizacija sporta i nova ekonomija, *Zbornik radova Međimuskog veleučilišta u Čakovcu*, 4(2), 135-139.

Žunjić, S. (2011). Filozofija i modernost, Dialogue & Čigoja štampa.

Интернет извори:

1. https://editorial.uefa.com/resources/025a-0f8430656913-10ccbab24e1d-1000/2018_19_uefa_financial_report.pdf
2. https://op.europa.eu/en/publication-detail/-/publication/09e457a0-04d7-11e9-adde-01aa75ed71a1/language-en/format-PDF/source-84442024
3. https://mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/FINALNA%20Revidirana%20Nacionalna%20Strategija.pdf
4. https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/nacionalna_strategija_za_razvoj_na_konceptot_za_edno_opshtestvo_i_interkulturalizmot_vo_republika_severna_makedonija.pdf

5. http://www.dw.com/mk/
6. https://www.communities-ni.gov.uk/
7. http://mpes.government.bg/
8. www.uchicago.edu/campus/campus-clubsports.htm
9. http://vecer.mk/sport/vizuelen-identitet-za-site-makedonski-sportisti